UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 11

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 11 VOLUME XI

YEAR 2021

**STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2021, Issue Number 11**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski”, Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development “, Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul.”Krste Misirkov” 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# Содржина

Газепова Вероника
**ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ** ........ 3

Данилова Валентина
**ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТОТ ЗА СТОРЕНА ШТЕТА НА КЛИЕНТИ И ТРЕТИ ЛИЦА ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО** ........ 11

IADEVAIA Simona
**LE NUOVE FRONTIERE DELLE POLITICHE MIGRATORIE. QUALE TUTELA PER I DIRITTI DEI MIGRANTI?** ........ 23

ЈОВАНОВ Кристијан
**ПРАВНАТА РАМКА НА ДОГОВОРНИОТ ЗАЛОГ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ** ........ 31

МЕМЕДОВИЌ Неџад
САЛИФОСКА Фатима
**ВОЈНАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА НИЗ ПРИЗМАТА НА ХУМАНИТАРНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ** ........ 43

ПАВЛОВА Ирена
**ЗАШТИТЕН СВЕДОК ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА** ........ 55

СУРЛОВА Розе
**ЕВТАНАЗИЈА – ДОСТОИНСТВЕНА СМРТ ИЛИ КРИВИЧНО ДЕЛО?** ........ 65

ХАЏИ-НИКОЛОВ Лазар
**АНАЛИЗА НА ПРВОСТЕПЕНАТА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА** ........ 75

ШКАРИЌ Катица
**ПРОЦЕСНАТА ПОЛОЖБА НА ОБВИНЕТИОТ ВО ТЕКОТ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА** ........ 89

**СТУДЕНТСКИ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРЕН ПРОЕКТ** ........ 97

БАГАРОВА Ани
АТАНАСОВА Невенка
**ТРГОВИЈА СО ДРОГА** ........ 99

ЈОВАНОВСКА Кристина
**МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА: ПРИЧИНИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ, ФЕНОМЕНОЛОГИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА** ........ 111

МАНЧЕВА Сања
**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** ........ 123

МИТРУШЕВА Наташа
**ЗАТВОРСКА ЗАЕДНИЦА ВО РСМ** ........ 129

МИХАИЛОВА Јована
ПАРИЗОВА Елена
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦА – СТОРИТЕЛИ НА ПОВЕДЕНИЈА ШТО СО ЗАКОН СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ КАКО КРИВИЧНИ ДЕЛА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КАЗНАТА ЗАТВОР** ........ 135

НАКОВ Иван
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА КОИ СЕ ЈАВУВААТ КАКО СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА** ........ 145

НАЏАКОВА Мила
ДИМЕСКА Ангела
**УБИСТВОТО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО** ........ 155

НЕДЕВА Ивана
**КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ДРОГА КАКО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ** ........ 175

ЧАЛШЕВА Кристина
АНГОВА Анастасија
**ВИДОВИ САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА СОГЛАСНО ЗПД** ........ 195

ШАЛЕВА Корнелија
ТАШКОВА Марина
**ВИКТИМОЛОГИЈА** ........ 205

# СТУДЕНТСКИ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРЕН ПРОЕКТ

**БАГАРОВА Ани**
**АТАНАСОВА Невенка**

**УДК: 343.575:343.974**

# ТРГОВИЈА СО ДРОГА

**Апстракт:** Со развојот на општеството во секое одделно поле се овозможи лицата да имаат полесен пристап до различните видови на droги, па така според истражувањата направени од многубројни експерти, милион луѓе на годишно ниво го губат животот како резултат на користење на дрога. Освен што како најлош краен исход е смртта, дрогата предизвикува и претходно промени во огранизмот на младите лица. Дрогата многу влијае на психолошката состојба на лицето кое ја конзумира, може да предизвика рак на белите дробови или пак може да дојде до појава на хроничен бронхитис. Што се однесува до видовите на дроги, оваа бројка сè повеќе расте и постојано се појавуваат некои нови видови, а голем дел од нив сè уште се во процес на истражување и откривање на последиците кои може да ги предизвикаат. Марихуаната, како вид на дрога во денешно време е многу помоќна, отколку пред неколку децени, па така, сведоци сме и на процесот на легализација на истата во голем број држави, вклучувајќи ја и нашата држава во оваа група, но за медицински цели. Секоја држава, индивидуално, одлучува на кои начин ќе се бори со употребата на дрога и на кој начин ќе се обиде да ја спречи истата.

**Клучни зборови***:* *дрога, трговија, марихуана, кокаин*

**BAGAROVA Ani**
**ATANASOVA Nevenka**

**UDK: 343.575:343.974**

# DRUG TRADE

**Abstract:** With the development of society in each individual field, people have easier access to different types of drugs, so according to research done by numerous experts, millions of people annually lose their lives as a result of drug use. Apart from the fact that the worst end result is death, the drug causes previous changes in the organism of young people. Drugs greatly affect the psychological state of the person consuming them, can cause lung cancer or can lead to chronic bronchitis. As for the types of drugs, this number is growing and some new types are constantly appearing, and many of them are still in the process of research and discovery of the consequences they can cause. Marijuana, as a type of drug today time is much more powerful than a few decades ago, so we are witnessing the process of legalization of it in many countries, including our country in this group, but for medical purposes. Each country, individually, decides how it will fight drug use and how it will try to prevent it.

**Keywords:** *drug, trade, marijuana, cocaine*

## ВОВЕД

Навистина е комплексно да се дефинира што е тоа дрога. Интересно е тоа што секој човек има свое сфаќање за овој поим, а врз основа на тоа и го гради својот однос кон дрогите и кон луѓето кои употребуваат дроги. Од фармаколошка перспектива, под дрога се подразбира хемиска состојка која може да предизвика промена на биохемиските и на физиолошките процеси во ткивото или во организмот во кој се наоѓа. Во поширока

смисла, под дрога се подразбираат сите природни или вештачки состојки кои имаат психоактивно дејство на живиот организам во кој се наоѓаат, односно кои предизвикуваат промена на менталните и на физиолошките процеси на организмот. Ова сфаќање повеќе се однесува на дрогите кои не се употребуваат поради медицински цели и на состојките кои често се нелегални за употреба. Покрај изразот „дрога", за означување на истиот поим често се употребува и изразот „психоактивна супстанција". Двата изрази се сметаат за синоними. Иако многумина не можат да разберат, во дроги се вбројуваат и: алкохол, тутун, кафе, испарувачи (гасови, пареа од лепила, аеросоли или слични производи), лекарства што се издаваат со или без лекарски рецепт и новите психоактивни супстанции (т.н. „легални дроги" (legal highs)). Дроги се употребувале речиси низ целата историја на човештвото. Луѓето употребуваат дроги од најразлични причини, како на пример: потреба за лекување или за олеснување на психичка или физичка болка; од религиски или духовни (спиритуални) потреби; за забава; за опуштање; за социјализација.

**Трговија со дрога**

Недозволената трговија со дрога, нарко-бизнис или пак нарко-трговијата, претставува еден вид на „црн пазар", на којшто се одвива купопродажниот процес, и врз основа на тоа се остварува и голем профит. Овој процес опфаќа неколку фази низ кои поминува целокупната нелегална трговија со наркотици и тоа:

- го опфаќа одгледувањето на психотропните супстанци (дроги),
- нивното производство,
- прекуграничното дистрибуирање и
- на крајот продажбата на определени супстанци коишто се забранети со закон.

Недозволената трговија со дрога претставува сериозна национална (домашна) и меѓународна или интернационална состојба, па кон неа треба да се пристапи глобално. Во време на широка глобализација, потребата за подобрување на домашното знаење и разбирање на нашиот и глобалниот контекст на производство и употреба на опојни средства е алармантна како никогаш досега. Тука се преплетуваат многу аспекти како: здравствените, социјални, кривични и етички.

Меѓународните организации за трговија со наркотици имаат екстензивни мрежи на доставувачи, компании зад кои се затскриваат и други деловни активности кои го овозможуваат и олеснуваат тргувањето и перењето на нелегалните приходи добиени од нив. Еволуцијата на интернационалната трговија на дрога во последните години се одвива во насока на зголемување на бројот на учесници во неа и производството на поголеми количини на синтетички дроги. Иако, голем дел од лицата кои се занимаваат со трговија на дрога, не се примарно и производители, сепак, многу вакви организирани криминални структури (како на пример во Русија, Кина, Италија, Албанија) ги негуваат и прошируваат врските со други организации за шверц на наркотици, и од нив добиваат кокаин, хероин и синтетички дроги за сопствените пазари за дистрибуција и мрежи за шверц. Соработката меѓу вакви криминални структури е ослободена од какви било познати традиционални криминални партнерства и соработуваат меѓусебно во купувањето, транспортот и дистрибуцијата на дрогите.

**Феноменолошки аспекти на дрогата**

Историски гледано, дрогата своите корени ги влече од Првата опиумска војна. во 17 и 18 век, каде побарувачката за кинески производи (особено свила, порцелан и чај) во Европа создаде трговски дизбаланс помеѓу Кина и Велика Британија. За да се спротивстави на оваа нерамнотежа, британската компанија „Источна Индија" почнала

да го става на аукција опиумот од Индија до независни странски трговци во замена за сребро и со тоа го зајакна влијанието на трговијата во Азија. Овој опиум бил транспортиран до кинескиот брег, каде што локалните посредници направиле голем профит за негова продажба во Кина. Приливот на наркотици го променил кинескиот трговски суфицит, ја исцедил економијата од сребро и го зголемил бројот на зависници од опиум во земјата, што ги загрижило кинеските официјални претставници. Во 19 век пушењето на опиум станало вообичаено поради зголемениот увоз од страна на британските трговци. Тргувањето со опиумот било мошне профитабилно (како што е случајот со хероинот денеска). Како резултат на ваквата трговија, два милиони Кинези станале зависници од дрога. Британската круна (со договорите од Нанкинг и Тианјин) зела огромни суми на пари од кинеската влада преку оваа трговија која ја нарекла „надомест на штета". Кинеските власти го забраниле опиумот и наредиле негова конфискација. Биле запленети околу 20 000 ковчези со опиум (околу 1210 тони или 2,66 милиони фунти), Британската влада, иако официјално не го негира правото на Кина да го контролира увозот на дрога, се спротивстави на неочекуваното запленување и испратила воена сила во Кина. Во конфликтот што следел, Кралската морнарица ја користела морнаричката и пиштолската моќ за да нанесе серија одлучувачки порази на Кинеската империја, тактика позната како оружена дипломатија.

Во 1842 година, династијата Кинг била принудена да го потпише Договорот од Нанкинг - прв од она што кинеските држави подоцна ги нарекоа нееднакви договори - со кои им се дава надомест и екстратериторизам во Британија, отворија пет пристанишни договори за странските трговци и го отстапија островот Хонг Конг на Британска Империја. Неуспехот на договорот да ги задоволи британските цели за подобрени трговски и дипломатски односи доведе до Втората опиумска војна (1856-60), а поразот на Кинг резултирал со социјални немири во Кина. Во Кина, војната се смета за почеток на современата кинеска историја. Сепак, официјалниот подем на трговијата со дрога започнал во 1954 година. Во 1979 година продажбата на дрога го достигнала својот врв.

### Трговија со кокаин

**Кокаин** (Бензоилметилекгонин, кока, бело) е кристален тропански аклалоид со краткотрајно стимулативно дејство кој се добива од листовите на растението Еритроксилон Кока, кое традиционално се одгледува и употребува на Јужноамериканскиот континент уште од дамнешни времиња. Кокаинот е изолиран во 1855 година од страна на Германскиот хемичар Фридрих Гедке, и позната е примената на кокаинот во многу медицински гранки како психијатрија, стоматологија, анестезиологија и други. Зигмунд Фројд во третман на депресија користи кокаин во 1884 година. До поголема популаризација на рекреативната употреба на кокаинот доаѓа во во 70-тите и 80-тите години од минатиот век првично во САД, а потоа и во Европа и ширум светот. Кокаинот е најчесто употребуван илегален стимуланс во Европа според податоците во Европскиот извештај за droги од 2015 година објавен од Европскиот мониторинг центар за дроги и зависности (The European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction – EMCDDA) и втората најчесто користена илегална ПАС во светот после канабисот. Кокаинот се среќава во форма на соли како бел прав и паста која се користи најчесто со шмркање назално, но и во форма на база како крек-кокаин кој се користи со пушење. Дејството започнува веднаш за неколку минути и трае од 30 до 90 минути кога се користи со шмркање. Кокаинот предизвикува интензивна еуфорија, будност, ментална стимулација, зголемува либидо, додека несаканите ефекти се забрзана и/или неправилна работа на срцето, покачен крвен притисок, дехидратација. Повремена

рекреативна употреба на кокаин ретко предизвикува здравствени и ментални проблеми кај корисниците. Кокаинот не е невротоксичен за разлика од некои други стимуланси како метамфетамин. Потенцијалните штетни физички ефекти на кокаинот се од кардиоваскуларна природа како неправилна работа на срцето која може да биде сериозен ризик во високи дози. Редовна користење на кокаин со шмкрање преку нос – најпопуларниот метод на користење кокаин, може да има крајно негативни ефекти врз носната слузница, ноздрите и носната шуплина. Тие вклучуваат губење на чувство за мирис, кивавица, оштетување на носната слузница, `рскавици и коски, крварење од носот, тешкотии при голтање, засипнатост, или хронично течење од носот. Кокаинот поради механизмите на делување не доведува до физичка зависност, сепак има силен потенцијал за создавање навика на користење и психичка зависност поради што многумина при честа употреба имаат потешкотии при одвикнување после прекин на користење. Толеранција на многу од ефектите на кокаин се развива со продолжена и повторна употреба поради што се јавува потреба за користење на повисоки дози за постигнување на оптимален ефект. По прекин од користење потребни се 3 до 7 дена за толеранција да се намали на половина и 1 до 2 недели да се врати на почетокот. Ако се прекине наеднаш по подолг период на користење, корисникот доживува состојба која се опишува како „психо-физички крах-кршење”, заедно со голем број на други симптоми на повлекување вклучувајќи депресија, немир, анксиозност, промени во расположението, раздразливост, замор, несоница, параноја, чешање, но и интензивна желба за повторно користење. Овие симптоми може да траат со недели или, во некои случаи, месеци. Дури и по повлекувањето на симптомите, повеќето корисници чувствуваат потреба за продолжување на користење на кокаинот и тоа чувство може да трае со години и го достигнува врвот за време на доживеан моментален стрес. Кокаинот има потенцијал да предизвика привремена психоза, при што повеќе од половина хронични корисници на кокаин, пројавиле барем некои психотични симптоми во одреден временски период. Типични симптоми вклучуваат параноидни делузии дека се следени од некого, додека користењето на кокаинот е придружена со халуцинации кои го поткрепуваат нивното уверување. Во однос на смтоносната доза постојат податоци за лица со слаба толеранција на кокаин кои починале од многу мала доза кокаин (30 mg), додека толерантни корисници кои го користат секојдневно можат да издржат количини и до неколку грама дневно.

**Кокаин и неговите несакани ефекти[1]**

Лицето кое редовно употребува кокаин, треба да биде свесно за штетата што ја прави на неговото (или нејзиното) здравје кое се јавува додека трае употребата на драга.

Корисникот на кокаин ќе има поцврсти, пофлексибилни артерии, висок крвен притисок и подебели мускули на срцевиот ѕид, отколку луѓето кои не користат кокаин. Овие три ефекти додаваат за срцето да биде помалку ефикасно и подложно на сериозна штета од срцев удар.

Овие резултати беа документирани во конференцијата на Американската асоцијација за срце во 2012 година. Австралиските истражувачи извршиле испитување на 20 здрави возрасни лица кои хронично користеле кокаин. Тие ги спoредиле резултатите со 20 лица кои не се корисници на кокаин. Тие откриле дека корисниците на кокаин доживеале:

- 30 до 35 проценти зголемување на аортното заострување,
- 8 mm Hg повисок систолен крвен притисок,

[1] Види повеќе на https://www.narconon-balkan.org/

- 18 проценти поголема дебелина на ѕидот на левата комора на срцето.

**Трговија со канабис (марихуана)**

Канабис (марихуана, коноп, трева) е растение кое содржи фитоканабиноиди, од кои се користат исушени цветови и/или листови за рекреативни цели или за подготовка на лекови за медицинска употреба. Има долга историја на медицинска, религиозна, рекреативна и индустриска употреба. Првите податоци за индустриска употреба (облека) на конопот датираат од пред 7000 години п.н.е., додека за медицинска употреба од пред 3000 години п.н.е. во Кина, а понатаму во Индија, Античка Грција и другите делови на светот.

Од почетокот на 20 век, канабисот е предмет на законски ограничувања за поседување, користење и продажба на препарати кои содржат психоактивни канабиноиди. Во моментов канабисот е илегален во повеќето земји на светот, но постои тренд на легализација или декриминализација на медицинската и рекреативната употреба. Според податоците на Обединетите нации од 2014 година канабисот е најкористена илегална ПАС во светот, а 4% на возрасно население на светско ниво користи канабис рекреативно на годишно ниво.

Фармаколошки, главната психоактивна состојка во канабисот е делта-9-тетрахидро-канабинол (ТХЦ), една од 750 соединенија во растението, вклучувајќи најмалку 104 канабиноиди како што се канабидиол (ЦБД), канабинол (ЦБН), тетрахидроканабиварин (ТХЦВ) и канабигерол (ЦБГ), кои имаат слабо психотропно дејство во споредба со ТХЦ, но играат важна улога во целокупното дејство на канабисот. Канабиноиди се класа на хемиски супстанци кои делуваат врз ендоканабиноидниот систем поточно врз ендоканабиноидните рецептори во човековото тело. Канабиноидите може да се поделат на ендоканабиноиди кои природно се продуцираат во телото на луѓето како анандамид и 2-АГ (2-арахидоноил глицерол), фитоканабиноиди кои постојат во канабисот и синтетските канабиноиди добиени по хемиски пат, структурно слични на ТХЦ, кои го имитираат дејството на природните канабиноиди.

Пред 1980 година се шпекулираше дека канабиноидите продуцираат физиолошки и бихевиорални ефекти преку неспецифични интеракции во телото и мозокот, наместо директна интеракција со специфични рецептори. Откривањето на ендоканабиноидните рецептори во 80-ите години од минатиот век ја разоткрија мистеријата. Овие рецептори се присутни кај луѓето и животните. Денес се познати два типа на канабиноидни рецептори означени како ЦБ1 и ЦБ2. Сепак улогата и интеракцијата сѐ уште не е комплетно истражена. Ендоканабиноидниот систем е вклучен во регулирање на многу базични телесни функции како: апетит, метаболизам, болка, сон, расположение, движење, температура, помнење и учење, имуни функции, воспаление, неурален развој, неуропротекција, кардиоваскуларни функции, дигестија и репродукција. Покрај улогата во оддржување на базични телесни функции, се смета дека ендоканабиноидиниот систем влијае и на одговорот на болест.

На пример, туморските клетки имаат повеќе канабиниодни рецептори, отколку здравите клетки. Студии покажале повисоко ниво на ендоканабиноиди кај пациентите со различни заболувања како паркинсонова болест, анксиозност, хронична болка и артритис. Како резултат на ова научниците сметаат дека функција на ендоканабиноидниот систем во човековото тело е регулација на хомеостазата. Хомеостаза се опишува како оддржување на стабилни внатрешни услови неопходни за преживување. Заболувањата во голема мерка се резултат на нарушена хомеостаза или неможност за оддржување на истата, така што улогата на ендоканабиноидниот систем и

канабиноидите во оддржувањето на хомеостазата ја прави уникатна и ветува широка примена во медицината.

Постојат 3 главни сорти на канабис: рудералис, сатива и индика, а од нив психоактивни својства имаат сатива и индика. Растенијата од сортата индика обично се ниски и широки во растот, во споредба со растенијата од сортата сатива кои се високи и тенки. Денес во светот се одгледуваат сорти на канабис кои се чисто сатива, чисто индика или хибридни сорти кои се комбинација од двете сорти во различен сооднос (на пример, 30% индика – 70% сатива, 50% индика – 50% сатива, или 80% индика – 20% сатива). Цветовите на сортите сатива, индика и нивните хибриди имаат различен спектар на физички и психички ефекти, па така различните видови канабис се применуваат за лекување на различни медицински состојби и заболувања.

**Трговија со хероин**

Хероинот е високо адиктивна дрога, а предозирањето со хероин е вистински и смртоносен ризик. Хероинот е тежок опијат, класа на droги што се прави од природни деривати од растенија од семејството булки, или од синтетички супститути. Хероинот се произведува од морфиум, природна супстанца која може да се најде во шишарките од растенијата. Се прима со инјектирање, шмркање или пушење, и сите три начини можат да развијат високо ниво на зависност, како и сериозни здравствени проблеми.

Хероинот влегува во мозокот набрзина, и го прави особено зависен.

Проценето е дека речиси една четвртина од луѓето кои пробале хероин стануваат зависни. После некое време, корисниците на хероин развиваат толеранција, односно потребно им е сè повеќе и повеќе од дрогата за да ги постигнат истите резултати. Многу е лесно не само да се стане зависен, туку и да се стане физички обврзан да се прима хероин. Физичката зависност се појавува кога телото се адаптира на присуството на дрогата, и се појавува сериозна болка (болка во мусулите и коските, дијареа и повраќање) кога телото нема примено дрога. Хроничните корисници се соочуваат со оваа болка само неколку часа после примањето на дрогата.

Хероинот врши супресија на дишењето, поради што користењето на хероин носи ризик од предозирање и смрт. Исто така, корисниците на хероин често немаат доволен доток на крв. Ова лесно може да предизвика згрутчување на крвта која патува до белите дробови, црниот дроб, срцето или мозокот, што е инстантно фатално.

Краткотрајните ефекти кои ги предизвикува хероинот се оние симптоми кои се појавуваат кратко после примањето на дрогата. Иницијалните еуфорични ефекти на хероинот прават корисникот да се чувствува безгрижен, релаксиран и некоординиран, со доза на топлина и благосостојба. И покрај тоа што овие еуфорични ефекти се чини дека претставуваат задоволство, има многу негативни краткотрајни ефекти кои го прават хероинот опасен и смртоносен.

Краткотрајни ефекти: еуфорија, поспаност, сува уста, чешање, стеснати зеници, вртоглавица, лошење, повраќање, забавена ментална функција, намалена физичка болка, топла и зацрвенета кожа, слабост во мускулите, забавено дишење, предозирање или/и смрт.е.ден од најтешките долготрајни симптоми на хероинот е самата зависност. Потоа се појавуваат лажењето, крадењето, финансиските проблеми и физичката потреба од оваа дрога.

Долготрајни ефекти: зависност, бактеријални инфекции на срцето и белите дробови, инфективни болести како ХИВ/СИДА и хепатит Ц и Б, абсцеси, слабеење, запек, артритис и други ревматски проблеми, проширени вени, намалена ментална функција, болести на црниот дроб и бубрезите, предозирање и/или смрт.

Севкупното светско производство на опиум за 2014 година изнесува 7 554 тони, од кои 85% се произведени во Авганистан. Производството на хероин во Авганистан се зголеми со тенденција завршната фаза на производството да се пренесе на пазарот во Европа. До промена на актуелноста на шверцерските рути дојде поради поинтензивното користење на новите сообраќајни структури и поморските пристаништа. Се прогнозира, користењето на поморските патишта е заради помалиот ризик од откривање и можноста за шверц на поголеми количини. Криминалните групи во Македонија ќе ги фокусираат своите активности на шверцот на мали количини хероин, со почести заминување во земјите од Југоисточна Европа. Хероинот од правец на Грција и Бугарија се криумчари по централната балканска рута до подрачјето на Косово, кон Централна Србија, а исто така и од правецот на Бугарија во Србија, каде што шверцерските канали се спојуваат по Коридорот 10 и продолжуваат кон пазарите на Западна Европа. Клучна област за шверцот на хероин во Црна Гора останува областа околу Пеќ во Косово, од каде што преку каналот на северот од Црна Гора се шверцува хероин кон централниот и јужниот дел на земјата, главно за потребите на домашниот пазар. Друг правец на влез на хероинот во Црна Гора е од областа на Скадар во Албанија. Хероинот кој се шверцува во Црна Гора преку наведениот правец не е наменет само за домашниот пазар, туку и за понатамошно криумчарење кон БиХ и Хрватска.

За криумчарење на хероинот преку Србија, Црна Гора и Македонија се користат превозни средства по патен и железнички сообраќај, најчесто автомобили, шлепери со храна и расиплива стока за да се избегне подолгото задржување на граничните премини. Хероинот најчесто е скриен во специјално изградени шуплини во возилата. Дистрибуцијата на хероинот на локалниот пазар непосредно или посредно влијае на зголемувањето на кривичните дела од сферата на имотните деликти и кривичните дела против бракот и семејството, со што се создаваат сериозни проблеми во сферата на социјалната и здравствената политика.

**Трговија со синтетички droги**

Во последно време трговијата со синтетички дроги бележи пораст. Со поимот синтетички дроги се опфатени: амфетамините, екстазите, метамфетамините. Кај нас, во Република Македонија, синтетичките дроги се внесуваат преку Србија и Бугарија и тоа за потребите на локалниот пазар, а за најголеми производители на синтетички дроги се сметаат: Брисел, Амстердам, Париз, Франкфурт и др.

Денеска се почеста е појавата на правење на импровизирани лаборатории, кои навидум не изгледаат како место каде се врши производство на ваков тип на дроги, туку изгледаат како кујни, што доведува до нивна ниска цена и поголема достапност. Најчест начин на кој се шверцуваат е преку курири, во меѓународни пратки, во скриени шуплини од транспортни возила и сл.

Амфетамините се психо-поттикнувачки синтетички материи кои се наменети за медицински цели.[2] Амфетаминот претставува стимуланс на нервниот систем. Истиот најчесто се наоѓа во форма на бел прав кој најчесто се користи преку шмркање преку нос или голтање орално. При конзумирање во умерени дози, амфетаминот предизвикува емоционални ефекти, ја зголемува концентрацијата, будноста, создава чувство на еуфорија, подига енергија и го засилува либидото. Како можни несакани последици од користењето на овој тип на синтетичка дрога се јавуваат: вознемиреност, збунетост, параноја, повраќање, гадење, забрзана работа на срцето или пак покачена телесна температура. Постојат одредени земји каде амфетамините се препишуваат на

[2] https://mk.wikipedia.org/

рецепта, се користат за медицински цели и како третман од одредени заболувања како што е нарушување на хиперактивност, недостаток на внимание.

Екстазата или уште позната под името „дрога на забава“ е вид на дрога која најчесто е конзумирана од страна на тинејџери, млади лица, кои не се свесни за последиците кои ги носи самата таа.

Како последици од екстазите можат да се јават:

- Оштетување на мозокот, губење на меморија;
- Неповратно оштетување на нервите;
- Бубрежна слабост;
- Депресија;
- Кардиоваскуларни тешкотии.

Делувањето на екстазите е приближно како дејството кое го има допингот во спортот. Се зема најчесто како таблета, а дозата од 75 mg до 100 mg почнува со дејствување околу 20-40 минути после конзумирањето, а дејството трае од 3 до 5 часа. Како симптоми се јавуваат: проширени зеници, кочење на вилица, забрзано отчукување на срцето, зголемен крвен притисок, замор како и губење на апетитот.

- ***Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци***

Што се однесува до правната уреденост на ова прашање во нашиот систем, донесен е закон за контрола на опојни дроги и психотропни суспстанци, додека пак постои и кривична санкција која е предвиена во КЗ за лицата кои неовластено произведуваат и пуштаат во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсор, па така **член 215 од Кривичниот законик** гласи:

**„Тој што неовластено произведува, преработува, продава или нуди на продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од три до десет години”.**

Во самиот Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци се прави дефинирање на поимите и тоа е стационирано во член 3 од овој закон.[3]

- *„Опојна дрога” е секоја супстанца од природно или вештачко потекло која е расоредена во листата на опојни дроги во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги или врз основа на одлука на надлежен орган.*
- *„Психотропна супстанца” е секоја супстанца од природно или вештачко потекло, која е распоредена во листата на психотропни супстанции во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган.*
- *„Прекурзор” е секоја природна или вештачка супстанција која може да се употреби во производството на опојни дроги и која е распоредена во листата на прекурзори во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на надлежен орган на Република Македонија.*

[3] Член 3 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци.

Ваквото кривично дело може да биде извршено од поголем број на лица или пак да има мрежа да препродавачи или посредници, па така лицето кое ќе го открие делото или ќе придонесе за негово откривање, ќе се ослободи од казна.[4]

Како ублажување Кривичниот законик предвидува, доколку делото е сторено со наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од помало количество, сторителот ќе се казни со затвор од **шест месеца до три години.**

**Конвенција на ООН за борба против недозволената трговија со дроги и психотропни супстанции (Виенска конвенција)**

Виенската конвенција на ООН е донесена во 1988 година и има за цел поголема ефикасност и интернационализација на сите аспекти во борбата против илегалната трговија со дрога.

Земјите кои пристапиле кон оваа конвенција имаат задача да ги преземат сите потребни мерки, легислативни,административни, во согласност со нивниот домашен правен систем, за попродуктивна борба против нелегалната трговија со дрога.

Предвидено е имплементирање на казнување на меѓународната трговија со дрога и промена на казненото законодавство со цел унификација.

Тргнувајќи од зголемениот број на луѓе кои користат дроги, ризикот од употребата на дроги по нивното здравје и живот, како и проблемите со кои се соочуваат најголемиот број земји во светот како резултат на употребата на дроги и илегалната трговија со дроги, Генералното собрание на Обединетите нации во 1987 година го воспостави овој меѓународен ден, со цел подигнување на свеста за проблемот со дрогите во светот.

**Да го изградиме нашиот живот, идентитет и општеството без дроги**

Во Република Македонија во 2013 година резултатите од Студијата за однесувањата поврзани со здравјето кај децата (ХБСЦ) говорат дека марихуана имаат користено барем еднаш во животот 4% момчиња Македонци, 3% албански момчиња и 2% Македонки на возраст од 15 години.[5]

ЕСПАД истражувањето реализирано во Скопје со ученици на возраст од 16 години во 2012 година покажа дека 8,7% од младите користеле марихуана барем еднаш во животот. 2,8% користеле марихуана 1-5 пати во текот на последните 30 дена.[6]

Се проценува дека 1,3 милиони лица на возраст од 15-64 години во Европа (во 2013 година) се проблематични корисници на опијати (хероин) Во РМ се проценува дека 10.900 лица инјектираат дрога (најчесто хероин).[7]

Синтетските дроги во последно време се сè поприсутни меѓу младите.

Проблемот на употреба на дроги станува уште поголем, ако се земе предвид дека секојдневно се откриваат нови видови на дроги. ЕМЦДДА следи 430 нови видови на дроги (психоактивни супстанци) од кои 101 се регистрирани само во 2014 година. Некои од нив како што се синтетските опиоиди или халуциногените дроги се силно

[4] Член 215, ст. 4 од КЗ.

[5] Здравјето како квалитет на животот. Центар за психосоцијална и кризна акција, Скопје, 2013:89.

[6] ЕСПАД извештај 2012. Контакт, Скопје, 2012.

[7] Извештај од студијата за проценка на популација која инјектира дроги. Министерство за здравство, 2010.

фармаколошки активни. Само неколку грама од одредени видови дроги се потребни за да се направат 10.000 дози.[8]

**Недозволената трговија на дрога во Република Северна Македонија**

Република Македонија е транзитна земја кога станува збор за недозволената трговија или шверцот со дрога. Трговијата со дрога, како и нејзиното производство претставува можеби и најпрофитабилна а и најдоминантна форма на организиран криминал со која се занимаваат криминалните структури и поединци во земјата. Определени количини остануваат за употреба, продажба или пак складирање на дрогата, додека пак за потребите на локалниот пазар нелегално се произведуваат марихуаната и синтетичките дроги. Во Извештајот6 се вели дека Стратегијата на ЕУ за дрога за периодот 2013-2020 година и Акцискиот план (2013-2016) пружаат рамка за решавање на проблемот со дрогата во ЕУ во комбинација со националните стратегии на земјите членки. Крајната цел е значително намалување на достапноста на нелегалните дроги низ сузбивање на трговијата, разбивање на криминалните групи, поефикасно делување на правосудниот систем, подобра соработка помеѓу разузнавачките служби и ставање на посебен акцент на прекуграничниот организиран криминал поврзан со дрогата. Канабисот е најраспространетата дрога во Европа, се проценува дека на него отпаѓа 38% од малопродажбата, што донесува повеќе од 9,3 милијарди евра годишно. Според овој Извештај околу 22 милиони Европјани користат канабис. На второ место е хероинот кој носи профит од 6,8 милијарди евра годишно. Хероинот е причина за смрт на многу корисници. Опиумот главно се произведува во Авганистан, а балканската рута и понатаму е главен коридор за влез на хероинот во ЕУ, иако се појавуваат нови рути од Африја, јужен Кавказ, Сирија и Ирак. Кокаинот е на третото место, а малопродажниот пазар носи околу 5,7 милијарди евра. Колумбијските и италијанските криминални групи се главните дистрибутери во Европа. Пазарот со дрога е многу динамичен, со оглед на тоа дека рутите што ги користат криминалните организирани групи се користат и за шверцување на други производи како што се на пример акцизната стока, цигарите, алохолот или пак и трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти. Познато е дека лицата кои се занимаваат со трговијата со дрога од балканските земји, го шверцуваат кокаинот од земјите од Јужна Америка. Овој тренд е веќе идентификуван, но модусот се менува користејќи ја напредната технологија. Особено е интересен трендот со „deep web„ преку кој може да се нарачуваат определени дроги. „Мрачниот интернет“ е дел од светската мрежа за која е потребен посебен софтвер за пристап. Кога еднаш ќе се логирате, сè функционира како на обичниот интернет. Сепак, на овој мистериозен простор, постојат скриени сајтови кои нема да се појават во резултатите на претрага, туку на нив може да се влезе само ако ја знаете точната адреса. На овој мрачен интернет постојат развиени пазари на кои се продава оружје, дрога и слично која корисниците ја плаќаат со Биткоинтот како валута. Дури постои и „Асасинејш маркет“ каде корисниците со помош на криптовалута можат да нарачаат и да платат убиство. Во неодамнешна студија е проценето дека околу 100 милиони долари годишно вредна трговија со дрога се врши на овој мрачен интернет со помош на биткоинт, кој е уште потежок за следење од софтверот TOR. Компанијата која го разви TOR тврди дека активистите се тие кои го користат нивниот софтвер, повикувајќи се на Едвард Сноуден кој токму преку TOR на новинарите ги октрива своите откритија. Република Македонија не е имуна на овој тип на купопродажба на дрога бидејќи постојат примери на вакви случаеви. Со оглед на фактот дека продажната цена на кокаинот е висока во споредба со

[8] Drug policies in the perspective of the United Nations General Assembly Special Session (UNGASS 2016) — Views of the EMCDDA Director.

економскиот стандарт на живот во Македонија, криминалните групи ќе продолжат да ги извршуваат своите криминални активности и надвор од земја.

**Жаришта на организираниот криминал во Република Македонија**[9]

Балканот отсекогаш важел за транзитен регион за илегални активности, а Македонија во тој географски регион зазема, речиси, централно место.

Жариштата или „хотспотс“ како што ги наведува извештајот се места каде се врши „бизнисот“, а можат да бидат пристаништа, аеродроми, гранични премини или цели погранични региони.

Во делот на пристаништата, приматот апсолутно им припаѓа на Бар и Котор во Црна Гора и Драч во Албанија.

**„Бизнис“ во три наутро**

Во делот на граничните премини на македонска територија се издвојуваат два: Богородица на границата кон Грција и Јажинце, во близина на Тетово кон Косово.
Извештајот го одбележува преминот Богородица како „транзитна точка за трговија со дрога: особено за хероин кој доаѓа во регионот; како и за канабис кој се шверцува од Албанија кон Грција и Турција.“

Преминот Јажинце, „се смета за хотспот за трговија со различни стоки“.
„Вработените на граничниот премин се под сомнеж дека се под контрола на локални партиски функционери. Тоа е на линија со добро етаблираната практика на премолчено давање на контролата врз граничниот премин на политички сојузник во замена за поддршка на владејачката партија.“

## ЗАКЛУЧОК

По сето ова што е изнесено, доаѓаме до еден општ заклучок дека во денешницата сè поголем е бројот на лица кои задоволството го бараат во конзумирањето на наркотични средства, надевајќи се дека така ќе бидат поисполнети, посреќни.
Трговијата со дрога претставува многу тежок општествен проблем. Наркоманијата како социопатолошка појава остава големи негативни траги во целото друштво Мал е бројот на лицата кои конзумирата дроги, а се свесни за последиците кои ги носат тие. Најчесто се започнува од љубопитство, за накрајот да прерасне во зависност. Лицата кои конзумираат дроги припаѓаат на различни социо-економски сталежи, со различни карактеристики, па така многу е проблематично да се најдат типични карактеристики кои ќе бидат својствени за сите лица кои потклекнуваат пред ваквиот тип на „задоволство”. Иако и кај нас, а и во најголем број на држави, ова прашање е законски уредено, сепак слободно можеме да кажеме дека превенцијата е на доста ниско ниво. Денеска речиси и да нема програми, политики, анализи кои ќе бидат насочени кон оваа тема, а и оние што се остваруваат многу ретко остваруваат некаков резултат, како што е подигнањето на свеста кај лицата за овој проблем кој зафаќа се поголеми размери. Зголемувањето на бројот на лицата кои конзумираат дроги најчесто се должи на лесната достапност како и ниските цени. Најчесто конзумирана дрога денеска е марихуаната, а како места каде најчесто се употребуваат дроги се ноќните клубови и музички фестивали.

[9] https://www.dw.com/mk/

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**

Кошевалиска, О., Максимова, Е., Организиран криминал и корупција, 2018.
Кошевалиска, О., Максимова, Е., Организиран криминал и корупција – практикум.
Кривичен законик на Република Македонија.
Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанци.
Виенска конвенција (Конвенција на ООН за борба против недозволената трговија со дроги и психотрпни супстанци од 1988 година).
EUROPOL, EU Drug Markets Report, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 2015.
https://24.mk/
https://hops.org.mk/
https://www.iph.mk/
https://www.pravdiko.mk/
https://www.narconon-balkan.org/
https://www.dw.com/mk/

**ЈОВАНОВСКА Кристина** **УДК: 343.91-053.6**

## МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА: ПРИЧИНИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ, ФЕНОМЕНОЛОГИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА

**Апстракт**: Предмет на овој труд е анализа на етиолошките и феноменолошките карактеристики на малолетничката деликвенција, како и на превентивните мерки кои би биле ефективни во решавањето на овој негативен општествен феномен, информирани од причините кои придонеле кон неговото настанување и приспособени кон карактеристиките на малолетниците врз кои се применуваат. Малолетничката деликвенција претставува антисоцијално, неморално и криминално однесување на малолетните лица кое се изразува низ конкретни криминални дејствија со кои се прекршуваат моралните и законските норми, општествените вредности, стандарди и норми на однесување. Од клучно значење за разбирањето на малолетничката деликвенција и развивање на соодветни методи за нејзино сузбивање е откривањето на причините за нејзиното настанување. Доколку се знаат причините кои придонесуваат малолетните лица да се впуштат во криминална активност, може поточно да се одреди казнената политика која би била најефективна во борбата против криминалитетот. Бидејќи првите облици на криминално поведение кај рецидивистите најчесто се манифестираат уште во текот на адолесценцијата, ефективноста на политиките зависи од идентификување на факторите кои придонеле кон таквото однесување и навремена реакција која ќе биде соодветна на видот, тежината и последиците од деликвентното дејствие, имајќи ги во предвид и специфичностите на личноста, со цел обезбедување на адекватна помош на малолетникот и негова успешна ресоцијализација и социјална интеграција.

**Клучни зборови**: малолетник, деликвент, деликвентна активност, криминалитет, фактори, превентивни мерки, ресторативна правда

**JOVANOVSKA Kristina** **UDK: 343.91-053.6**

## JUVENILE DELINQUENCY: CAUSES OF OCCURRENCE, PHENOMENOLOGY AND PREVENTION

**Abstract:** The subject of this paper is the analysis of the etiological and phenomenological characteristics of juvenile delinquency, as well as the preventive measures that would be effective in solving this negative social phenomenon, informed by the causes that contribute to its occurrence and adapted to the characteristics of the juveniles to whom they are applied. Juvenile delinquency is the antisocial, immoral and criminal behavior of juveniles that is expressed through specific criminal acts that violate moral and legal norms, social values, standards and norms of behavior. It is crucial for the understanding of juvenile delinquency and the development of appropriate methods for its suppression to discover the reasons for its occurrence. If the causes that contribute to juveniles' participation in criminal activity are known, the penal policy that would be most effective in the fight against crime can

be determined more precisely. Because the first forms of criminal behavior among recidivists most often manifest themselves during adolescence, the effectiveness of policies depends on identifying the factors that contributed to such behavior and a timely response that will be appropriate to the type, severity and consequences of the delinquent action, while also taking into account the characteristics of the individual in order to provide adequate assistance and ensure his successful resocialization and social integration.

**Key words:** juvenile, delinquent, delinquent activity, crime, factors, preventive measures, restorative justice

## ВОВЕД

Малолетничката деликвенција можеме да ја дефинираме како антисоцијално, неморално и криминално однесување на малолетните лица. Таа преставува дел од општиот криминал и се изразува низ конкретни криминални дејствија на малолетни лица со кои тие ги прекршуваат моралните и законските норми, општествените вредности, стандарди и норми на однесување. Постојат разни мислења за што точно е опфатено со терминот малолетничка деликвенција, како и разни дефиниции за истата, а исто така во употреба се и разни други термини кои го објаснуваат овој феномен, вклучувајќи ги термините: детско престапништво, малолетнички криминалитет, малолетничко престапништво и слично.

Малолетен деликвент е лице кое го прекршило законот и може да биде повикано на одговорност врз основа на фактот што е над определена минимална возраст, но сепак е под законската возраст за да биде кривично одговорен како возрасен сторител. Иако антисоцијалните однесувања на малолетниците со кои се кршат само одредени морални норми на општеството не се инкриминирани, тие сепак претставуваат важен индикатор дека развитокот на личноста на детето оди во негативна насока и дека постои реална можност за влошување и ескалирање на облиците на деликвентно однесување манифестирани од малолетникот. За малолетниците кои покажуваат полесни облици на деликвентно однесување кои не се инкриминирани се користи и терминот предделиквент.

Поради своите посебности, малолетничката деликвенција често се издвојува како посебна категорија во однос на криминалитетот на полнолетните сторители на кривични дела. Потребата од посебна анализа на малолетничката криминална активност, одвоено од генералниот криминалитет е резултат на спецификите поврзани со возраста на малолетните деликвенти. Имено, малолетниците се разликуваат од возрасните по нивниот понизок степен на емоционална и интелектуална зрелост, па затоа во кривичното законодавство им се дава посебен третман. Земањето во предвид на карактеристиките на овие сторители помага при изнаоѓање на соодветни мерки за сузбивање на малолетничката деликвенција, а и на криминалитетот воопшто, имајќи го предвид фактот дека голем дел од полнолетните сторители започнале со криминална активност за време на адолесценцијата.

Бидејќи првите облици на криминално поведение кај рецидивистите најчесто се манифестираат уште во текот на адолесценцијата, ефективноста на политиките зависи од идентификување на факторите кои придонеле кон таквото однесување и навремена реакција која ќе биде соодветна на видот, тежината и последиците од деликвентното дејствие, имајќи ги во предвид и специфичностите на личноста, со цел обезбедување на адекватна помош на малолетникот и негова успешна ресоцијализација и социјална интеграција.

## 1. Феноменологија на малолетничката деликвенција

Малолетничката деликвенција во последните години има сè поголемо учество во севкупниот криминалитет, има побрза динамика на пораст и се јавува во потешки облици. За малолетничките деликвенти обично карактеристично е вршење на кривични дела од имотен карактер т.е. обични кражби, тешки кражби, оштетување на туѓи предмети, џебни кражби, кражби во продавници, станови, магацини и одземање на моторно возило или делови од возило. Но, во последно време како новост се јавуваат и кривичните дела против животот и телото, кои сè почесто се извршуваат од малолетници. Според некои научници, зголемувањето на стапката на апсења на младите може да биде резултат на поагресивната казнена политика отколку вистински промени во однесувањето на младите. Според нив фокусот на пунитивниот приод е во корелација со стапките на малолетничка деликвенција.[1]

Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, најголем број од кривичните дела сторени од деца во судир со законот се од областа на имотниот криминалитет. Во 2019 година тој претставувал повеќе од половина (56%) од вкупниот малолетнички криминалитет. По имотниот криминалитет најчести биле кривичните дела против јавниот ред (13.5%), па против животот и телото (9.3%) и против безбедноста на јавниот сообраќај (8.6%). Другите видови криминалитет се застапени со помалку од 5%. Според старосната структура, од вкупно 525 пријавени деца во судир со законот, децата со наполнети 14, но ненаполнети 16 години биле повеќе од половина од осудените (скоро 58%).[2]

Според УНИЦЕФ, над еден милион деца се наоѓаат во некаков вид притвор на глобално ниво.[3] Многу земји не водат евиденција за обемот на деликвентни малолетници или на притворени лица кои се малолетници, но од оние кои водат евиденција за тоа, најголем број случаи на малолетничка деликвенција има САД.[4]

Сторителите кои се појавуваат во адолесценцијата можат генерално да се класифицираат во два вида. Првиот е сторител специфичен за оваа возраст, наречен сторител ограничен на адолесценција, кој започнува и завршува со деликвентното однесување во својата адолесценција. Повеќето адолесценти имаат тенденција да покажат некаква форма на асоцијално или деликвентно однесување, но по созревање ваквото однесување тие го напуштаат. Додека пак другиот вид на сторител, наречен повторен сторител или доживотен сторител, започнува да покажува асоцијално и агресивно однесување во адолесценцијата и продолжува да се занимава со криминална активност во зрелоста.[5]

Постојат разлики во однос на видовите на деликвенција застапени кај девојчињата и момчињата, различни предикатори на деликвенција се појавуваат при анализа на различни типови на кривични дела по пол, но севкупно е очигледно дека момчињата почесто се сторители не само на прекршоци, туку и на сериозни кривични дела. Кога станува збор за помали прекршоци, како што се: тепачки, вандализам, кражба во продавници и слично, разликите во однос на полот се ограничени, бидејќи овие дела

---

[1] Theriot, M. T. (2009). "School resource officers and the criminalization of student behavior". Journal of Criminal Justice. 37 (3): p. 280–287.

[2] Државен завод за статистика, Соопштение бр. 2.1.20.17, 29.7.2020.

[3] "JUSTICE FOR CHILDREN: DETENTION AS A LAST RESORT Innovative Initiatives in the East Asia and Pacific Region". United Nations Children's Fund.

[4] "World Report 2016: Rights Trends in Children Behind Bars". Human Rights Watch. https://www.hrw.org/world-report/2016/country-chapters/africa-americas-asia-europe/central-asia-middle-east/north

[5] Moffitt, T. E. (2006). "Life course persistent versus adolescent limited antisocial behavior". In Cicchetti, D.; Cohen, D. (eds.). *Developmental Psychopathy* (2nd ed.). New York: Wiley. pp. 75–103.

се најчести и кај момчињата и кај девојчињата. Елементите на социјалната врска, социјалната дезорганизација, рутинските активности, можностите и ставовите кон насилството се исто така поврзани со деликвентното однесување и кај двата пола.[6]

Значителен број на малолетните деликвенти исто така се дијагностицирани со различни психолошки нарушувања. Околу 6-16% од момчињата и 2-10% од девојчињата имаат нарушување во однесувањето. Тоа може да варира од нарушувања кои не се нужно агресивни, до асоцијално растројство на личноста, често дијагностицирано меѓу психопатите. Нарушувањата на однесувањето можат да се развијат за време на детството, а потоа да се манифестираат за време на адолесценцијата.[7]

Малолетниците обично својата криминална кариера ја започнуваат со вршење на имотни деликти бидејќи тие се сметаат за најдостапни и затоа што со нив ги задоволуваат своите материјални потреби. Тие кривичните дела често ги вршат во неформални групи или банди, со присуство на агресивност и насилство. Имајќи го предвид фактот што најголем дел од полнолетните повратници започнале со криминална активност како малолетници и фактот што учеството на малолетниците во вкупниот број на сторители на кривични дела е висок, може да се констатира дека борбата против малолетничката деликвенција мора да почне многу порано.

## 2. Фактори што влијаат врз малолетничката деликвенција

За развивање на соодветни методи за сузбивање на малолетничката деликвенција, од клучно значење е етиологијата на малолетничката деликвенција. Откривањето и разбирањето на причините за појавата на антисоцијално однесување кај малолетниците придонесува до можноста поточно да се одреди казнената политика која би била најефективна во борбата против малолетничката деликвенција. Повеќето истражувања укажуваат на фактот дека корените на деликвентното однесување не се едноставни, дека тоа е предизвикано од мешавина на генетски и општествени фактори. Надворешни фактори кои негативното влијаат на личноста заедно со специфичната ментална конституција на индивидуата влијаат меѓусебно во поттикнувањето на антисоцијалното однесување кај малолетникот.

### 2.1 Егзогени фактори

Постои широк спектар на општествени фактори кои се каузално поврзани со криминалната активност. Тие можат да бидат од социоекономска, културна, семејна, образовна и развојна природа. Според едно истражување, дури и промените во времето можат да придонесат кон промена на веројатноста малолетниците да покажат девијантно однесување.[8] За двата најзначајни социјални фактори кои придонесуваат кон појавата на малолетничката деликвенција се сметаат начинот на одгледување и влијанието од врсниците.[9] Други значајни фактори се нискиот социоекономски статус, неуспехот на училиште и одбивањето од врсниците.

Семејните фактори се меѓу најзначајните надворешни фактори, и овде можат да се набројат: нивото на надзор од родителите, начинот на кој родителите го

---

[6] Steketee, M.; Junger, M.; Junger-Tas, J. (2013). оп. цит.

[7] Holmes, S. E.; James, R. S.; Javad, K. (2001). "Risk Factors in Childhood that Lead to the Development of Conduct Disorder and Antisocial Personality Disorder". Child Psychiatry and Human Development. 31 (3): 183–193.

[8] Dabb, C. (1997). The relationship between weather and children's behavior: a study of teacher perceptions. USU Thesis.

[9] Steinberg, L. (2008). Adolescence (8th ed.). New York: McGraw-Hill.

дисциплинираат детето, родителски конфликт или разделување, криминална активност на родители или браќа и сестри, злоупотреба или занемарување од страна на родителите и квалитетот на односот родител-дете.[10] Стилот на родителство што би бил најповолен за детето е авторитативниот стил на одгледување, комбинирајќи ги дисциплинирањето и родителското прифаќање, со што се овозможува здрав развој на детето.[11]

Малолетниците со членови на семејството кои извршиле кривични дела или покажуваат непочитување кон општествените и правните норми можат да бидат под таквото негативно влијание. Насилството од родителите исто така може да го обликува однесувањето да детето, така што тоа ќе се научи и на своите проблеми да реагира со насилство. Кај малолетниците со браќа и сестри кои учествуваат во криминална активност постои поголема веројатност и самите да се впуштат во криминална активност, особено ако братот или сестрата е постара, од ист пол и одржува добра врска со малолетникот. Случаите каде помлад брат или сестра лошо влијае на постариот се ретки. Во случаи на агресивен и непријателски однос со братот или сестрата постои помала веројатност постариот да влијае врз помладиот брат или сестра во насока на деликвентно однесување.[12]

Во однос на децата воспитани од самохрани родители, кај нив постои поголема веројатност да живеат во сиромаштија и да покажат деликвентно однесување, отколку оние кои живеат со двајцата родители. Сепак, откако ќе се земе предвид приврзаноста што детето ја чувствува кон своите родители и нивото на надзор од родителите, кај децата во семејства со самохран родител не постои поголема веројатност да се однесуваат деликвентно од другите.[13] Се покажа дека кога детето не е под надзор од родителите, многу е поголема веројатноста да се однесува девијантно. Конфликтот меѓу родителите на детето е исто така доста позначаен, отколку што е воспитувањето од самохран родител.[14] Доколку децата се резултат на несакана бременост, исто така постои поголема веројатност за манифестирање на деликвентно однесување, обично како резултат на понискиот квалитет на врската меѓу мајката и детето.[15]

Отфрлањето од страна на врсниците во детството е исто така индикатор за идна малолетничка деликвенција. Ова отфрлање може да влијае на способноста на детето правилно да се социјализира и често придонесува тие да гравитираат кон антисоцијални врсници. Дружењето во антисоцијални групи честопати доведува до промовирање на насилно, агресивно и девијантно однесување.[16] Адолесцентите кои можат да избираат помеѓу групи пријатели се помалку подложни на влијанија од врсници кои можат да ги натераат да извршат незаконски дела.[17]

Деликвентната активност, особено вклученоста во младински банди, може да биде предизвикана и од желбата за заштита од насилство или поради финансиски тешкотии. Малолетните престапници можат да гледаат на деликвентната активност како средство за стекнување ресурси. Сиромаштијата кај децата раѓа револт кон

[10] Graham, J. & Bowling, B. (1995). Young People and Crime, Home Office Research Study No. 145, London: Home Office.
[11] Berk, L. E. (2014). Development through the lifespan (Sixth ed.). Boston.
[12] Bartol, C. & Bartol, A. (2009). Juvenile Delinquency and Antisocial Behavior: A Developmental Perspective, 3rd ed. Upper Saddle River, NJ: Pearson Prentice Hall.
[13] Graham, J. & Bowling, B. (1995). оп. цит..
[14] Walklate, S (2003). Understanding Criminology – Current Theoretical Debates, 2nd edition, Maidenhead: Open University Press.
[15] Monea, J. & Thomas, A. (2011). "Unintended pregnancy and taxpayer spending". Perspectives on Sexual and Reproductive Health. 43 (2): 88–93.
[16] Bartol, C. & Bartol, A. (2009). оп. цит.
[17] Vargas, R. (2011). "Being in "Bad" Company: Power Dependence and Status in Adolescent Susceptibility to Peer Influence". Social Psychology Quarterly. 74 (3): 310–332.

нефункционалноста на општеството, и го зголемува присуството на агресивноста и насилството. Постојат анализи кои укажуваат на фактот дека во општествата кои економски осиромашуваат малолетничката деликвенција се зголемува.[18]

Социјализацијата игра клучна улога во однос на половиот јаз во малолетничката деликвенција, бидејќи машките и женските малолетници се социјализираат поинаку. Искуствата на девојчињата и момчињата се во голема мера посредувани од полот, што ги менува нивните интеракции во општеството. Различни предикатори на деликвенција се појавуваат при анализа на различни типови на кривични дела по пол, но севкупно е очигледно дека момчињата почесто се сторители на кривични дела. Елементите на социјалната врска, социјалната дезорганизација, рутинските активности, можностите и ставовите кон насилството се исто така поврзани со деликвентното однесување и кај двата пола.

Степенот на вклученост во социјалните средини е значаен индикатор за насилната деликвенција кај момчињата, но не и кај девојчињата. Кај момчињата постои тенденција да бидат под позначително влијание од врските, што може негативно да дејствува врз нивното однесување.[19] Дружењето со врсници кои се деликвенти е една од најсилните корелати на малолетничката деликвенција, а голем дел од половиот јаз може да се препише на фактот што кај момчињата постои поголема веројатност да имаат пријатели кои го поддржуваат деликвентното однесување.

Што се однесува до девојчињата, семејните врски се покажаа како позначајни во однос на деликвентното однесување. Девојчињата имаат тенденција да бидат поцврсто поврзани со нивните семејства, прекинувањето на врската или недостатокот на социјализација помеѓу членовите на семејството може значително да влијае врз веројатноста тие да извршат кривично дело како малолетници, па дури и како возрасни. Кога семејството е нарушено, девојчињата почесто покажуваат деликвентно однесување, отколку момчињата.[20] Момчињата, сепак, имаат тенденција да бидат помалку поврзани со своето семејство и не се толку погодени од овие односи.

Кај децата кои имаат неуспех на училиште се зголемени шансите за деликвентно однесување, затоа што ниското ниво на образование, ниската приврзаност кон училиштето и ниските образовни аспирации се ризик фактори на деликвентно однесување сами по себе.[21] Од друга страна пак, се смета дека превенцијата преку образованието може да влијае на намалување на малолетничката деликвенција и криминалитет и им помага на младите да ја зајакнат врската и разбирањето со врсниците.

## 2.2 Ендогени фактори

Постоењето на некои од социјалните фактори кои водат до деликвентно однесување кај одредена личност не значи и дека впуштањето во криминална активност на тоа лице нужно следи, туку деликвентното однесување е резултат на комбинација на повеќе ендогени и егзогени фактори што можат, но не мораат, да придонесат детето да изврши кривично дело. Влијанието на надворешните фактори е посредувано од менталната конституција на малолетникот, што значи дека, тоа дали негативните општествени појави и ситуации во кои се наоѓа малолетникот ќе допринесат тој да

---

[18] Terre des hommes – Child Relief, World Youth Report 2003, Chapter 7 Juvenile Deliquency.

[19] Piquero, N. L.; Gover, A. R.; MacDonald, J. M.; Piquero, A. R. (2005). "The Influence of Delinquen Peers on Delinquency". Youth & Society. 36 (3): 251–275.

[20] Steketee, M.; Junger, M.; Junger-Tas, J. (2013). "Sex Differences in the Predictors of Juvenile Delinquency". Journal of Contemporary Criminal Justice. 29 (1): 88–105.

[21] Kirk, D. S.; Sampson, R. J. (2012). "Juvenile Arrest and Collateral Educational Damage in the Transition to Adulthood". Sociology of Education. 86 (1): 36–62.

покаже деликвентно однесување во голема мера зависи од неговата отпорноста кон таквите фактори.

Некои од индивидуалните психолошки фактори што можат да влијаат врз појавата на деликвентно однесување кај малолетникот се: ниската интелигенција, импулсивноста, високиот степен на агресија и недостатокот на емпатија. Други фактори што можат да бидат евидентни уште од детството се: вознемирувачко или агресивно однесување, недостаток на емоционална контрола, јазични одложувања или дефицити, неможност да се контролира гневот и суровост кон животните.[22] Сепак, не е секогаш јасно дали овие аспекти на личноста се резултат на вродени психолошки карактеристики или пак се резултат на родителско влијание или други надворешни фактори.[23] Во секој случај, адолесцентите се повеќе склони кон преземање ризици, што може да ја објасни високата непропорционална стапка на криминалитет кај оваа возрасна група.

Малолетните деликвенти кои имаат периодични средби со системот на кривична правда т.е. се хабитуални сторители во текот на животот, имаат поголема веројатност да бидат дијагностицирани со разни психолошки нарушувања. Штом малолетникот продолжи да ги покажува истите модели на однесување и по наполнување осумнаесет години, тогаш постои ризик да биде дијагностициран со асоцијално растројство на личноста и постои значително поголема веројатност да стане сериозен и доживотен криминалец.[24]

Од особено значење се ендогените фактори кои се поврзани со структурата на личноста. Според најпознатиот психоаналитичар, Сигмунд Фројд, личноста содржи 3 структурни елементи: Ид, Его и Супер-его. Според оваа теорија, наречена психоаналитичка теорија, корените на криминалното однесување се наоѓаат во одредени искуства од раното детство на човекот кои можат да придонесат за негативен развој на неговата личност. Идот е делот од личноста на човекот кој ги дава инстинктите, нагоните, потребите и импулсите. Супер-егото е другата крајност т.е. укажува на општествените стандарди, норми и морал. Егото претставува вид посредник, тоа е компонентата од личноста која е одговорна за балансирање на идот и супер-егото, така што тоа ја држи под контрола импулсивноста која може да се јави доколку премногу доминира идот или пак анксиозноста и ригидноста кои се резултат на премногу развиеното супер-его. Егото со контролирање на идот овозможува при неговото задоволување да ги имаме предвид и општествените норми и вредности.

Друга значајна теорија која се користи при објаснување на деликвентно однесување претставува теоријата за четирите темпераменти. Оваа класификација на личностите според четири темпераменти потекнува уште од античко време и низ историјата ја задржала својата позиција како една од главните начини на објаснување и предвидување на однесувањето, особено на антисоцијалното и криминалното поведение. Темпераментот се однесува на одредени доследни карактеристики на личноста поврзани со вообичаените начини на кои различни личности ги доживуваат своите емоции - нивната интензивност, зачестеност, видот на емоциите (позитивни или негативни) како и нивната надворешна манифестација. Може да се каже дека темпераментот го определува криминалното поведение на лицето бидејќи карактеристиките на темпераментот го определуваат и се отсликуваат во самото кривичното дело. Во видовите на темпераменти спаѓаат:

[22] Bartol, C. & Bartol, A. (2009). оп. цит.
[23] Farrington, D. P. (2002). "Developmental criminology and risk-focused prevention". In Maguire, M.; et al. (eds.). *The Oxford Handbook of Criminology* (3rd ed.). Oxford: Oxford University Press.
[24] DeLisi, M. (2005). Career Criminals in Society. London, United Kingdom: Sage Publications. p. 39.

- Колеричниот тип на темперамент, на кој му се својствени интензивни чувства, иритабилност, лесно одлучување на акција, хиперактивност, чести возбудувања, чести нагли и силни реакции.

- Сангвиничниот тип на темперамент, за кој е својствено брзото реагирање, но чувствата не траат долго и лесно се менуваат. Личностите со сангвиничен темперамент лесно го менуваат своето расположение, но повеќе се склони на весело расположение и оптимизам.

- Карактеристични за флегматичниот темперамент се ретките и бавни реакции, слабите чувства и слабата подвижност. Личностите во кои е изразен овој тип се перцепирани како релаксирани, рационални, смирени и дури апатични.

- На меланхоличниот тип на темперамент својствени му се ретките и бавни реакции, со висок степен на емотивност. Личностите со овој тип на темперамент се релативно инхибирани, песимистични, анксиозни и загрижени. Тие се повлечени во себе и чувствата кои доминираат кај нив се обично тагата и загриженоста.

Според самите карактеристики на различните видови темпераменти може да се забележи кои од нив можат да резултираат во сколоност кон асоцијални однесување. Најголема склоност кон невротично однесување, агресија, иритабилност, непромислени дејства, импулсивност и слични појави кои се карактеристични за криминалците имаат личностите со колеричен тип на темперамент. Другиот вид темперамент чии карактеристики потсетуваат на личностите со асоцијално поведение е меланхоличниот темперамент, поради неговиот асоцијален квалитет.

Карактерот, под што се подразбираат оние особини кои покажуваат карактеристично однесување на поединецот со оглед на моралните принципи и моралните сфаќања на определено општество, исто така има круцијално влијание врз отпорноста кон криминалитетот. Карактерот претставува еден вид систем на особини кои резултираат во релативно доследно однесување на поединецот во контекст на моралните норми, и покрај можните негативни надворешни влијанија. Под карактерни особини можат да се наведат особини како што се: совесноста, дарежливоста, храброста, несебичноста и слично. Движечките сили, вклучувајќи ги мотивите, ставовите, предрасудите и интересите, дополнително придонесуваат кон насочувањето на активноста на детето. Од нив зависи целокупната активност на поединецот, вклучително и криминалната активност.

## 3. Превенција на малолетничката деликвенција

Карактеристично за справувањето со малолетничката деликвенција е значењето што им се дава на мерките со воспитен карактер, минималната и рестриктивна употреба на мерките со ретрибутивен карактер како и акцентот на специјалната превенција. Имајќи го предвид фактот што првите облици на криминално поведение често се манифестираат уште во текот на адолесценцијата, од клучно значење е идентификувањето на причините кои придонеле до таквото однесување и итно реагирање на начин кој ќе биде соодветен на видот и тежината на деликвентното дејствие, неговите последици како и на карактеристиките на личноста на деликвентот. Во најчест број случаи минималната интервенција се смета за адекватна за пренасочување на малолетникот на прав пат, а поригорозни мерки се применуваат само

доколку со сигурност може да се процени дека полесните мерки нема да го решат проблемот.

Должност на општеството е да обезбеди услови за правилен развој на сите деца, и при решавањето на сите прашања поврзани со децата да се раководи според начелото на најдобар интерес на детето. Начините на остварување на превенција можат да вклучуваат разни активности и тоа: семејно советување, консултирање и обука, градење на личните вредности кај децата, менторство на младите, едукација на родителите и унапредување на родителските врски, едукативна поддршка и засолништа за млади, едукација и третман поради злоупотреба на супстанции и слично. Зголемувањето на достапноста и употребата на услугите за планирање на семејството, вклучително и едукацијата за репродуктивното здравје и пристапот до контрацептивни средства, помага да се намали несаканата бременост и несаканите породувања, кои претставуваат ризик фактори за деликвенција.

Еден начин на остварување на кривичната правда во однос на малолетничката деликвенција е преку малолетничкиот судски систем. Станува збор за приод кон деликвенцијата кој е сличен со приодот при справување со полнолетните сторители, каде е нагласена пунитивноста на санкционирањето и кривичниот прогон. Овие ретрибутнивни мерки се остваруваат преку посебни судови кои се наменети за судење на малолетни лица. Иако во однос на малолетниците се тежнее кон примена на мерки на ресторативна правда и одбегнување на пунитивните мерки, понекогаш доколку постои потреба малолетните сторители можат да се осудат и на казна затвор. Малолетниците во младинските центри за притвор можат да бидат изложени на многу од казните кои по правило се применуваат само за возрасните,[25] како што е самицата, и покрај нивната возраст или присуството на попреченост. Децата во малолетничкиот притвор можат да имаат компромитирано или непостоечко школување, што доведува до поголема стапка на неуспех во однос на завршувањето на средното образование, а можат да потпаднат и под негативно влијание на други деликвенти со што се зголемува можноста за појава на рецидивизам.

Бидејќи горенаведениот пристап може да произведе контрапродуктивен ефект поради придонесот кон стигматизирањето на малолетникот, постои тренд кон примена на мерки на ресторативна правда.[26] Пристапот на ресторативна правда ги нагласува мирното решавање на конфликтите и непунитивната интервенција. Интервенциите, како што се ангажирање на повеќе советници или ментори, градење на лични вештини, или фокусирање на разрешувањето на проблемите преку разговор се исто така значајни за ресторативниот пристап.[27]

Поради значителното влијание што врсниците и родителите го имаат врз малолетниците, при интервенциите значајно е не само да се одделат малолетниците во ризик од антисоцијалните врсници и да се вклучат во воннаставни активности со про-социјални врсници, туку истовремено и да се подобри домашната средина на малолетникот преку обука на родителите за тоа што би претставувале соодветни стилови на родителство и создавање на методи на комуникација со детето кои позитивно ќе влијаат врз него и ќе придонесат кон зацврстување на семејните врски.

Превенцијата исто така може да биде остварена преку образованието. Образованието промовира економски раст, национална продуктивност и иновација,

[25] "Juvenile Justice". Human Rights Watch. https://www.hrw.org/topic/childrens-rights/juvenile-justice

[26] "Improving School Climate: Evidence from Schools Implementing Restorative Practices" (PDF). International Institute for Restorative Practices. 2014.

[27] Fronius, T. (2016). "Restorative Justice in U.S. Schools: A Research Review" (PDF). WestEd Justice & Prevention Research Center.

демократски вредности и социјалната кохезија.[28] Се смета дека превенцијата преку образованието може да влијае на намалување на малолетничката деликвенција и криминалитет и им помага на младите да ја зајакнат врската и разбирањето со врсниците.[29] Кога се зборува за реформирањето на малолетниците особено значајни се и разните специјализирани едукативни и ресоцијализаторски програми за подобра интеграција на малолетните лица во училиштето и општеството, со фокус на потребата од намалување на стапките на рецидивизам кај малолетните престапници.

Во теорија, малолетничкиот рецидивизам е чувствително прашање поради фактот што малолетниците се млади и способни за промена. Со цел да се применат адекватни мерки треба да се оцени состојбата и историјата на малолетничкиот деликвент во целост, оценувајќи ги претходните како и постоечките фактори кои би можеле да влијаат врз малолетникот да продолжи со антисоцијалното однесување. Ефикасноста на сузбивањето на криминалитет воопшто, зависи од ефикасноста на борбата против малолетничката деликвенција.

## ЗАКЛУЧОК

Малолетничката деликвенција претставува антисоцијално, неморално и криминално однесување на малолетните лица кое се изразува низ конкретни криминални дејствија со кои се прекршуваат моралните и законските норми, општествените вредности, стандарди и норми на однесување. Од клучно значење за разбирањето на малолетничката деликвенција и развивање на соодветни методи за нејзино сузбивање е детална анализа на нејзините феноменолошки и етиолошки карактеристики. Доколку се знаат факторите кои предизвикуваат манифестација на криминално однесување кај малолетниците, може поточно да се одреди казнената политика која би била најефективна во борбата против криминалитетот.

Потребата од посебна анализа на малолетничката криминална активност, одвоено од генералниот криминалитет е резултат на спецификите кај оваа возрасна група. Имено, малолетниците се разликуваат од возрасните по нивниот понизок степен на емоционална и интелектуална зрелост, па затоа во кривичното законодавство им се дава посебен третман. Малолетниците се наоѓаат во фаза на развој, па затоа, дури антисоцијалните однесувања на малолетниците со кои се кршат само одредени морални норми на општеството треба да се сфатат сериозно, бидејќи тие сепак преставуваат важен индикатор дека развитокот на личноста на детето оди во негативна насока.

Малолетничката деликвенција може да варира од статусни престапи (на пр. пушење, пиење, бегање од часови и сл.), до имотни деликти и насилни кривични дела. За малолетничките деликвенти историски карактеристични биле кривичните дела со имотен карактер како најдостапен вид кривични дела, со кои малолетниците ги задоволувале своите материјални потреби. Но, во последно време како новост се појавуваат и кривичните дела против животот и телото, кои сѐ почесто се извршуваат од малолетници.

Корените на малолетничката деликвенција не се едноставни, повеќе истражувања укажуваат на фактот дека таа е предизвикана од мешавина на разни биолошки и општествени фактори. Постои широк спектар на општествени фактори кои се каузално поврзани со криминалната активност. Сепак, тие не се доволни за настанување на

---

[28] World Bank. "Education and development". Архивирано на 29 јануари 2017. http://go.worldbank.org/f5k8Y429go

[29] Katsiyannis, A.; Ryan, J. B.; Zhang, D.; Spann, A. (2008). "Juvenile Delinquency and Recidivism: The Impact of Academic Achievement". Reading & Writing Quarterly. 24 (2): p. 177–196.

антисоцијално поведение сами по себе, туку нивното влијание е посредувано од психолошките и биолошките особини на малолетникот. Ова значи дека одговорот на прашањето дали негативните надворешни влијанија ќе допринесат малолетникот да покаже деликвентно однесување, во голема мера зависи од неговата ментална отпорност кон таквите влијанија.

Имајќи го предвид фактот што првите облици на криминално поведение често се манифестираат уште во текот на адолесценцијата, од клучно значење е идентификување на причините кои придонеле до таквото однесување и навремено и соодветно реагирање од страна на општеството. Притоа, треба да се стави акцент на превентивните мерки, и особено на нивното прилагодување кон личноста на деликвентот. Поради фактот што најголем дел од полнолетните сторители започнале со криминална активност како малолетници, може да се констатира дека од борбата против малолетничката деликвенција, зависи и ефикасноста на сузбивањето на криминалитетот во општеството воопшто.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Bartol, C. & Bartol, A. (2009). Juvenile Delinquency and Antisocial Behavior: A Developmental Perspective, 3rd ed. Upper Saddle River, NJ: Pearson Prentice Hall.

Berk, L. E. (2014). Development through the lifespan (Sixth ed.). Boston.

DeLisi, M. (2005). Career Criminals in Society. London, United Kingdom: Sage Publications.

Dabb, C. (1997). The relationship between weather and children's behavior: a study of teacher perceptions. USU Thesis.

Fronius, T. (2016). "Restorative Justice in U.S. Schools: A Research Review". WestEd Justice & Prevention Research Center.

Graham, J. & Bowling, B. (1995). Young People and Crime, Home Office Research Study No. 145, London: Home Office.

Holmes, S. E.; James, R. S.; Javad, K. (2001). "Risk Factors in Childhood that Lead to the Development of Conduct Disorder and Antisocial Personality Disorder". Child Psychiatry and Human Development.

"Improving School Climate: Evidence from Schools Implementing Restorative Practices". International Institute for Restorative Practices. 2014.

"JUSTICE FOR CHILDREN: DETENTION AS A LAST RESORT Innovative Initiatives in the East Asia and Pacific Region". United Nations Children's Fund

“Juvenile Justice". Human Rights Watch. https://www.hrw.org/topic/childrens-rights/juvenile-justice

Katsiyannis, A.; Ryan, J. B.; Zhang, D.; Spann, A. (2008). "Juvenile Delinquency and Recidivism: The Impact of Academic Achievement". Reading & Writing Quarterly

Kirk, D. S.; Sampson, R. J. (2012). "Juvenile Arrest and Collateral Educational Damage in the Transition to Adulthood". Sociology of Education.

Moffitt, T.E. (2006). "Life course persistent versus adolescent limited antisocial behavior". In Cicchetti, D.; Cohen, D. (eds.). Developmental Psychopathy (2nd ed.). New York: Wiley.

Monea, J. & Thomas, A. (2011). "Unintended pregnancy and taxpayer spending". Perspectives on Sexual and Reproductive Health.

Piquero, N. L.; Gover, A. R.; MacDonald, J. M.; Piquero, A. R. (2005). "The Influence of Delinquen Peers on Delinquency". Youth & Society.

Steinberg, L. (2008). Adolescence (8th ed.). New York: McGraw-Hill.

Steketee, M.; Junger, M,; Junger-Tas, J. (2013). "Sex Differences in the Predictors of Juvenile Delinquency". Journal of Contemporary Criminal Justice.

Terre des hommes – Child Relief, World Youth Report 2003, Chapter 7 Juvenile Deliquency.
Theriot, M. T. (2009). "School resource officers and the criminalization of student behavior" Journal of Criminal Justice.
Vargas, R. (2011). "Being in "Bad" Company: Power Dependence and Status in Adolescent Susceptibility to Peer Influence". Social Psychology Quarterly.
Walklate, S (2003). Understanding Criminology – Current Theoretical Debates, 2nd edition, Maidenhead: Open University Press.
World Bank. "Education and development". http://go.worldbank.org/f5k8Y429go.
"World Report 2016: Rights Trends in Children Behind Bars". Human Rights Watch. https://www.hrw.org/world-report/2016/country-chapters/africa-americas-asia-europe/central-asia-middle-east/north
Државен завод за статистика, Соопштение бр. 2.1.20.17, 29.7.2020.

**МАНЧЕВА Сања**

**УДК: 364.632-027.553-055.2:343.54/.55**

# МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**Апстракт:** Оваа проектна задача претставува преглед на дел од новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Содржината се однесува на мерките за заштита. Посебно внимание се посветува на видовите мерки, надлежните институции за спроведување и нивниот пристап. Целта на оваа проектна задача е да понуди теоретска рамка за подобро разбирање на сеопфатните национални мерки за заштита од насилството врз жените и семејно насилство.

**Клучни зборови**: човекови права, правна заштита, заштита од ревиктимизација, итни мерки, привремени мерки, институционална одговорност, пол

**MANCEVA Sanja**

**UDK: 364.632-027.553-055.2:343.54/.55**

# MEASURES FOR PROTECTION OF VICTIMS LAW FOR PREVENTION AND PROTECTION IN DEFIANCE OF VIOLENCE AGAINST WOMEN AND DOMESTIC VIOLENCE

**Abstract:** This project paper is an overview of the new law on prevention and protection from violence against women and domestic violence. The content refers to protection measures for the victims. Special attention is given to the types of measures, the entities that implement them and their approach. The purpose of this paper is to offer a theoretical framework together with better understanding of comprehensive national measures of protection for violence against women and domestic violence.

**Key words**: human rights, legal protection, protection against revictimization, urgent measures, provisional measures, institutional responsibility, gender

## ВОВЕД

Насилството врз жените е едно од најраспространетите повреди на човековите права во светот. Како глобален предизвик постои на секој континент, земја и култура. Предизвикува големи штети на семејствата, ги осиромашува заедниците и ги зајакнува формите на нееднаквост и насилство. Значајно е да се нагласи дека насилството врз мажите е исто толку важен предизвик, но ова насилство има различни форми и не е вкоренето во диспропорционалноста на моќта и структурните односи, на нееднаквоста помеѓу жените и мажите.[1]

Терминот насилство врз жени опфаќа мноштво злоупотреби насочени кон жени и девојчиња. Декларацијата на ООН за елиминација на насилството врз жените истото го дефинира како дела кои предизвикуваат или имаат потенцијал да предизвикаат повреда.

[1] Indicators to measure violence against women Report of the Expert Group Meeting 8 October 2007 Geneva, Switzerland.

Родово базираното насилство често се користи наизменично со насилството врз жените. Двете дефиниции упатуваат на насилство врз жените како резултат на родова нееднаквост. Оваа нееднаквост може да се опише како дискриминација во можностите и одговорностите, во пристапот и контролата врз ресурсите, како социокултурна вкоренетост припишана на поимот супериорен однос маж - жена. Насилните акти во оваа дефиниција се категоризираат како физички, сексуални или психолошки. Сепак, овие различни форми често формираат комплексен модел на однесување каде што психолошкото насилство е комбинирано со физичко и / или сексуално злоставување.[2] Употребата, и свесна и несвесна, на родови стереотипи во рамките на законот, политиката и практиката може да ја зајакне дискриминацијата врз жените. Затоа е од суштинско значење да се идентификува улогата на правните мерки во зајакнувањето на социјалните норми и вредности кои работат кон постигнување на родова еднаквост и спречување на насилство врз жените. Законодавството мора да биде исчистено од јазикот на стереотипи и дискриминација. Неопходно е развивањето на политики за да се осигури дека напорите за спречување на насилство врз жените се спроведени на стратешки и сеопфатен начин.[3]

Значителни примени во законодавството за семејно насилство започнаа во 90-тите години, заради неколку различни фактори. Успешната кампања на жените го подигна профилот на прашањето за насилство врз жените и Усвојувањето со консензус на Декларацијата за елиминација на насилството врз жените (Declaration on the Elimination of Violence against Women) од страна на Генералното собрание на ОН во 1993 ги призна правата на жените како неотуѓив дел од универзалните човекови права. Како резултат на новата генерирана свест, законите за семејно насилство беа донесени во повеќе земји.[4] Отстранувањето на сите табуа во врска со семејното насилство е клучно. Да престане стигмата дека тоа е приватна работа или дека семејното насилство е случување само во семејствата од одредени социјални класи.[5]

Заштитата и безбедноста на преживеаните жртви треба да бидат главен фокус на правните системи. Важно е да се обезбедат заштитни мерки, така што преживеаните жртви нема да останат без соодветна заштита и нема да бидат ревиктимизирани. Од суштинско значење е секоја жена што била злоупотребена или изложена на ризик, да има непосреден и постојан пристап до услуги за поддршка и мерки за заштита. Во секое време, на жената мора да ѝ се помогне да биде активна во нејзината интеракција со правниот систем, да биде запозната со достапните опции и да направи избор за нејзината безбедност.

Македонија е една од првите земји во регионот која стана потписник на Конвенцијата на Европа за борба и превенција на насилство врз жената и семејно насилство (Истанбулската конвенција, 2011). Ова претставува значаен чекор, бидејќи оваа конвенција е првиот меѓународно правно обврзувачки документ кој специфично го адресира насилството вез жената. За прв пат во Европа, со Истанбулската конвенција се воспоставуваат правно-обврзувачки стандарди за спречување на насилството врз жената, вклучувајќи го и семејно насилство, за заштита на жртвите и казнување на сторителите. Изминатите години беа обележани со бројни активности поврзани со спречување на насилството врз жените и семејно насилство, може да се забележи дека

---

[2] J Epidemiol Community Health: first published on 15 September 2005.

[3] PREVENTING VIOLENCE AGAINST WOMEN: ARTICLE 12 OF THE ISTANBUL CONVENTION Council of Europe, September 2014.

[4] Innocenti Digest 6 – *Domestic Violence, June 2000.*

[5] RAISING AWARENESS OF VIOLENCE AGAINST WOMEN: ARTICLE 13 OF THE ISTANBUL CONVENTION Council of Europe, September 2014.

се преземаат бројни институционални и вонинституционални активности како форма на заштита на жртвите.[6]

Денес, насилството врз жени и семејно насилство конечно се вклучени во легислативата и националните документи со, за прв пат, дефинирање на повеќе видови на насилство врз жената.

**Мерки за заштита на жртвите и надлдежни институции за нивно спроведување** (член 18-59)

а) Мерки за заштита од ревиктимизација
Во законот е предвидено повторувањето на виктимизација, односно ревиктимизација. Предвидените надлежни институции за примање на пријава и постапување - МВР, судовите, јавното обвинителство и центарот за социјална работа, се обврзани да постапуваат на одреден начин со личните податоци на жртвите и при земање на нивен исказ, со цел да бидат заштитени од повторна виктимизација. Законот наведува шест и остава простор за други мерки со кои ќе се заштити интегритетот на жртвата. Покрај заштита на лични податоци, местото и начинот на земање на исказ, се бараат и посебни простории за разговор и одредени ограничувања при соочување со пријавеното лице и давање исказ во текот на постапката. Мерките за ревиктимизација можат да бидат ефикасен чекор кон превенција и заштита.

б) Според член 8, жртвата има право на помош, поддршка и заштита од семејно насилство, да биде информирана од службените лица за своите права, мерките за заштита и постапките за остварување на истите, како и за достапните услуги за помош и заштита.
Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, се предвидени како надлежни институции за преземање на мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство.
Центарот за социјална работа е должен за преземање на привремено згрижување, психосоцијален третман во советувалиште, помош на семејството за редовно школување на дете и поврзување на жртвата со соодветни државни и други надлежни органи за нејзино економско јакнење.
За здравствената установа и здравствените работници се предвидува вршење преглед на повредите и обезбедување медицински третман, документирање на повреди и собирање на докази за постоење на повреди (вклучувајќи ги и повредите на психички интегритет), издавање медицинска документација за констатирана повреда, информирање на жртвите за нивните права, постапка за заштита и достапните услуги за помош, со наведена можност за други мерки во согласност со потребите на жртвите.
Овозможени се мерки кои можат да бидат преземени од страна на здруженија, самостојно или во соработка со надлежни органи, со обврска за итно информирање на надлежен орган за преземаните мерки.
За финансиска поддршка се должни единиците на локална самоуправа со обезбедување на средства во буџетот, по сопствена проценка за опфатот, висината и траењето на поддршката.
в) Итни мерки

[6] Жената и насилството, Практикум за вежби по предметот Човекови права, д-р Жанета Попоска, Штип 2016.

Службените лица во надлежните институции се должни да постапуваат итно, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата. Итните мерки за предвидени во случај на пријава, во предвиден рок за постапување од 12 часа. Надлежни институции за преземање на итни мерки се: Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа и единиците на локална самоуправа. Полициските службеници, во случај на пријава на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство, се должни да отстранат непосредна опасност за жртвата и членовите на нејзиното семејство; по сопствена проценка на лице место да го лиши од слобода пријавеното лице; привремено да го одземе оружјето или дозволата за оружје на пријавениот; да повика или да ја придружи жртвата до соодветна медицинска помош; по барање на жртвата да ја придружи до живеалиштето со цел земање на лични работи за секојдневниот живот; по сопствена проценка на ризик да поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување без согласност на жртвата; да ги извести надлежниот центар за социјална работа и надлежниот јавен обвинител; да ја информира жртвата за своите права, постапката за заштита и услугите за помош; со наведена можност за преземање на други мерки за заштита на жртвите и членовите на нивните семејства.

Центарот за социјална работа кој примил пријава е должен да обезбеди интервентно сместување на жртвата; да повика или да ја придружи жртвата до соодветна медицинска помош; да обезбеди психосоцијална поддршка и интервенција во криза; да поднесе предлог за изрекување привремени мерки за заштита до надлежен суд и без согласност од жртвата; да го извести МВР за преземање мерки на заштита; доколку жртвата е родител, да донесе решение за привремено доверување на грижа и воспитување на децата на родителот жртва; да ја информира жртвата за нејзините права, постапката за заштита и услугите за помош и поддршка; во зависност од возраста и деловната способност на жртвата, односно доколку станува збор за дете или лице со ограничена или одземена деловна способност, оставена е можност за постапување според законите за социјална заштита, семејство, правда за деца и заштита на децата.

За единиците на локална самоуправа, во случај на деца жртви на насилство, е предвидена должност за итен упис во училишта или градинки на подрачјето на локалната самоуправа без барање согласност од родителите.

г) Привремени мерки

Со цел запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање на ефикасни мерки кон сторителот на насилството, заради елиминирање на причините за повторно вршење на насилството законот предвидува изрекување на привремени мерки. Предлог за изрекување на вакви мерки може да поднесе жртвата или нејзиниот полномошник, центарот за социјална работа, Министерството за внатрешни работи и родител или старател. Предлогот се поднесува до надлежен суд. Судот како привремена мерка за заштита може да изрече забрана на закана за сторување насилство; забрана за малтретирање, вознемирување, телефонирање, директно или индиректно контактирање на каков било начин со жртвата; забрана за приближување на растојание помало од 100 метри на наведени места редовно посетувани од жртвата; повремено отстранување од домот без оглед на сопственоста; забрана за поседување на оружје и негово одземање; враќање на предмети потребни за секојдневни потреби на жртвата; задолжително издржување на семејството; посетување на советувалиште за сторители; доколку постојат, задолжително лекување од зависности или психичко заболување; надоместување на медицинските трошоци настанати од насилството; со можност за каква било друга мерка која според судот е неопходна за обезбедување сигурност и добросостојба на жртвата и членовите на нејзиното семејство.

По приемот на предлог, судијата поединец, со исклучена јавност, е должен да постапи веднаш за изрекување привремена мерка за заштита на жртвата. Изјавена жалба против одлуката на судот не го задржува нејзиното извршување. Сепак, повремените мерки можат да се изречат во траење од три месеци до една година, со можност за продолжување само во случај на продолжување на насилството.

Изречените судски мерки, согласно со законот, ги спроведуваат Министерството за внатрешни работи и Министерство за здравство. Министерството за внатрешни работи е надлежно за спроведување на предвидените привремени мерки за безбедност жртвата, додека Министерството за здравство е надлежно за спроведување на предвидените привремени мерки за задолжителното лекување или посетување на советувалиште од страна на сторителот на родово базирано насилство вез жените и семејно насилство.

Центарот за социјална работа го следи спроведувањето на привремените мерки за заштита на жртвите, притоа соработувајќи со граѓани, правни лица, институции и здруженија, го известува судот за текот и ефектите од спроведувањето. Жртвата може да го извести центарот за социјална работа за непочитување на изречените мерки, а судот може да побара известување од МВР, Министерството за здравство и центарот за социјална работа за начинот на спроведување и почитување на изречената повремена мерка за заштита.

Во случај на непочитување на изречена привремена мерка, се поднесува кривична пријава до надлежен јавен обвинител.

## ЗАКЛУЧОК

Напредокот за законската регулатива, иако многу подоцна до реалните и се почести дела на насилство врз жените и семејното насилство, се случува. Законот беше донесен и усвоен во период на меѓународна криза и пандемија, кога изолацијата и ограниченото движење станаа правила на секојдневно живеење, бројот на пријавените случаи за ваков тип на насилство ги надмина сите предвидувања. Едногласно се усвои Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Законот предвидува Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, да бидат носечка сила за преземање на мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство. Во оваа проектна задача, неопходните мерки од Законот се разгледани и групирани како: мерки за заштита од ревиктимизација; итни и привремени мерки; и надлежни институции за помош, поддршка и заштита на жртвите. Ревиктимизацијата не е ретко случување. Постојат бројни истражувања кои укажуваат на корелацијата помеѓу последичните нарушувања кај жртвите на родово базирано насилство и ризикот за повторно виктимизирање. Превенцијата на ревиктимизација има големо значење за намалување на бројката на овие дела, како и за заштита лицата кои веќе биле нивни жртви. Законот го препознава потенцијалниот фактор на ризик, предвидува конкретни мерки и со тоа ги обврзува надлежните институции на одредено постапување со жртвите и нивните лични податоци. Не само што се оневозможува или отежнува на извршителите на кривични дела да имаат некакво влијание врз лицата кои ги пријавуваат, туку се создава средина на безбедност за жртвите за пријавување на делата. Исто така, институционалната надлежност за преземање на мерки за заштита не е препуштена само на полицијата. Надлежноста е проширена на сите институции кои вршат дејност од областа на

социјална заштита, детска заштита, здравство или образование. И граѓанските организации се наведени како правни лица со одредени надлежности од кои може да се побара помош. Со ова се дава слобода на избор на жртвата, како и можност за побрзо и поефикасно пријавување. Итните и привремените мерки на заштита можеби се и најзначајните во превенција од повторување на насилството или влошување на состојбата, како и за помагање и згрижување на жртвата. Предвидените рокови се неопходни за отстранување на опасноста и елиминирање на причините за повторно вршење на насилството. За посебно споменување е тоа што покрај итна или привремена заштита на жртвата, предвидена е заштита и за членовите на нејзиното семејство. Со тоа се овозможува намалување на стравот кај жртвата и зголемување на храброста за пријавување на сторителот.

Државното законодавство ја достаса меѓународната теорија. Сепак, со време, статистиката ќе покаже дали и колку практичната примена ќе ги достаса нив и ќе обезбеди побезбедно место на живеење.

"To make women count, we need to start doing things that count to women."[7]

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник на РСМ бр. 24/2021 (датум на објавување: 29.01.2021, датум на стапување во сила: 06.02.2021, почеток на примена: 06.05.2021);

Жената и насилството, Практикум за вежби по предметот човекови права, д-р Жанета Попоска, Штип 2016;

Indicators to measure violence against women Report of the Expert Group Meeting 8 October 2007 Geneva, Switzerland;

J Epidemiol Community Health: first published on 15 September 2005

Preventing violence against women: Article 12 of the Istanbul Convention, Council of Europe, September 2014;

Raising awareness of violence against women: Article 13 of the Istanbul Convention, Council of Europe, September 2014;

Innocenti Digest 6 – Domestic Violence, June 2000;

Gender-Based Violence in crisis and post-crisis settings, United Nations Development Programme, 2009.


[7] Kathleen Cravero, Former Assistant Administrator and Director of BCPR, January 2009.

**МИТРУШЕВА Наташа** **УДК: 343.8-058.57(497.7)**

# ЗАТВОРСКА ЗАЕДНИЦА ВО РСМ

**Апстракт:** Во едно современо општество каде сè повеќе е застапена стапката на криминалот, потребно е негово спречување и казнување на сторителите на тој криминал. Кога споменуваме сторители мислиме на лица кои без разлика за какво кривично дело станува збор, тие не размислуваат за последиците и го вршат тоа кривично дело. Затоа во секоја држава како и во РСМ постои вештачко формирана заедница од страна на самото општество т.н. затворска заедница која служи за сместување на сторителите, нивно казнување и нивна ресоцијализација. Затворската заедница претставува тема за голем број на научни дисциплини, за нејзино проучување и истражување, сè со цел да се осознае колку всушност ваквата заедница помага на државата со затворањето на сторителите и колку им помага на самите затвореници за нивна ресоцијализација.

**Клучни зборови**: затворска заедница, установа, осудени лица

**MITRUSEVA Natasa** **UDK: 343.8-058.57(497.7)**

# PRISON COMMUNITY IN RNM

**Abstract:** In a modern society where the crime rate is more prevalent, it is necessary to prevent and punish the perpetrators of that crime. When we mention perpetrators, we mean people who, no matter what crime they are talking about, do not think about the consequences and commit that crime. Therefore, in every country as well as in RSM, there is an artificially formed community by the society itself, the so-called prison community, which serves to house the perpetrators, punish them and re-socialize them. The prison community is a topic for a number of scientific disciplines, for its study and research in order to find out how much such a community actually helps the state by imprisoning the perpetrators and how much it helps the prisoners themselves for their re-socialization.

**Key words:** prison community,institution, convicted persons

## ВОВЕД

Затворската заедница (prision community)[1] преставува заедница на живеење на една група на луѓе кои се именувани како - осудени лица, заедница која има присилен карактер. Кога споменуваме присилен карактер се мисли на присилно затворање на осуденото лице (губење на слободата). Затворската заедница е настаната уште со самото настанување на државата, а се одликува со затворени и заклучени порти оградени со решетки и стражари кои ги чуваат затворениците. Секоја затворска заедница во зависност од државата каде се наоѓа си има посебни услови и начини на функционирање.

[1] Пенитенцијарна установа која ги опфаќа казнените установи, институции во кои се извршува казната затвор.

Конкретно во РСМ под затворска заедница се подразбира установа каде се сместени сторителите на кривичните дела, сè со цел да бидат казнети и превоспитани. Во РСМ се разликуваат три форми на затворски установи, односно машки, женски и казнени поправни установи за малолетни лица.

Во РСМ има повеќе затвори и тоа во следниве градови: Скопје, Куманово, Прилеп, Тетово, Битола, Струмица, Гевгелија со отворено одделение во КриваПаланка и малолетнички затвор во Охрид, додека казнено поправни установи има во Скопје, Штип и Струга, а додека воспитно поправен дом има во Тетово.[2]

Сите затвори на ниво на РСМ се регулирани од страна на Законот за извршување на санкциите.[3]

### Законот за извршување на санкциите како регулатор на осудените лица во затворките заедници

Со Законот за извршување на санкциите се уредуваат санкциите кои се утврдуваат на осудениците во зависнот од видот и тежината на кривичното дело кое го сториле. Санкциите кои се опфатени со овој закон се казните, алтернативни мерки спрема децата, мерки на безбедност и воспитни мерки.[4] Исто така со овој закон се одредуваат и прекршоците кои се изречени на сторителите на кривичните дела.[5]

Со лицата која им е определена санкцијата треба да се однесуваат човечки, сè со цел осуденикот да не се почувствува загрозено и повредено неговото достоинство и морал, притоа треба да се внимава на неговото душевно и ментално здравје. Со законот се забранети и дескриминациите за осуденоците на тој начин што ниту еден осуденик не треба да биде дескриминиран без разлика на неговата боја на кожа, јазик, вера, потекло, сексуална орентација, државјанство, социјално потекло, возраст, пол, здраствена состојба, семејство, или било кој друг основ кој може да се искористи за да се дескриминира едно лице.[6]

Санкциите на осудените лица се донесени и извршени од страна на надлежен орган односно судот, додека работата за извршување на санкциите е надлежност на Управата за извршување на санкции, регулирана со овој закон.

Целта на казнувањето на осуденото лице, односно на казната затвор е утврдена во самиот закон[7], односно осуденото лице е казнето, сè со цел да се ресоцијализира и да се подготви за нормален живот, откако ќе биде пуштен на слобода, притоа се внимава да истиот тој осуденик да не биде подложен на малтретирање, понижување и казнување. Затоа при самото влегување на осуденикот во затворската заедница постои правило како и на кој начин ќе биде сместено осуденото лице во затворската установа. Најважно од сè е да бидат одделени затворениците кои се од ист пол (посебно одделение за мажи, посебно за жени), малолетните лица се оделени од полнолетните, лицата кој се осудени на доживотен затвор се исто така одделени од лицата кои имаат временски рок на издржување на казната, лицата кои за прв пат се во затворска заедница се одвоени од лицата кои се веќе во установите или пак се повратници и лицата на кои им е одредена мерка притвор се исто така одделени.

---

[2] Преземено од Влатко Стојановски „Фокус" бр. 1508, 15.1.15 стр. 22

[3] Службен весник бр. 08-2584/2 17. мај, 2019 година.

[4] Закон за извршување на санкции чл. 1 ст. 2.

[5] Закон за извршување на санкции чл. 1 ст. 3.

[6] Закон за извршување на санкции чл. 4 ст. 2.

[7] Ibid.

Со Законот за извршување на санкции исто така се определува и начинот на функционирање на едно осудено лице откако ќе влезе во затвоската заедница, односно секое осудено лице да добива секојдневно оброк, чиста облека, просторијата во којашто живее да биде чиста и уредна, осуденикот да има можност да се дообразува и да посетува обука или некоја од спортските активности кои ги нуди затворската установа, доколку осуденото лице се жали на болка навреме да биде прегледано, притоа да не се прават „експерименти'' врз истото.

**Управата за извршување на санкции како надлежен орган за извршување на санкциите**

Управата за извршување на санкциите[8], предводена од директор на управата има својство на правно лице и е под Министерството за правда. Основна цел на управата е успешно спроведување на санкциите од страна на осудениците. Управата го контролира работењето и функционирањето на затворската заедница и вработениот персонал, дава идеи за успешна примена на санкциите и нивно извршување, презема мерки за успешно извршување на санкциите, обработува статистички податоци и соработува со други надлежни органи, изнаоѓајќи нови решенија за подобрување во извршување на санкциите.

**Затворските заедници во РСМ**

Како што претходно споменавме во РСМ постојат голем број на затворски заедници, регулирани од страна на Законот за извршување на санкции, но дали е доволно регулирањето и дали се почитува законот во затворските заедници во нашата територија е одговорено од страна на стучен тим составен од двајца правници и еден психолог тим предводен од Хелсиншкиот комитет за човекови права кој ни ја дава вистинската слика за нашите затворски заедници и колку еден осуденик може да живее и правилно да се ресоцијализира во таква заедница. Посетатата е направена во повеќе затвори на РСМ, со претходен план и најава за посета кон крајот на 2019 година.[9]

*КПУ - Затвор Скопје* - затвор каде престојуваат лица казнети за прекршок, лица казнети до три години затвор, односно шест месеци казна затвор за дела извршени во поврат.

Од извештајот за овој затвор укажуваат на лоши услови за спиење, нечисти тоалети кои се сместени до креветите на осудениците, непријатна миризба, и мал дел на бојадисани простории од страна на осудениците. Од здравствената заштита во овој затвор има еден психолог, еден стоматолог и двајца лекари по општа медицина.

*КПУ – Идризово* - затвор каде престојуваат осуденици чија казна изнесува над три години затвор или доживотен, или казна затвор за осудениците кои по притворот казната им изнесува над шест месеци затвор, во овој затвор има одделение каде е сместен и женскиот затвор и малолетничкиот.

Од извештајот во овој затвор укажуваат на непријатни миризби, лоши услови за хиигена каде тушевите биле направени од страна на осудениците со помош на кофи, во овој затвор била забележана и пренатрупаноста помеѓу осудениците, односно во една просторија имало 18 затвореника. Осудениците имале право на посета еднаш во 30 дена, тие имале право на излегување во дворот во установата само два часа. Што се однесува на здравствената заштита во оваа установа имало еден психолог, двајца стоматолози и

[8] https://uis.gov.mk/

[9] Амет Сибел-Извештај за состојбите и условите во казнено поправните установи во РСМ,Скопје Хелсиншки комитет за човекови права 2019.38 стр. 25.

еден лекар по општа медицина, додека во женското одделение немало ниту еден лекар. Во овој затвор е забележан и голем број на заразени осуденици.

*КПД - Штип* – во оваа установа бидејќи е од затворен тип, има осуденици кои се сместени во затворено одделение и полуотворено одделение.

Според извештајот и во оваа установа има појава на несоодветна хиигена, пренатрупаност, тоалети во самите простории каде што престојуваат осудениците. Дел од осудениците се активни со работа, бидејќи во овој затвор има резбарска работилница. Осудениците имале право на посета два пати во еден месец од по еден час. Во однос на здравствената заштита има еден доктор по општа медицина, еден медицински техничар и еден забен техничар. Во оваа установа имало и едно осудено лице заразено со ХИВ.

КПУ - Затвор Тетово – во овој затвор се сместени осуденици чија казна затвор е до три години, или казна затвор до шест месеци за повторници.

Според извештајот во овој затвор условите се на ниво подобри од претходните со тоа што во секоја просторија има телевизор, нема пренатрупаност, во поглед на хиигена имало тушеви кои се одржувани од страна на осудениците, слободните активности осудениците ги поминувале во двор кој е дел од затворот. Кога станува збор пак за здравствената состојба во овој затвор имало само еден доктор по општа медицина кој работел само прва смена со можност за повик.

КПУ - Охрид – во оваа установа се сместени малолетни лица и помали полнолетници.

Што се однесува од извештајот за овој тип на установа е забележано дека малолетниците немаат соодветен начин на образование со оглед на затворените простории кои некогаш се користеле како простории за учење, забележана била нехигиената и во оваа установа проследена со искинати душеци и непријатни миризби. Посетата била овозможена на овој тип на осуденици, но сѐ помалку биле посетувани од страна на своите најблиски, што може да се вброи во негативностите кои лошо влијаат врз ресоцијализацијата на малолетниците. Во поглед на здравството во оваа установа немало постојан доктор, еднаш неделно ги посетувал медицински лекар.

Од целокупното истражување кое е направено, се дадени и голем број на препораки во однос на затворските установи во нашата држава. Како најнеопходни се следниве:

-проширување на дел од затворите, на тој начин што ќе се отворат нови одделенија;
-вработување на стручен кадар којшто ќе работи со осудениците, посебно со малолетните осуденици, кој ќе помогне во успехот на ресоцијализацијата;
-поголема хигиена и редовна исхрана;
-обезбедување на работа за секој осуденик;
-зголемување на медицинскиот персонал, во секоја затворска установа е потребно барем по еден психолог, докотор по општа медицина, стоматолог, гиниколог;
-обезбедување на сали каде осудениците можат слободните часови да ги минуваат таму со играње на некој спорт;
-обезбедување на телевизори, мини библиотека.

Што се однесува пак до сместувачките капацитети во РСМ, има само уште 500 слободни места за осудени лица, ваквата бројка е заклучна до 26 јануари, 2020 година.[10]

[10] ЕВРОСТАТ https://uis.gov.mk/

**Организациска поставеност на затворските установи**

Сè со цел да има поголема успешност во ресоцијализацијата на осудените лица, постојат одредби со кои се врши класифицирање и разместување на осудените лица во различни затворски заедници кои се утврдуваат со Законот за извршување на санкциите и во согласнот со судска одлука. Класифицирањето на усудените лица се врши на тој начин што најпрво се утврдува видот и природата на казненото дело, возраста на осудените лица, дали се повторници или не, дали станува збор за машки или женски осудени лица, дали станува збор за малолетник којшто треба да издржува казна затвор, дали лицето се наоѓа во притвор. Осудениците казната ја издржуваат во групи, кои претходно се определени кои осудени лица можат да функционираат заедно со другите осуденици.

**Затворенички кодекс**

Затворенички кодекс[11] претставува збир на норми кои се систематизирани во едно, формирајќи го, однесувањето на осудените лица и затворскиот персонал во една затворска заедница. Како најосновни норми покрај укажувањето како треба да се однесуваат осудениците меѓусебно и со затворскиот персонал, најприсутни се и нормите кои укажуваат како најлесно да се справат со емоциите и како да ги конторлираат истите. Во затворскиот кодекс општо правило е и заемната соработка и помош којашто треба да ја имаат осудениците едни спрема други. Исто така како важна норма е зачувувањето на своето „јас'', односно храброста која му е потребна на еден осуденик да може полесно да ги издражи заторските услови. Во затвореничкиот кодекс значајно место заземаат и нормите кои се однесуваат на односот, односно контактот кој осудените лица го имаат со затворскиот персонал.[12]

## ЗАКЛУЧОК

Затворската заедница како вештачка целина формирана од страна на општеството во која се сместени сите злосторници-осудени лица има многу негативни влијанија, бидејќи во неа живеат лица кои ги прекршиле правилата на законот, сториле кривично дело. Но, негативните влијанија не доаѓаат само со осудените лица, туку и со начинот на третирање на истите, иако постои куќен ред, закони и разни одредби со кои се регулира системот во затворската заедница, сепак се смета дека не се обрнува многу внимание околу затворениците. Иако станува збор за злосторници, истите тие злосторници се луѓе кои иако имаат ограничени права, сепак треба да им се овозможи одредена работа, чиста соба и храна.

Одредени затвореници според степенот на кривичното дело исто така можат да работат и надвор од затворската заедница со одреден надзор и за истата таа работа да добијат соодветен надоместок. Осудениците исто така можат да посетуваат и разни прокти или пак да посетуваат некој спортски активности сè со цел да се мотивираат за во иднина кога ќе бидат ослободени, како би се подготвиле за живот во надворешниот свет.

Со самото влегување во затворските установи, некои од осудениците имаат нарушени односи со семјството, пријателите, институцијата треба да преземе соодветни мерки за

[11] Правилник на однесување за осудените лица во затворските установи.
[12] http://ombudsman.mk/upload/documents/MKD%20A4%2001%20krivi.pdf

спојување на осудениците и одржување на контакт со нивните семејства. Затоа постојат бунтовите во затворските заедници, токму од изреволтираноста на осудениците кои на некој начин ги бараат своите права, кои можат да ги имаат во затворските заедници.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРТУРА


Љупчо Арнаудовски и Александра Груевска-Дракулевска (2013) Пенологија-Наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на РСМ,Скопје.

Закон за извршување на санкции.

Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи во РСМ.

Управа на извршување на санкции: Годишни извештаи.

Драган Јовашевич, Зоран Стеванович (2012) – Казни како облик на друштвени реакции на криминал- Белград.

Зоран Стеванович (2008) Затворски систем во светот- Белград.

https://uis.gov.mk/

https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/izveshtaj-za-sostojbite-i-uslovite-vo-kazneno-popravnite-ustanovi-vo-repu....pdf

http://ombudsman.mk/upload/documents/MKD%20A4%2001%20krivi.pdf

**МИХАИЛОВА Јована**
**ПАРИЗОВА Елена**

**УДК: 343.261:343.91-053.2(497.7)**

# САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦА – СТОРИТЕЛИ НА ПОВЕДЕНИЈА ШТО СО ЗАКОН СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ КАКО КРИВИЧНИ ДЕЛА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

**Апстракт:** Целта на овој труд е да дојдеме до заклучок зошто е потребно воспоставување на еден посебен систем на норми кој ќе го уредува детското престапништво, која е основната цел на тој посебен систем? Донесување на ЗПД како посебен, конзистентен и кодификуван систем во смисла на материјално – правен и процесно правен третман на децата. Каков треба да биде пристапот кон децата? Колку внимание посветуваат современите законодавства во однос на детската деликвенција? Кои сè ризик фактори се јавуваат како причини за детско престапништво? Каков е системот на казнени санкции кои можат да бидат изречени на деца? Кои се најзначајните меѓународни документи со кои се уредува правдата за децата? Ова е сето она кое ќе се обидеме да го елаборираме.

**Клучни зборови:** *казнени санкции, дете, казна затвор, малолетничка деликвенција, меѓународни документи*

**MIHAILOVA Jovana**
**PARIZOVA Elena**

**UDK: 343.261:343.91-053.2(497.7)**

# SANCTIONING OF CHILDREN - PERPETRATORS OF INJURIES WHICH ARE DEFINED BY LAW AS CRIMES, WITH A SPECIAL REVIEW OF THE PENALTY

**Abstract:** The purpose of this paper is to conclude why it is necessary to establish a special system of norms that will regulate juvenile delinquency, what is the main purpose of that special system? Adoption of the LPA as a separate, consistent, and codified system in terms of material - legal and procedural legal treatment of children. What should be the approach to children? How much attention do modern legislations pay to juvenile delinquency? What are the risk factors that appear as causes of juvenile delinquency? What is the system of penalties that can be imposed on children? What are the most important international instruments governing justice for children? This is all we will try to elaborate.

**Keywords:** *criminal sanctions, child, imprisonment, juvenile delinquency, international documents*

## ВОВЕД

Неприфатливото однесување на младите отсекогаш привлекувало посебно внимание на општеството. Неприфатливото однесување на младите е појава која предизвикува особен интерес за истражување и анализирање на нејзините причини од страна на голем број автори. За да се сфати суштината на оваа појава и да се преземат соодветни мерки, нужно е да се откријат причините кои доведуваат до асоцијално однесување на младите. Причините за појавата на малолетничката деликвенција, најчесто се делат на неколку групи и тоа: општествено - економски причини, семејни причини, индивидуални каректеристики на личноста на малолетникот и средината како фактор за појава на малолетничката деликвенција. Малолетничката деликвенција е

сериозен проблем на современото општество со кој се справуваме. Сфатена како повреда на кривичноправните норми од страна на малолетниците и децата, малолетничката деликвенција претставува општествено негативна појава. Една општествена негативна појава како што е малолетничкиот криминалитет која се манифестира преку деликвентното и асоцијално однесување може сериозно да го загрози и наруши мирот и секојдневниот начин на живот. Од особено значење се криминолошките истражувања кои деликвентното поведение го објаснуваат и го рангираат според неговата тежина и според последиците, врз основа на што настануваат теориите за девијантно, деликвентно, запуштено, престапничко поведение и воведувањето на терминот „малолетничка деликвенција“ кој придонесе, малолетничкото казнено поведение да го издвои од поимот малолетнички криминалитет како потежок облик на казниво поведение.[1]

За справување со деликвенцијата кај децата најактуелен е предизвикот на една држава за решавање на овој проблеми и во таа насока е потребно да се преземат напори во спроведувањето на превентивни механизми, каде доминантно место ќе имаат воспитните мерки, наместо казнувањето и лишувањето од слобода, со цел да се овозможи правилен развој на младите лица во периодот од малолетство кон полнолетство. Постои потреба од воспоставување на посебен систем на норми (различен од оној предвиден за возрасните) со кои се уредува постапувањето со децата како сторители на поведенија што со закон се определени како кривични дела/прекршоци. Пред сè треба да се земе во предвид дека станува збор за деца, а не за возрасни сторители на кривични дела или прекршоци. Потребата од воспоставување на посебен систем на норми се јавува од таму што основна цел на тој посебен систем е да се одбегне загрозувањето на правилниот раст и развиток на младите лица во транзиторниот период од детството кон полнолетството. Самиот ЗПД ни укажува на тоа дека целите на Законот и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и било каков облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија. Новиот систем за правда дава фокус на заштита на децата, воспитување, превоспитување и ја подига свеста за примената на алтернативните мерки. Промените се резултат на меѓународните инструменти, чии што цели се социјална интеграција на младите луѓе, организирање на специјализирани програми и мерки за помош и поддршка за младите лица во училиштата со цел нивна подобра социјализација.[2]

## Малолетничка деликвенција

Малолетничката делинквенција како специфична, сложена и комплексна социолошко-патолошка појава, била застапена уште од најраните денови на создавањето и функционирањето на општествата. Широкиот дијапазон на општествено неприфатливо однесување на малолетниците[3], го одредува и различното дефинирање на

[1] АРНАУДОВСКИ, Љупчо, Криминологија, Штип 2007.
[2] Г.Л.Бужаровска, Л.Нанев, О.Кошевалиска, Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот , Скопје 2015, стр. 11-12.
[3] Поимите ,, малолетничка”, ,,малолетност’’ се користат за да се укаже на малолетната возраст на сторителот.

малолетничката делинквенција. Се среќаваат термини како малолетничка запуштеност, малолетничко престапништво, деликвенција, малолетна деликвенција, младина со лошо поведение, асоцијално поведение. Во потесна смисла под овој поим се подразбираат сите активности на малолетникот кои се инкриминирани според позитивните кривични законодавства во одредени земји. Во поширока смисла со терминот малолетничка деликвенција се опфаќаат сите девијации во однесувањето на младите како што се: социјална неприлагоденост, скитање, пушење во училиште, бегање од дома, бегање од училиште, агресивно однесување, насилничко однесување како и сите оние активности кои се инкриминирани според нормите од материјалното кривично право. Изразите престапништво, односно деликвенција кои имаат синонимно значење, го нагласувааат основното својство на таквото однесување - престап, пречекорување на одредени стандарди на однесувањето, како и изразите млади и малолетници укажува дека се зборува за однесувањето на младите членови на општеството.[4] Поимот малолетничко престапништво во својата содржина опфаќа голем број на поведенија на младите луѓе што од страна на општеството се одредуваат како негативни и неповолни: од непристојно, дрско, невоспитано однесување, до извршување на најтешки кривични дела. Етиологија на криминалитетот или криминална етиологија е наука за причините кои доведуваат до сторување на кривичното дело. Таа претставува подрачје на криминологијата како наука и се занимава со изучување на ризик факторите и условите кои придонесуваат за развој на криминално, деликвентно и девијантно однесување во одреден простор и време. Такви ризик фактори кои влијат врз малолетничката деликвенција се: индивидуални ризик фактори, ризик фактори во семејното и училишното опкружување. Додека феноменологијата на малолетничката деликвенција е наука за манифестација на кривичното дело. Таа се занимава со појавните облици, конкретните и општите манифестации на криминалитетот и деликвенцијата во општествената реалност, со структуралните промени, динамиката, со распространетоста на криминалитетот и деликвенцијата и нивните карактеристики.[5] Главна улога во решавање на проблемот со малолетничката деликвенција имаат националните и меѓународните документи. Како резултат на влијанието на документите на ООН, како и на Советот на Европа, Законот за правда за децата, Конвенција за правата на детето со факултативните протоколи кон неа, Стандардните минимални правила на ООН за правда за децата („Пекингшки правила“), „Хавански правила” за заштита на децата лишени од слобода, „Ријадски правила” за превенција на детската делинквенциј влијаат врз малолетничкото казнено право и положбата на малолетникот и во него предизвикале нови активности во насока на градење на посебен систем на казнено право, ослободен од ретрибуција и од репресија, а поставен врз концептот на моделот на благосостојба и моделот на малолетничка правда.[6]

**Поим за дете престапник**

Категоријата дете настанува во кривичното право како потреба да се издвојат оние лица кои поради својата биолошка, емоционална, психолошка и социјална незрелост не треба да се третираат и казнуваат на ист начин како и возрасните. Објективно, малолетноста се идентификува со постигнување определена возраст, а субјективно кога е во прашање деликвентно поведение се поаѓа од сфаќањето дека детето е неоформена личност во развој која нема постигнато биолошка, емоционална, соматска, интелектуална, емоционална (психолошка) и социјална зрелост и поради тоа

[4] 7 Јашовиќ Ж., Криминологија малолетничке деликвенција, Белград 1983.
[5] Г.Л.Бужаровска, Л.Нанев, О.Кошевалиска, Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот , Скопје 2015, стр. 93-94.
[6] АРНАУДОВСКИ, Љупчо, Криминологија, Штип 2007.

не е во состојба да го сфати значењето на своето поведение и да управува со своите постапки. Детето се определува како незрела личност, неоформена личност, личност во развој. Незрела личност, бидејќи не е созреана биофизички, затоа што расте и се развива. Детето нема достигнато потребен степен на емоционална, физичка, психолошка и интелектуална зрелост. Зрелоста и возраста не секогаш се во знак равенство кај различни млади индивидуи. Детето е личност којашто нема изграден систем на вредности, нема оформено карактерни особини, емоционално е особено чувствително и реагира бурно и импулсивно. Основната дефиниција во ЗПД е дека под дете се подразбира секое лице на возраст до 18 години.[7] Детето престапник е дефинирано како: лице коа е под законската возраст за кривична одговорност како возрасен сторител, а е над определена минимална возраст со која може да биде повикан на одговорност за прекршување на Кривичниот закон. Детското престапништво ги подразбира сите форми на девијација кои се појавуваат во однесувањето на децата, односно однесување спротивно со моралните и законските норми во дадено општество. Оваа дефиниција во себе вклучува анти-социјално и асоцијално однесување од различни предделиктни, девијантни форми, па сè до оние однесувања кои се инкриминирани со позитивните норми.

**Санкции спрема деца**

Основната цел на воспитните мерки, казните, алтернативните мерки и на прекршочните санкции е преку давање заштита и помош на децата со вршење надзор над нив, со стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој. Оттука овој систем на санкции се одликува со превентивност за разлика од системот на санкции за полнолетни сторители на кривични дела кој во основа е репресивен. Сите овие мерки кои се изрекуваат спрема децата придонесуваат кон зајакнување на почитта што детето ја има во однос на општествените вредности, исто така го поттикнуваат надоместувањето на штетата предизвикана на жртвите и на заедницата.[8]

Санкциите кои ги изрекува ЗПД ги содржат следните специфичности:

- На дете од 14 г до 16 г. за дејствие кое со закон е определено како кривично дело или прекршок може да му се изречат само воспитни мерки;
- на дете од 16 г. до 18 г. за дејствие кое со закон е определено како кривично дело може да се изречат воспитни мерки, а по исклучок може и казна или алтернативна мерка;
- На дете од 16 г. до 18 г. може да биде ослободено од казна по општите услови определени со КЗ;
- на дете за дејствие кое со закон е определено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции;
- на дете му се изрекуваат мерки на безбедност под условите определени со КЗ и со ЗПД;
- конфискација на имот и имотна корист и предмети прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласност општите услови утврдени во КЗ.[9]

<u>Воспитните мерки</u> се казнено правни санкции што се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување, и развивање на личната одговорност на детето и имаат за цел негово воспитување, превоспитување и правилен развој. Воспитните мерки можат

[7] ЗАКОН ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА (Објавено во Сл. весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013 година), стр. 6.
[8] Нанев. Л. Кошевалиска, О. (2018), Малолетничко казнено право, Универзитет „Гоце Делчев", Штип.
[9] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/10/Zakon-za-pravda-za-detsata-29-10-2013.pdf

да му се изречат на дете над 14 години кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. При изборот на воспитната мерка судот ќе ја земе предвид возраста на детето, степенот на душевната развиеност, психичките својства, дотогашното постапување, тежината на стореното дејствие, дали спрема него била изречена воспитна мерка. Воспитните мерки се кривични санкции со кои примарно се реагира на кривичните дела извршени од деца. Како воспитни мерки кои можат да се изречат се – укор или упатување во центар за деца, засилен надзор од страна на родителот, засилен надзор од страна на згрижувачко семејство, засилен надзор од ЦСР.

Исто така може да се изречат и посебни воспитни мерки во случај кога е потребно потрајно превоспитување на детето и негово одделување од дотогашната средина која влијае негативно на неговиот развој. Станува збор за заводски мерки и нивното траење може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години.

Може на дете да му се изречат и алтернативни мерки. Цел на алтернативните мерки е спрема кривично одговорното дете над 16 годишна возраст да не се примени казна кога тоа не е нужно заради спречување на вршење на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и кога може да се очекува дека примената на мерки на помош, заштита и надзор на слобода доволно ќе влијае врз неговото воспитување, превоспитување. На кривично одговорно дете над 16 годишна возраст за стореното дело, што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве алтернативни мерки: условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на водење на постапка спрема детето и општокорисна работа.

До изрекување на мерки на безбедност доаѓа во случај кога е потребно да се отстранат состојбите или условите што може да влијаат детето во иднина да врши кривични дела. Од мерките на безбедност предвидени во КЗ, спрема децата може да се определат следниве три вида: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода, задолжително лекување на деца од зависности. По извршувањето на мерката на безбедност, судот ќе одлучи дали ќе продолжи извршувањето на казната затвор за деца и заводската мерка.

И во крајни случаи кога нема да може да се постигне посакуваниот резултат со горенаведените мерки, се преминува кон казнување на детето. Казните се сметат за најстроги изречени мерки кои се поврзуваат со најтешките облици на кривични дела. Казната може да се изрече спрема кривично одговорно дете над 16 години, само ако поради тешките последици на кривичното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Дете над 16 годишна возраст со изречено кривично дело може да му се изрече казна – затвор за деца, парична казна, забрана за управување моторно возило, протерување странец од земјата.

**Затвор за деца како казна**

Затворот за деца како казна може да се изрече само како главна казна на дете кое е над 16 годишна возраст кое извршило кривично дело според законот утврдено со казна затвор од 5 години или потешка казна. Затворот за деца не може да биде пократок од 1 или подолг од 10 години, а се изрекува на полни години или половина година. Судот не може да изрече затвор за деца во траење подолго од казната која е пропишана според законот за тоа кривично дело детето кое ја извршува казната затвор за деца може да се пушти на условен отпуст ако издржи најмалку една третина, но не пред да издржи една година од изречена казна. За време на условниот отпуст на детето ќе му се изрече мерка на засилен надзор од ЦСР. Судот може и да го продолжи траењето на засилениот надзор од една година и по времетраењето на казната но најмногу до наполнување на 21 година на осудениот. Судот ќе го отповика условниот отпуст ако детето не ги исполнува

обврските, и кога ќе го отповика ќе изрече една казна, земајќи ја во предвид порано изречената казна како веќе утврдена.[10]

Затворите треба да претставуваат безбедни места за децата, да придонесат до нивна ресоцијализација и рехабилитација. Согласно Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" 148/2013), кривично одговорно дете над 16 годишна возраст може да се казни само во случаи кога постојат тешки последици од стореното дело, а заради високиот степен на кривична одговорност, изрекувањето на воспитна мерка не би било оправдано. Но во секој случај надлежните органи пред да ја изречат казната затвор треба прво да ги разгледаат сите други алтернативни решенија со цел да се заштитат најдобрите интереси на детето, тоа значи дека кон казна затвор за деца се посегнува само во исклучителни случаи. Во случај да не постои друга алтернатива освен затвор, тој се изрекува како крајна мерка и во најкусо времетраење. Затворот за деца не може да биде пократок од една, ниту подолг од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година.[11] При одмерување на казната, судот ги зема предвид сите околности кои може да влијаат врз висината на казната, односно дали истата да биде построга или поблага, со други зборови судот го има предвид психичкиот развој на детето и потребното време за негова рехабилитација, превоспитување и стручно оспособување за живот на слобода. Самото извршување на казната затвор се спроведува согласно Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019), кој во глава дваесет и пет, „Извршување на кривични санкции спрема деца", јасно и детално ги поставува условите во кои треба да бидат сместени децата, правата кои треба да ги уживаат и начинот на кој треба да се постапува со нив.

Основна цел на извршувањето на казна затвор на дете е негово превоспитување, ресоцијализација и оспособување за живот на слобода. За да се оствари оваа цел која најмногу ја допира личноста на детето и ја обликува неговата иднина, потребно е исполнување на повеќе услови за целосно превоспитување на младиот човек и негово одвраќање од вршење идни кривични дела. Ресоцијализацијата се остварува со помош на одредени методи и техники чија цел е промена на однесувањето и сфаќањата на личноста, нејзино превоспитување и поучување за системот на вредности. И Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019) во својот член 14 изречно наведува дека процесот на ресоцијализација претставува основна функција на казненопоправните и воспитно-поправните установи, додека самата цел на извршувањето на казната затвор е оспособување на осуденото лице да се вклучи во општественото живеење на најдобар можен начин и оспособен за самостоен живот на слобода. Притоа, законот нагласува дека кон сите лица кои издржуваат казна затвор ќе се постапува на човечен начин, почитувајќи го неговиот дигнитет, како и физичко и ментално здравје. Поимот ресоцијализација подразбира конкретизирање на целите на казнувањето, дефинирање на мерките заради остварување на целите и следење на ефектите од примената на мерките низ кои се остварува ресоцијализацијата на осуденото лице.[12] Ресоцијализацијата претставува долготраен процес кој се состои од преземање на мерки и активности за превоспитување на лицето кое има сторено казнено дело и негово оспособување со вештини за позитивни промени во општественото живеење.

Законот го уредува и распоредувањето на осудените лица кое се врши по основа на пол, но и возраст, па така децата осудени на издржување на казна затвор се одвоени

---

[10] Нанев. Л. Кошевалиска, О. (2018), Малолетничко казнено право, Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

[11] Член 51, став 3 од Законот за правда за деца („Службен Весник на РМ" бр. 148/2013).

[12] Арнаудовски, Љ. (1988), Пенологија – наука за извршување на кривичните санкции, Универзитет „Кирил и Методиј" – Скопје, Правен Факултет –Скопје.

од возрасните сторители. Законот воедно ги раздвојува сторителите на кривични дела кои за првпат издржуваат казна затвор од повратниците, оние кои се во притвор од останатите осуденици, како и лицата осудени на доживотен затвор од останатите лица лишени од слобода. Следењето и почитувањето на меѓународните стандарди за постапување со деца лишени од слобода, задржувањето на деца во посебни институции обезбедува физички, емотивен и социјален развој. Под вакви услуги се подразбира, образование, работа со детето по однапред изготвен индивидуален план, нега и здравствена заштита, правилна исхрана, рекреација и организација на социјални активности, комуникација со надворешниот свет и посети, и сѐ останато потребно за функционален живот на слобода и ресоцијализација на детето. Целта на лишувањето од слобода на детето не е казната, туку негова рехабилитација од претходниот начин на живеење, поради што детето било доведено во состојба на сторување казниво дело. Со цел превенција од повторништво на исто или слично дело, се јавува потребата од превоспитување, ресоцијализаија и оспособување за живот на слобода. Ресторативната правда се темели врз претпоставката дека ниедна од клучните функции на правниот систем, рехабилитацијата, заштитата на заедницата, санкционирањето и поправањето на нанесената штета врз жртвата не може ефикасно да бидат реализирани, доколку едновремено не се вклучени жртвата, сторителот и заедницата. Таа во својот фокус ги има интересите на жртвата и на пошироката заедница, а секако и користа што сторителот на делото може да ја добие од истата. Нашиот законодавен систем предвидува и т.н. законска рехабилитација што ќе значи дека податоците и сите документи за изречени мерки, условни осуди, заводски мерки или казни, односно санкции да се избришат и уништат од евиденцијата на надлежниот суд кога ќе поминат пет години од денот на издржаната, застарена или простена казна, ако во тоа време детето или помладото полнолетно лице не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.[13]

Затворските установи каде се извршуваат казните се специфични по својата природа заради целта која ја остваруваат. Во минатото требало да ги задоволат елементите на репресија и ретрибуција, додека денес треба да придонесат за ресоцијализација на сторителите. За начинот на кој треба да изгледаат установите од овој вид, односно за условите што треба да ги исполнуваат говорат и Стандардните минимални правила за постапување со затвореници на Обединетите нации.[14] Правилата во однос на сместувањето на затворениците бараат од установите индивидуални соби за престој, особено за ноќен престој, а во случај на пренатрупаност да се внимава на изборот на затвореници сместени во една соба за да се спречи нарушување на редот и мирот. Собите за престој треба да ги исполнуваат минималните услови за престој, особено кубна содржина на воздух, минимален поден простор, осветлување, затоплување и вентилација. Пожелно е поставување на големи прозорци со што ќе се дозволи продирање на природна светлина, како и можност за влегување на свеж воздух. Санитарните јазли треба да бидат соодветни за да овозможат секој затвореник да ги задоволува природните потреби, како и да има адекватни бањи и тушеви со топла вода. По однос на внатрешниот и надворешен изглед на затворот за деца, како и на природната средина и околина во која тој се наоѓа, Хаванските прописи во својот член 32 повикуваат на дизајн кој треба да и служи на рехабилитациската цел на третманот, па така секое дете затвореник треба да има доволно простор за приватност, сензорен стимул, можност за дружење со своите врсници затвореници, да учествува во разни спортски и други физички активности. Во овој член се посветува внимание и на безбедноста на децата,

[13] Член 73, став 4 од Законот за правда за децата („Службен весник на РМ" бр. 148/2013).
[14] Стандардни минимални правила на Обединетите нации за постапување со затвореници (1995).

односно сигурноста која ваквата установа ја нуди и ги штити од разни несреќи и непогоди и нуди безбедносна евакуација. Установата треба да поседува ефикасен алармен систем, како и формални, добро увежбани протоколи во случај на опасност. Хаванските прописи го уредуваат и ноќниот престој на децата лишени од слобода и истакнуваат дека спалните во кои престојуваат децата треба да бидат составени од мали групи или да бидат од индивидуален, приватен карактер, а надзорот во текот на ноќта да биде дискретен и ненаметлив.[15]

За време на лишувањето од слобода децата треба да ги уживаат сите права гарантирани со меѓународните документи. Универзалната декларација за човековите права во својот член 2 ги гарантира ваквите права и нагласува дека никој не смее да биде лишен од нив поради раса, боја на кожа, пол, религија, политичко уверување, јазик, национално или социјално потекло и сл. Во останатите свои членови Декларацијата забранува каков било вид тортура како и произволно лишување од слобода. Забраната од тортура и незаконитото или самоволно лишување од слобода се гарантирани и од страна на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето.[16]

Децата лишени од слобода имаат права кои им се загарантирани со меѓународните документи и тоа право на образование и ова придонесува за подобра интеграција на детето во образовниот систем со цел да го продолжи по излегување од затвор. Исто така нашиот Закон за извршување на санкциите предвидува издавање на дипломи, сертификати на децата за нивното образование за време на нивниот престој во затворската установа. На тој начин се спречува стигматизација и дискриминација по излегување на детето на слобода и се поттикнува негово непречено интегрирање во редовниот образовен систем на државата. Детето има право на приватност и на сопственост на лични работи, алишта и исхрана која ќе одговара на потребите на детето за нормален раст и развој. Исто така детето има право на релаксација, физичка култура и спорт. За време на неговиот престој во затворската установа има право на здравствена заштита, како превентива така и заштитна која треба да биде укажана во установата, а болничко лекување во најблискиот здравствен центар. Нашиот законодавец гарантира право на здравствена заштита согласно развојните потреби на детето. Детето треба да биде редовно прегледувано со цел следење на неговата здравствена состојба, како и контрола на неговото физичко и ментално здравје, а за сето тоа редовно треба да биде информиран неговиот родител/старател или близок член на семејството. Во случај на болничко лекување, законот бара согласност од родителот, односно старателот на детето. Во текот на престојот детето има право на одржување контакти со надворешниот свет, има право на посети еднаш неделно, да го види своето семејство, да комуницира писмено или по телефон.[17] Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019) дава можност директорот на установата да му дозволи на детето отсуство заради посета на родителите или семејството двапати во текот на една календарска година и тоа во време кога не се одржува настава. Ваквото отсуство може да трае најмногу 14 дена и истото се засметува во времетраењето на казната.

Меѓународните инструменти ги забрануваат сите облици на тортура и сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Самицата е забранета и согласно нашиот Закон за извршување на санкциите. За потешки повреди на редот и дисциплината, законот предвидува одредена изолација, односно издвојување на детето во посебни соби за деца во времетраење од пет до седум дена во кој период се

[15] Прописи на ООН за заштита на малолетници лишени од слобода (Хавански правила).

[16] Универзална декларација на ОН за човековите права и Конвенција на ОН за правата на детето.

[17] Стандардни минимални правила на ОН за постапување со затворениците и Хавански прописи.

предвидува работа со детето од страна на стручен тим со цел преземање на одредени корективни активности по однос на неговото однесување.[18] Целта на третманот во установите за лишување од слобода на децата согласно Пекиншките и Хаванските правила ги охрабрува државите да преземаат корпус на мерки и активности како би му помогнале на младиот сторител на кривично дело да дојде до успешна ресоцијализација и отстранување на негативните влијанија или ризик фактори кои придонеле до состојбата која довела до негово лишување од слобода.

## ЗАКЛУЧОК

Опфатот на оваа анализа е предодреден и ограничен на категоријата дете, дефинирана со Законот за правда за децата (ЗПД, чл. 19), кој во рамките на општиот поим „дете“, согласно КПД се однесува на секое лице на возраст до 18 години и разликува: „дете во ризик“ и „дете во судир со законот“.[19] Третманот на деца во ризик (кон кои се асоцирани и децата жртви) и деца во судир со законот (кон кои, по исклучок, се асоцирани помлади полнолетни и други полнолетни лица) може да се примени само со законски предвидени мерки и санкции. Според ЗПД (чл. 19), под „мерки“ се подразбираат мерки на помош и заштита определени со закон, кои не се состојат во одземање и ограничување на слободите и правата на децата поради сторено дејство со закон предвидено како кривично дело или прекршок или состојба на ризик, кои спрема детето може да ги примени суд или други органи определени со овој закон. Додека поимот на санкции опфаќа во себе четири елементи: тие се последици на дејство со закон предвидено како казнено дело или прекршок; се изрекуваат на дете во судир со законот; имаат специјално превентивна природа и се состојат во помош и заштита, а исклучиво во ограничување или одземање определени слободи и права на дете од 14 до 18 години; ги изрекува суд во постапка определена со овој закон. Како санкции за дејства со закон инкриминирани како казнени дела, ЗПД (чл. 34) предвидува: воспитни мерки; алтернативните мерки; казна и мерки на безбедност. Збирот казни за деца од 16 до 18 -годишна возраст за дејства во законот, предвидени како потешко казнено дело, ја содржи казната затвор за деца како најтешка институционална санкција. Наместо воспитна или алтернативна мерка, кои како специјално превентивни санкции, по правило, имаат предност кога се исполнети законските услови (ЗПД чл. 50-57), судот може да изрече казна, ако според околностите на конкретниот случај заклучи дека не е оправдано нивно изрекување. Казната затвор за деца судот може да ја изрече само кога ќе оцени дека специјално превентивната цел на санкциите за деца не може да се постигне со изрекување воспитни мерки. Во Репбулика Северна Македонија, во последните десет години, малолетничката деликвенција е во постојан пораст. Бројот на малолетници кои подлежат на девијантно однесување расте, а возрасната граница на лицата кои се вршители сè повеќе се намалува.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[18] Член 305, став 1 од Законот за извршување на санкциите (,,Службен Весник на РМ‘‘ бр. 99/2019).

[19] Терминолошко определување на категориите деца и други лица страна 73 од https://msp.mk/wp-content/uploads/2019/07/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%9A%D0%9F%D0%94-%D0%B8-%D0%92%D0%9F%D0%94-%D0%9C%D0%9F%D0%94-2018.pdf

https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/10/Zakon-za-pravda-za-detsata-29-10-2013.pdf

https://www.pravdiko.mk/zakonot-za-izvrshuvan-e-na-sanktsiite/

Арнаудовски, Љупчо, Криминологија, Штип 2007.

Г.Л.Бужаровска, Л.Нанев, О.Кошевалиска, Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот , Скопје 2015.

Нанев. Л. Кошевалиска, О. (2018), Малолетничко казнено право, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

Стандардни минимални правила на Обединетите Нации за постапување со затвореници (1995).

Т.Велкова, ПРАВДА НА ДЕЦАТА (МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА)-ТЕРМИНОЛОШКО УСОГЛАСУВАЊЕ ИЛИ ЧЕКОР КОН СТВАРНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА.

**НАКОВ Иван** **УДК: 343.1-053.2:340.13**

# САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА КОИ СЕ ЈАВУВААТ КАКО СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

**Апстракт**: Малолетничката деликвенција е глобална појава која е во пораст, носи сѐ потешки последици и се изразува низ тешки и опасни облици на криминалитет, а несразмерно брзо расте рецидивизмот кај децата сторители. Малолетното претстапништво претставува престапно однесување, специфично за малолетната популација. Во строго правна смисла, сите забранети однесувања на младите, постари од 14 години, а помлади од 21 година, според законот спаѓаат во кривични дела. Сите облици на девијантно однесување кај младите можат да се поделат во неколку категории: дејствија насочени против интегритетот на другите личности; дејствија насочени против имотот и други материјални добра на другите; дејствија на самоуништување, дејствија на повлеченост.

Асоцијалните однесувања се сметаат за прв индикатор дека развојот и формирањето на младата личност оди во негативна насока. Некои асоцијални однесувања сериозно ги повредуваат моралните норми и за нивно спречување се потребни посебни напори за да не остават потешки последици, како спрема детето, така и спрема другите поединци и општеството во целина, а пред сѐ бегање од дома, од училиштето, дрзок однос кон постарите, агресивно однесување спрема врсниците итн.

**Клучни зборови**: деца, закон, санкции, цел, мерки

**NAKOV Ivan** **UDK: 343.1-053.2:340.13**

# SANCTIONING OF JUVENILE PERPETRATORS

**Abstract**: Juvenile delinquency is a growing global phenomenon, with increasingly serious consequences and is expressed through severe and dangerous forms of crime, and recidivism is growing disproportionately rapidly among child perpetrators. Juvenile delinquency is a delinquent behavior specific to the juvenile population. In a strictly legal sense, all prohibited behaviors of young people older than 14 years and younger than 21 years, according to the law are criminal offenses. All forms of deviant behavior in young people can be divided into several categories: actions directed against the integrity of other persons; actions directed against the property and other material goods of others; actions of self-destruction, actions of withdrawal.

Antisocial behaviors are considered the first indicator that the development and formation of the young person is going in a negative direction. Some antisocial behaviors seriously violate moral norms and their prevention requires special efforts so as not to leave more serious consequences for the child and other individuals and society as a whole, and above all running away from home, school, insolent attitude towards the elderly. , aggressive behavior towards peers, etc.

**Keywords**: children, law, sanctions, purpose, measures

**ВОВЕД**

Поимот „малолетност“ се изведува посредно од поимот „возраст“ што означува личност која постигнала возраст која зад себе подразбира зрелост, способност да одлучува за своите одговорности, да донесува одлуки, и способен е да врши дејствија за кои физички, психички и интелектуално може да ја преземе одговорноста, зрелост која подразбира постигната свест да се заземе став спрема сопствениот живот и спрема животот на други лица, личност која може да ги сфати и која е способна да се однесува согласно етичките, моралните и правните норми и вредности во заедницата. Во најголем број на законодавства се прифаќа становништето дека човекот постигнува зрелост, станува возрасен по наполнувањето на осумнаесет години од животот и со тоа тој стекнува способност да сноси одговорност за своите постапки кои пред тоа се регулирани со правниот систем на државата во која живее. Развојот и созревањето на сите луѓе не е еднакво и тоа не настапува веднаш по достигнувањето на таа возраст. Но самото настапување на таа возраст претставува основа за разликување од онаа состојба во животот на човекот која е одредена како малолетност. Утврдено е дека лицата под осумнаесет години се малолетни. Не е разрешен проблемот со малолетноста, особено кога е во прашање одредувањето на способноста на малолетникот за казнена одговорност, во случаи кога се појавува како сторител на кривично дело. Во општеството е општо прифатено сфаќањето дека малолетноста е период на недоволна способност, незрелост, немоќ, несозреаност на индивидуата на која секогаш и треба грижа, заштита и контрола. Сите општества водат сметка во тие случаи спрема децата да се применат репресивни мерки, да се почитува малолетноста, односно да се применуваат поблаги мерки, а со тоа општеството да ги заштити од непотребна присила. Во кривичното право, малолетноста се одредува како неспособност на детето да го сфати значењето на сопственото однесување и да може да управува со своите постапки. Кривичното право го прифаќа становиштето дека сите деца не се исти, не созреваат на ист начин и на иста возраст, не формираат на истата возраст идентичен систем на вредности, па така го почитуваат принципот на индивидуализација на личноста на секое дете - сторител на кривично дело и принципот на индивидуализацијата на санкцијата што се применува во конкретниот случај, односно таа да биде прилагодена кон тоа да се оствари примарната цел на казнувањето -генералната и специјалната превенција.

**1. Структура на санкциите**

Системот на кривични санкции спрема децата е збогатен со нови санкции по вид и тежина, овозможува нагласена специјална превенција, како основна цел кон која се стреми малолетничкото казнено законодавство. Различниот третман спрема децата се должи на нивната психофизичка состојба во која се наоѓаат, нивната зрелост да ги сфатат последиците од сопствените дејствија.

Меѓународните документи укажуваат на тоа дека за малолетниците е особено важно постапувањето во природната средина на малолетникот. Тенденцијата на законот е од мерките предвидени со него, предност да се даде на превентивните, заштитните и воспитните мерки, а санкциите да се применат како исклучок. Санкциите се определуваат кон малолетен сторител, во зависност дали станува збор за сторено кривично дело или за прекршок.

За сторено кривично дело од малолетник може да се изрече една од следниве видови на санкции:

- Воспитни мерки;
- Казни;

- Алтернативни мерки.

Законот предвидува посебни услови за изрекување на различни облици на кривични санкции во зависност од возраста:

- на дете од 14 до 16 години возраст за дејствие кое со закон е определено како кривично дело може да му се изречат само воспитни мерки;
- на дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е определено како кривично дело може да се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да се изрече казна или алтернативна мерка;
- На дете за дејствие кое со закон е предвидено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции определени со ЗПД.

Целта на изрекувањето на ваквите мерки е преку давање заштита и помош на децата да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој. Затоа санкцијата која му се изрекува на детето треба да одговара на неговата личност, тежината на дејствието кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, потребата од негово воспитување, превоспитување, образование и развој и заштита на интересот за детето .

**2. Воспитни мерки**

Воспитните мерки можат да му се изречат на дете над 14 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. При изборот на воспитната мерка особено се зема предвид возраста на детето, степенот на душевната развиеност, психичките својства, дотогашното воспитување, средината во која живеел и дали спрема него веќе била изречена воспитна мерка. Како воспитни мерки кои можат да се изречат и тоа:

- Укор или упатување во центар за деца;
- Засилен надзор од страна на родителот односно старателот, згрижувачкото семејство или од страна на центарот;
- Заводски мерки – упатување во воспитна установа или воспитно поправен дом [1].

Укор или упатување во центар за деца се изрекуваат спрема дете кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, особено ако сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело од непромисленост или лекомисленост. Мерки на засилен надзор се изрекуваат спрема дете во случаи кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување, а не е потребно негово целосно одвојување од средината. При изрекување на некоја воспитна мерка на засилен надзор, судот на малолетникот му одредува една или повеќе обврски доколку е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка.

Законот за правда за детето ги предвидува следните обврски:

- Лично да се извини на оштетеното лице;
- Да ја поправи или да ја надомести предизвиканата штета;
- Редовно да го посетува училиштето;
- Да не изостанува од работното место;
- Да се оспособи од работното место сразмерно на неговите способности;
- Забрана за употреба на алкохолни пијалоци, дрога;
- Да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште.

[1] Кривично постапување со децата во ризик и во судир со законот, Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. и Кошевалиска О., Скопје 2015, 144 стр.

Заводски мерки спрема дете се изрекуваат во случаи кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или целосно одвојување од дотогашната средина. Траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години.

**3. Казнување на деца**

За дете на д 16 годишна возраст за кое поради тешките последици од стореното кривично дело и високиот степен на кривична одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка се изрекува казна. Како казна којашто може да му се изрече на дете на д 16 годишна возраст е:

- Затвор за деца;
- Парична казна;
- Забрана за управување на моторно возило од определен вид или категорија;
- Протерување на странец од земјата.

Затвор за деца се изрекува како главна казна кога дете над 16 години сторило кривично дело за кое е утврдена казна од 5 години затвор или потешка казна. Затворот за деца не може да биде пократок од една или подолг од десет години, а се изрекува во полни години или на половина година. Детето може да се пушти на условен отпуст ако издржало најмалку една третина од предвидената казна, но не пред да издржи една година затвор. Парична казна се изрекува како главна казна, изразена во дневни глоби, а бројот на дневните глоби не може да биде помал од 1 ни поголем од 120 дневни глоби. Неплатената парична казна судот може да ја замени со мерка општокорисна работа, при што една дневна глоба се заменува со 3 часа општокорисна работа. Забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата можат да се изречат како главна казна или како споредна казна заедно со паричната казна.

**4. Алтернативни мерки**

Со алтернативните мерки се внесува тенденција на хуманизирање на казнената правда со одбегнување на краткотрајно лишување од слобода, и се овозможува казнување на слобода во социјална средина во која кривично одговорното дете на д 16 години живее.

Законот за правда за детето ги предвидува следниве алтернативни мерки:

- Условна осуда со заштитен надзор;
- Условно прекинување на водење на постапка спрема дете;
- Општокорисна работа.

Условна осуда со заштитен надзор се изрекува кога на детето му е утврдена казна затвор во траење до 3 години или парична казна. Заштитниот надзор го врши центарот кој со помош и грижа, заштита во исполнување на обврските и практични совети го поттикнува и му помага на детето како и ја помага соработката со неговите родители односно старатели, а должен е најмалку еднаш на 3 месеци да го извести судот за состојбата. Условно прекинување на водење на постапка спрема дете над 16 години може да се изрече кога за кривичното дело е утврдено парична казна или казна затвор до 5 години, а детето изразило каење за стореното дело, ги отстранило последиците од делото, ја надоместило штетата и се помирило со оштетениот кој се согласил со прекинувањето на постапката, под услов да не стори ново кривично дело во наредните 2 години. Општокорисна работа може да се изрече доколку детето над 16 години сторило

кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до 3 години, и тоа во траење од 5 до 100 часа.[2]

**5. Мерки на безбедност**

Законот за правда на детето упатува на условите предвидени со Кривичниот закон за тоа кога на малолетник можат да му се изречат мерки на безбедност. Основната цел, е да се отстранат состојбите кои придонеле за сторување на кривичното дело и отстранување од можностите за повторно вршење на кривични дела. Како мерки за безбедност се предвидени: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода и задолжително лекување на деца од зависности.

**6. Услови за поведување на постапка за примена на мерки за одвраќање согласно Законот за правда на децата**

Постапката за примена на мерки за одвраќање од криминалното однесување на малолетните лица во Законот за правда на децата е уредено со членовите 75, 76 и 77.

Членот 75 од Законот за правда на децата е составен од 6 става. Првиот став ги пропишува случаите кога јавниот обвинител има право, врз основа на начелото на целесообразност, да не поведе постапка спрема дете кое наполнило 14 години, иако постои пријава за сторено кривично дело за кое е пропишана казна затвор до 3 години или парична казна. Имено, јавниот обвинител може да не поведе постапка пред судот против дете кое наполнило 14 години, иако постојат докази дека го сторило дејствието што со закон е предвидено како кривично дело, доколку смета дека не би било целесообразно да се води постапка со оглед на природата на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на детето и на неговите лични својства, како и кога извршувањето на казната или на воспитната мерка е во тек. Исто така, јавниот обвинител може условно да го одложи поведувањето на постапката пред судот за време од шест месеци под услов во тој рок детето да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и да ја надомести штетата или на друг начин да ги поправи штетните последици предизвикани со сторување на делото. На крај, јавниот обвинител може да не поведе постапка и доколку врз основа на извештајот од центарот утврди дека е постигната спогодба меѓу детето и неговото семејство и оштетениот за враќање на имотната корист, надоместувањето на штетата или поправањето на штетните последици на делото.

Со ова на ЈО му се дадени овластувања кои ги нема во постапката спрема полнолетните лица. Ова е поради тоа што во определени случаи буквалното применување на законот спрема децата може да донесе повеќе штета отколку корист. Децата се категорија која сè уште не е физички и психички оформена и постои опасност во определени случаи санкционирањето да произведе контраефект. Токму затоа јавниот обвинител е должен ова да го испита во секој конкретен случај и да одлучи дали ќе поведе постапка спрема детето кое наполнило 14 години и сторило дело за кое е утврдена парична казна или затвор до 3 години.

Ставот (2) пропишува дека ЈО може да донесе одлука согласно ставот 1, значи да се откаже од гонењето поради причини од целесообразност, доколку оцени дека случајот е јасен, кога ги информирал детето и неговиот законски застапник за последиците од

[2] Кривично постапување со децата во ризик и во судир со законот, Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. и Кошевалиска О., Скопје 2015, 152 и 153 стр.

одлуката и кога за тоа постои согласност од детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот. Сето ова по претходно прибавен извештај од центарот.

Заради утврдување на согласноста јавниот обвинител со покана ги повикува лицата од ставот (2) на овој член. Нивното недоаѓање кога се уредно поканети се смета за изразување несогласност.

Ставот (4) пропишува должност на центарот за социјални работи најдоцна во рок од еден месец да му достави извештај на јавниот обвинител во кој ќе бидат претставени и образложени околностите што се однесуваат на личноста на детето и неговото однесување и треба да поднесе и мислење и предлог во однос на донесувањето на одлуката за откажување од гонењето согласно ставот (1) на овој член.

Ставот (5) пак, пропишува должност на ЈО да побара посебен извештај од Министерството за внатрешни работи за околностите под кои е сторено делото. Познато е дека во истражната постапка учествуваат ЈО и полицијата која всушност е прва на терен да изврши увид и во најголем дел од случаите има одредени сознанија за делото со кои ЈО не е запознаен, па токму поради тоа потребен е уреден и официјален писмен извештај од МВР.

Постапката за посредување и порамнување е исклучена ако кривичното дело имало за последица смрт на некое лице.

Членот 76 од Законот е составен од (5) става. Во првиот став законодавецот му дава на јавниот обвинител право во рок од 30 дена да одлучи да не поведе постапка спрема дете кое има наполнето 14 години, иако постојат докази дека детето го сторило дејствието што со закон е предвидено како кривично дело, ако смета дека не би било целесообразно да се води постапка со оглед на природата на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на детето и на неговата личност. Ова право на ЈО е од истите причини на целесообразност од претходниот член. ЈО е должен во овие случаи да побара мислење од родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето, од други лица и установи, а кога е тоа потребно може овие лица и детето да ги повика во јавното обвинителство заради непосредно запознавање. Во рокот од 30 дена тој може да побара мислење од центарот за целесообразноста за поведување на постапка спрема детето.

Ставот (3) пропишува право на ЈО да го испрати детето во соодветна установа најдолго еден месец со цел да бидат утврдени неговите лични својства со што би се олеснило донесувањето на одлуката на ЈО.

Ставот (4) ги уредува случаите кога детето сторител веќе е на издржување на порано изречена санкција. Во ваков случај ЈО може да одлучи да не поведе постапка за новото дело ако со оглед на тежината на тоа дејствие што со закон е предвидено како кривично дело, како и на казната, односно санкцијата што се извршува, не би имало цел водење на постапката и изрекување на санкција за тоа дело.

Ставот (5) му наложува на ЈО доколку одлучи да не поведе постапка поради начелото на целесообразност, да го извести за тоа оштетениот кој пак, има право на жалба до судскиот совет против ваквата одлука во рок од 8 дена.

Членот 77 од Законот пропишува дека одлуката од член 75, односно одлуката на јавниот обвинител по пријавата за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело сторено од дете над 14 години, за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години, се донесува во форма на решение. Учесниците кои дале согласност за одлуката се смета дека се откажале од жалба на решението.

Решението за условното одлагање на постапката донесено од јавниот обвинител или судот се запишува во нивната евиденција и се брише од евиденцијата по истекот на времето на одлагање.[3]

**7. Цел на казнувањето на малолетни лица**

Целта на кривичните санкции за малолетници е двојна. Нивната прва цел е иста како и сите други кривични санкции, тоа е борба против дела што ги кршат или загрозуваат вредностите заштитени со кривичното право. Затоа, општата цел на малолетничките кривични санкции е сузбивање на сите видови, форми и видови на кривично дело. Во рамките на оваа општа цел на сите (дури и малолетнички) кривични санкции, специфично се предвидува дека целта на кривичните санкции против малолетниците е да влијаат на: нивниот развој и зајакнување на нивната лична одговорност, образованието и правилниот развој на нивната личност како да се обезбеди реинтеграција на малолетници во заедницата. Целта на казнувањето може успешно да се постигне на три начини : 1) со надзор, 2) со обезбедување заштита и помош и 3) со обезбедување општа и професионална обука. Затоа, при утврдувањето на целта на овие санкции, законот става акцент на образование, превоспитување и правилен развој на малолетници во форма на специјална превенција. Сепак, мора да се признае дека овие санкции, без оглед колку се од превентивен карактер, сепак не се лишени од присила, од одмазнички карактер бидејќи нивната примена не зависи од волјата на малолетникот сторител, а од аспект на содржината се состојат во поставување на одредени ограничувања, забрани, условувања и однесување на малолетникот според одредени упатства и наредби. Покрај тоа, целта на малолетничката казна затвор е да се изврши зголемено влијание врз малолетникот сторител, да не се прават кривични дела во иднина, како и на други малолетници да не прават кривични дела. Ова значи дека целта на малолетничкиот затвор се определува на два начина: 1) специјална превенција преку дејствие на сторителот да не го повтори делото и 2) општа превенција - влијание врз други малолетници да не сториле кривично дело. Така, пред сè, беше нагласена заштитната и превентивната цел на малолетничките кривични санкции, наместо претходно претставената терапевтска концепција.

**8. Модели на малолетничко правосудство**

На денешната светска сцена, во различни култури и заедници, постојат многу различни концепти на малолетничка кривична одговорност и, соодветно, различна содржина на интервенции. Општо земено, во повеќето современи заедници, фокусот на пристап до малолетнички криминал е малолетниот сторител и стореното кривично дело, и напорите на државата и нејзините судски и интервентни тела за рехабилитација на малолетникот и со тоа да се спречи извршување на кривични дела во иднина. Казнениот пристап подразбира дека индивидуите свесно избираат незаконско однесување и дека тие се одговорни за нивното однесување, без оглед на возраста и степенот на развој. Во согласност со ваквиот став, основната цел е утврдување на кривичната одговорност-вина, што е утврдено со пропишаната законска постапка. Резултатот е казна што ја рефлектира тежината на стореното дело, а неговото извршување служи како средство за заплашување. Спротивно на тоа, пристапот за рехабилитација подразбира дека кривичното дело сторено од малолетник се случува од низа други причини (несоодветна родителска контрола и грижа, лоши социјални вештини, лоши социо-економски можности и сл.), а не заради свесен избор на криминално однесување. Овој пристап

[3] Закон за правда на децата, Сл. весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013 година, членови 75.76 и 77.

подразбира дека криминалното однесување на децата и младите е резултат на неможноста да се суди и затоа подразбира ограничена одговорност за таквото однесување. Од друга страна, овој пристап се заснова на ставот дека е одговорност и обврска на општеството да обезбеди соодветна грижа и заштита за сите деца и млади. Затоа, треба да се обезбедат не само кривични закони, туку и интервенции за социјална заштита за малолетни сторители на кривични дела. Целта е да се спречи идно деликвентно однесување и да се обезбеди потребната помош за да се поправи постојното неприфатливо однесување.[4]

## 9. Индивидуални способности, компетенции и карактеристики

Во неодамнешните истражувања, може да се забележи однесување, како што се времетраењето на вниманието кон играчката и усогласеноста со упатствата на мајката да не допира некој предмет, што е особено важно за подоцнежното лошо однесување. Сепак, способноста да се предвиди однесувањето на подоцнежните возрасти (во адолесценција и зрелост) од такви карактеристики на почетокот на животот сѐ уште не е позната. Агресивното однесување е сепак една од најчестите карактеристики и може да се забележи континуитет на агресивно однесување од најрана возраст до зрелост. Импулсивноста и хиперактивноста се исто така поврзани со подоцнежно антисоцијално однесување. Карактеристиките на социјалното однесување што најдобро предвидуваат деликвентно однесување, сепак, се физичката агресија и спротивставеноста. Повеќето деца почнуваат да ги манифестираат овие однесувања помеѓу крајот на првата и втората година. Врвот на нивото на физичката агресија генерално се достигнува помеѓу 24 и 36 месеци, возраст во која последиците од агресијата се генерално релативно мали. Со влегувањето во градинка, поголемиот дел од децата започнуваат да користат други средства освен физичка агресија за да го постигнат она што го сакаат и да ги решат конфликтите. Оние што се интровертни и покажуваат малку просоцијално однесување кон врсниците имаат поголем ризик да бидат одбиени од нивните врсници, да не успеат во училиште и на крајот да се вклучат во сериозна деликвенција.

Голем број студии покажуваат дека деликвентите имаат понизок вербален коефициент на интелигенција во споредба со неделинквентите, како и помали постигнувања во училиштето. Асоцијалната младина, исто така, има тенденција да покажува когнитивни дефицити во областите на извршувањето на нивните одговорности, перцепцијата на социјални знаци и образци за обработка за решавање проблеми. Неколку студии, сепак, го оценија когнитивното функционирање во текот на предучилишните години или ги следеа децата во адолесценција за да ја разберат долгорочната врска помеѓу раните когнитивни дефицити и малолетничката деликвенција. Студиите што го разгледаа раниот когнитивен развој на децата покажаа дека слабите јазични перформанси до втората година по раѓањето, слабите моторни вештини до третата година и нискиот коефициент на интелигенција од градинка се поврзани со подоцнежно асоцијално однесување. Друго нарушување кое често се поврзува со асоцијално однесување и нарушување на однесувањето е големо депресивно растројство, особено кај девојчињата. Се претпоставува дека депресијата за време на адолесценцијата може да биде „централна патека низ која се развива сериозно антисоцијално однесување на девојчињата“. Кај девојчињата, нарушувањето во однесувањето може да биде еден вид манифестација на безнадежност, фрустрација и ниска самодоверба што често ја карактеризира голема депресија.[5]

---

[4] PRAVA DJECE U SUKOBU SA ZAKONOM - Ministarstvo pravde Crne Gore Komisija za primjenu alternativnih mjera i sankcija UNICEF, Podgorica, 2007, стр. 10 и 11.

[5] https://www.nap.edu/read/9747/chapter/5 стр. 71,72 и 73.

## ЗАКЛУЧОК

Децата кои доаѓаат во судир со законот не го прават тоа по сопствен избор, туку како резултат на стеснетите можности за нивниот развој. Овие можности се уште поограничени, откако ќе влезат во системот на кривична правда. Децата изложени на ризик од судир со законот често се жртви на злоупотреба и занемарување, несовесно или несоодветно родителство и економски тешкотии. Малолетничката деликвенција е сведоштво за неуспехот на општеството да обезбеди заштитно опкружување за своите деца. Обележувањето на овие деца повеќе служи за нивно исклучување од општеството, отколку за рехабилитација. Доколку малолетни престапници продолжат да бидат криминализирани, а истовремено да им биде ускратена „втората шанса" што ја заслужуваат, нивните „шанси" ќе се сведат на кршење на законот кога ќе пораснат. На овие деца им е потребна поддршка додека се уште деца. Напорите на општеството за рехабилитација на овие деца не се доволни за да одговорат на нивните развојни потреби и не се во согласност со принципот на целосно почитување на правата на децата. Детската личност се формира во текот на целиот процес на развој, и во зависност од фазата на развој, детето станува способен да преземе одговорност за нивните потреби, здравје и безбедност. Затоа, општеството е должно да обезбеди и да обезбеди посебна заштита на децата.

Мултидисциплинарноста на малолетничката деликвенција генерално бара усогласување на постојните законски регулативи каде што е потребно јасно да се пропишат улогата и активностите на сите субјекти во областа на социјалната превенција на малолетничката деликвенција. Стратегијата за ефикасна борба против малолетничката деликвенција мора да содржи исцрпно утврдени и пропишани активности како збир на мерки и активности од превентивен карактер врз основа на претходно утврдени и дефинирани етиолошки или каузални детерминанти. Исто така, на оперативно или извршено ниво, потребно е да се усогласат целокупните превентивни активности во согласност со реалните потреби со изразена соработка и координација на активностите на сите субјекти и органи или поединци во смисла на енергична и реална посветеност во борбата против малолетничката деликвенција. Превентивна - заштитна, како и поучна - контролна улога играат првенствено институциите за спроведување на законот, како и сите други субјекти и органи во системот на социјална контрола што можат да придонесат за ефикасно спроведување на стратегијата за превенција на оперативно ниво. Клучното прашање е како никој во системот на социјална контрола навремено не препознава ризично однесување на малолетни лица на патот кон извршување на кривично дело како крајна или последна последица на општествено неприфатливо и инкриминирачко однесување. За поефикасна борба против детскиот криминалитет е потребна поголема контрола над субјектите (родители, старатели, социјални работници и сл.) кои се должни да го воспитуваат и насочуваат детето кон позитивно однесување и кон почитување на другите индивидуи, па и нивно соодветно санкционирање во случај да не го пружат потребното внимание и позитивно влијание за развој на детето во склад со општествените очекувања.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Кривично постапување со децата во ризик и во судир со законот, Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. и Кошевалиска О., Скопје 2015.

ЗАКОН ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА, Објавено во Сл. весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013 година со измени од 25.07.2019 и 27.12.2019 година.

https://www.nap.edu/read/9747/chapter/5#73

PRAVA DJECE U SUKOBU SA ZAKONOM - Ministarstvo pravde Crne Gore Komisija za primjenu alternativnih mjera i sankcija UNICEF

**НАЦАКОВА Мила** **УДК: 343.61**
**ДИМЕСКА Ангела**

# УБИСТВОТО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО

**Апстракт:** Зависно од појдовната основа при барањето одговор на прашањето што е тоа кривично дело беа создадени и сè уште се создаваат голем број меѓусебно различни дефиниции на овој феномен. Како појава во реалниот свет, кривичното дело исто толку ги интересира социолозите, психијатрите, педагозите и сл., колку и правниците. Ако секој од нив му приоѓа на овој феномен од аспект на сопствената специјалност, логично е дека и одговорот на поставеното прашање ќе биде различен, обоен со особеностите на неговиот стручен пристап.

Сликата на разноликост во одговорите не се менува значително, ниту кога ќе се ограничиме само врз подрачјето на нашата специјалност. И тука има мошне разновидни, често дијаметрално противпоставени пристапи. Сите тие, меѓутоа, може да се поделат во две групи и тоа формални и материјални. Првите ги интересира формата, а вторите суштината на кривичното дело.

Македонското казнено законодавство се определува за формалната законска дефиниција на казненото дело – противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон. Казненото дело е централна категорија во системот на казненото право. Тоа го легитимира правото на казнување и ја определува широчината на казненоправната репресија, а од неговиот поим се изведуваат и другите основни категории – казнена одговорност и казна. Елементи на казненото дело се дејствие, предвиденост во законот, противправност, вина и казнивост.

Казненото дело е дејствие, поведение на човекот. Тоа е неспорниот и општоприфатен елемент од страна на сите автори што даваат каква и да е дефиниција на овој поим. Дејствието има значење на материјален, реален елемент во поимот на казненото дело, база врз која се надградуваат другите негови елементи.

Казненото дело може да го претставува само она поведение, што е изречно предвидено во законот како казнено дело (законосообразност). Казнено дело е само она поведение на човекот што претставува противправно остварување на законското битие на делото, односно на сликата на тоа дело предвидена во законот.

Противправноста е однос меѓу конкретното дејствие и апстрактниот законски тип на казненото дело, врз кој се заснова оцената дека во конкретниот случај тоа дејствие претставува повреда на казненоправната норма. Следен елемент е вината, субјективната одговорност на сторителот.

Казненото дело е само противправно дејствие во законот, за кој сторителот е виновен. Вината е прекор што му се упатува на сторителот поради тоа што ги прекршил со своето поведение казненоправните норми и со тоа предизвикал повреда или загрозување на правните добра во чија заштита се тие поставени. Последниот елемент е казнивоста на делото.

Казненото дело е поведение за кое е пропишана казна, што му се изрекува на виновниот сторител. Казнивост значи закана со казна, предвиденост на казната за поведението со кое се повредуваат казненоправните норми, заслуженост на казна на противправно и виновно дејствие. Нема казнено дело ако како негова правна последица не е пропишана казна.

**Клучни зборови:** кривично дело, однесување, виновно дејствие, право, казнивост

**NADZAKOVA Mila** **UDK: 343.61**
**DIMESKA Angela**

# MURDER AS A CRIME AGAINST LIFE AND BODY

**Abstract:** Depending on the starting point in the search for an answer to the question what is a crime, a number of different definitions of this phenomenon were created and are still being created. As a phenomenon in the real world, crime is as much of interest to sociologists, psychiatrists, pedagogues, etc., as it is to lawyers. If each of them approaches this phenomenon from the aspect of their own specialty, it is logical that the answer to the question will be different, colored by the peculiarities of his professional approach.

The picture of diversity in the answers does not change, even when we limit ourselves only to the area of our specialty. And here there are very diverse, often diametrically opposed approaches. All of them, however, can be divided into two groups, formal and material. The former are interested in the form, and the latter in the essence of the crime.

Macedonian criminal legislation is determined by the formal legal definition of a criminal offense - an illegal offense that is defined by law as a criminal offense and whose features are determined by law. Crime is a central category in the criminal justice system. It legitimizes the right to punishment and determines the extent of criminal repression, and from its term derive other basic categories - criminal responsibility and punishment. Elements of the criminal act are action, provision in the law, illegality, guilt and punishment.

Crime is an action, a human behavior. It is the indisputable and generally accepted element by all authors who give any definition of this term. The action has the meaning of a material, real element in the notion of the criminal act, a base on which its other elements are built.

The criminal offense can represent only that behavior, which is explicitly provided in the law as a criminal offense (compliance). A criminal offense is only that behavior of a person which is an illegal realization of the legal being of the offense, ie the image of that offense provided by law.

Illegality is a relationship between the specific action and the abstract legal type of the criminal offense, on which the assessment is based that in the specific case that action constitutes a violation of the criminal law norm. The next element is the guilt, the subjective responsibility of the perpetrator.

The criminal act is only an illegal act in the law, for which the perpetrator is guilty. The guilt is a reprimand that is addressed to the perpetrator because he violated the criminal law norms with his behavior and thus caused a violation or endangerment of the legal goods under whose protection they are placed. The last element is the punishment of the crime.

A criminal offense is a behavior for which a punishment is prescribed, which is imposed on the guilty perpetrator. Punishment means threat of punishment, predictability of punishment for the behavior that violates the criminal law norms, merit of punishment for illegal and guilty action. There is no criminal offense if no punishment is prescribed as its legal consequence.

**Key words**: crime, behavior, quilty, law, illegal ,violation, criminal act

**ВОВЕД**

Член 7 од КЗМ

*Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.*

Кривичното дело е поведение на човекот, што законодавецот оценувајќи го како опасно за општеството, го предвидува како кривично дело, пропишувајќи казна или друга кривична санкција за неговиот виновен сторител. Едно поведение е пропишано како казниво дело, затоа што тоа е општествено опасно, односно со него се загрозуваат или повредуваат определени општествени вредности и добра.

Казненото дело е поведение на човекот што изрично е забрането со закон, поради тоа што претставува повреда или загрозување на важни индивидуални и општествени вредности и добра. Законската одредба, од чл. 7 од КЗ , во суштина не содржи една сеопфатна дефиниција на поимот казнено дело. Во оваа дефиниција се истакнати само одделни елементи на поимот на казнено дело – дејствие, предвиденост во законот и противправност. Останатите елементи на поимот на казнено дело се изведуваат од одредбите на КЗ, за казнена одговорност и санкциите во нашиот казнено – правен систем.

Вака направената сеопфатна анализа на сите овие одредби од КЗ, го дава одговорот – дали во КЗ на РМ е прифатен објективниот или објективно-субјективниот поим на казненото дело. Еволуцијата на основната концепција на казненото право – од колективна кон индивидуална и од објективна кон субјективна одговорност, го премавна некогашниот објективен поим на казненото дело како поведение на човекот што претставува повреда на заштитените добра во објективна смисла, без никакви натамошни субјективни елементи на страната на сторителот. Во современото казнено право е владејачки објективно – субјективниот поим, според кој казнивото дело е поведение забрането со закон, за виновен сторител.

Неговото прифаќање е како резултат на почитување на основните криминално-политички постулати на секоја демократска правна држава, дека се казнува само она забрането дејствие што може да му се препише во вина на сторителот, со што се поставува и непречекорлива бариера за државното право на казнување. Тоа се ограничува само на случаите на предизвикување на забранета последица што заслужуваат прекор поради субјективниот однос на сторителот кон неговото дело. КЗМ се определува за објективно – субјективниот поим, владејачки во современото казнено право – се казнува само виновен сторител, нема казнено дело без вина[1]. Покрај тоа, законикот го познава и посебниот поим на казнено дело без вина, резервиран за непресметливи лица и за деца.

Од самата законска дикција на неговите одредби (чл. 12 „не е пресметлив сторителот кој во време на извршувањето на делото...„ и чл. 71 „кон малолетник кој во времето на извршување на кривичното дело не наполнил четиринаесет години...„ ), јасно произлегува дека делото на непресметливо лице или на дете се третира како казнено дело. Сепак, прифаќањето на ваквиот исклучок не значи дека поимот казнено дело на непресметливо лице или дете е определен во чисто објективна смисла.

Не е казнено дело на непресметливо лице секое негово дејствие со кое се предизвикува казненоправна релевантна последица. Напротив потребен е уште еден дополнителен, субјективен елемент – преземаното дејствие да биде еманација, симптом, да биде во врска со неговата патолошка состојба. Така, не постои дело на телесна повреда ако непресметливо лице се слизне на голомразица и при падот некого повреди.

[1] B.Dannecker, 151.

Во објективно – субјективна смисла казненото дело го дефинираме како дејствие на виновен сторител, предвидено во законот, противправно и казниво, како и исклучително, во однос на непресметливи лица или деца, како дејствие што е еманација на посебната состојба на личноста која налага примена на посебни мерки на лекување, помош или надзор.

Заштитната функција на казненото право непосредно имплицира и определен објект на таквата заштита, опфатен со поимот на правното добро. Според формално-материјалниот приод, казненото дело е поведение на човекот што е забрането со законот поради тоа што претставува повреда или загрозување на определени индивидуални и општествени добра и вредности. Поимот за правното добро може да се дефинира во формална и во материјална смисла. Казненото дело е основната категорија во категоријалниот систем на казненото право, поради што во системот на елементите на казненото дело правното добро ја има позицијата, исто така на базична претпоставка – секое казнено дело е насочено против определена вредност или интерес што со предвиденоста на делото во законот стекнува статус на правно добро. За означување на правното добро се употребуваат различни изрази – интереси признати од општеството, односно државата, социјални состојби што треба да се заштитат со правото, правни интереси, животни добра и објективни вредности итн.

Правното добро како објект на казненото дело не интересира од аспект на казненоправната заштита, поради тоа што го нарекуваме уште и објект на заштита. Секое казнено дело има свој објект на заштита (заштитено добро), така што е незамисливо да постои дело без објект на заштита.

Објектот на заштита е апстрактен, генерички поим кој ја содржи идејата на правното добро, вредност или интерес што се заштитува со конкретната инкриминација. Така, на пример, објект на заштита кај делото убиство е животот на човекот како негова највисока вредност, кај кражбата – правото на сопственост како темелно имотно право итн. Објектот на заштита не може да се идентификува со последицата на делото, која се изразува секогаш како последица во надворешниот свет. Оттука и разликувањето помеѓу објектот на заштитата и објектот на дејствието на делото. Објектот на заштита како апстрактен правен поим е неуништлив. Тој постои поправо, додека со измени на законот не биде исфрлен од вредносниот систем на казненото право. Казненото дело може да има повеќе сродни објекти на заштита.

Така на пример разбојништвото (чл. 237 КЗМ) како сложено дело составено од присилба и од кражба за свои објекти на заштита ги има слободата на личноста и правото на сопственост. Постоењето на повеќе објекти може да влијае врз формалната структура на казненото дело, која нужно станува сложена за да ја изрази заштитата на секој од нив. За разлика од објектот на заштита, објектот на дејствието е нешто опипливо, материјално, дел од надворешниот свет чијашто повреда или загрозување се појавува како последица на казненото дело. Така на пример, објект на дејствието кај убиството е телото на жртвата, кај кражбата – подвижниот предмет што се одзема итн.

Објектот на дејствието е материјализиран облик на апстрактното правно добро што се појавува како објект на заштита на конкретното дело. Правото на сопственост, што е објект на заштита кај кражбата, како апстрактен поим го покрива сопственичкиот однос како и правото на владение врз било кој подвижен предмет што може да се појави како објект на дејствието на кражбата. Секое казнено дело има објект на заштита, но не секое дело има објект на дејствието. Таков е случајот со т.н. формални дела, чиешто неправо се исцрпува во преземањето на определено дејствие, без нивното законско битие да опфаќа и настапување и на некоја последица (така на пример, непријавувањето на казнено дело или сторител, чл. 364 КЗМ).

Субјекти на казненото дело се активен и пасивен субјект. Активен субјект е сторителот на казненото дело. Сторител на казненото дело е секогаш физичко лице, а под определени услови и правно лице. Концепцијата на казненото право засновано врз делото, поимот на казненото дело како поведение на човекот со кое се повредуваат казненоправните забрани и концептот на индивидуалната и субјективна казнена одговорност се општата криминално – политичка и казненоправна рамка во која се сместува и поимот на сторителот. Пасивен субјект е жртвата на казненото дело. Жртва на казненото дело е физичко или правно лице што го погаѓа последицата содржана во законското битие на делото (смрт кај убиство, телесна повреда кај делата на телесно повредување, оштетување на имотот итн).

**Дејствие**

За разлика од минатите времиња, во кои кривичното право познавало казнување со мисли, денес е општо прифатен ставот дека никој не може да биде казнет за мислење, туку само за поведение што човек на видлив начин го манифестирал во надворешниот свет. Мислите, дури и кога значат одлука за извршување најтешко кривично дело, не го нарушуваат јавниот поредок и заедничкиот живот на луѓето во општеството, па мора да останат неказнети. Практиката спроведувана години наназад, дошла до израз во одредбата што го регулира начинот на извршување на кривичното дело – кривичното дело може да се изврши со сторување, а не со несторување (чл. 29 ст. 1 од КЗ).

Според тоа, човековото поведение во надворешниот свет може да се појави во два вида – како активно поведение, како дејствие и како пасивно поведение, односно пропуштање дејствие што сторителот бил должен да го преземе. Кривични дела на сторување (delictacommisiva) и кривични дела со несторување – пропуштање (delictaomissiva). Она што човекот го манифестира во надворешниот свет, а што служи како основа за казнувањето, го нарекуваме дејствие. Притоа веднаш треба да се истакне дека дејствието во кривично-правна смисла во многу нешта се разликува од дејствието во обичната, онтолошка смисла на зборот. Пред сѐ, тоа овдека е позитивно-правен поим – за неговото разбирање е од превосходно значење кривичниот закон.

Секогаш мора да се тргне од она што законот го третира како дејствие. Така, не се казнува ни секоја дејност на човекот манифестирана во надворешниот свет доколку не била управувана од страна на неговата волја, зашто е исто толку општоприфатен ставот дека човек може да одговара само за своето волево поведение. Со тоа доаѓаме до каузален поим на дејствието, што е најшироко прифатен во современата кривично-правна теорија во светот и кај нас – тоа е волев акт на човекот манифестиран во надворешниот свет или поинаку речено предизвикување определена промена во надворешниот свет со волев акт.

Овој поим на дејствието, што му го должиме на Франц фон Лист, се нарекува каузален, зашто, според него, важно е само сторителот со својот волев акт да го ставил во движење каузалниот тек на еден настан, а сосема ирелевантно, зошто го има сторено тоа.

Поимот на дејствие е еден реален материјален елемент на поимот на казненото дело. Токму начелото на законитост во казненото право, се состои во барањето законот прецизно да ја постави границата помеѓу казнивите и неказнивите поведенија на човекот, и во оваа смисла истиот да биде јасен. Казнивото дејствие може да биде само поведение кое изричито е предвидено во законот како казниво дело. Кон другите елементи на казненото дело, ќе се пристапи откако најпрво ќе се утврди дека одредено поведение на човекот одговара на законската слика на определено казниво дело, односно

ги содржи неговите објективни обележја кои се пропишина со законското битие на конкретното казниво дело.

Од генерален аспект, дејствието во казнено-правна смисла, е поведение што човекот го манифестира во надворешниот свет, а служи како основа за казнување.

Начелно човек може да биде казнет само за поведение кое го манифестира во надворешниот свет, а кое во објективна смисла е насочено кон повреда на правни добра кои се заштитени со казненото право. Човековото поведение во надворешниот свет може да се појави во два вида – комисивни и омисивни. Но постојат и т.н. комисивно-омисивни деликти, кој освен со сторување може да бидат извршени и со несторување. Така на пример, кривичното дело убиство, освен со активно дејство – чинење (пукање, прободување со нож итн), може да бидат извршени и со несторување (ако мајката која е правно должна да се грижи за своето бебе, пропушти да го храни, со намера истото поради глад да почине – да го лиши од живот.)

Дејствието од аспект на казненото право, треба да претставува и определено однесување – поведение, кое е социјално релевантно. Значи не е битно, дали нешто е изјавено, туку каква е смислата на тоа што е изјавено. Во оваа смисла е познат примерот од француската литература. Еден студент на неговиот помлад брат кој земал часови по француски, му кажал како на француски, да и` каже на својата професорка по француски јазик „добар ден госпоѓо професорке“. Но, зборот на француски „професорке“ го заменил со зборот „кокошке“. Од аспект на социјална релевантност, малиот ученик воопшто не го знаел значењето на заменетите зборови на француски (професорке-кокошке). Секако, дека истиот не знаејќи го значењето на зборот кокошке на француски јазик, од казнено правен аспект е нерелевантно (не би повлекувало кривична одговорност за навреда).

Од општиот поим на дејствие, за кривичното право не е од значење секое дејствие, туку само она што е опишано во законското битие на кривичното дело. Вообичаено законодавецот дејствијата на сторување ги опишува со еден глагол - „ќе присили на обљуба“ или само е дадена последицата „ќе лиши од живот“ а дејствијата на сторување не се изрично наведени.Кај некои кривични дела, тоа може да биде алтернативно опишано, „ќе побара, ќе прими, ќе прими ветување“, како кај кривичното дело Примање поткуп итн..Кај некои кривични дела, се употребува и една општа формулација „или на друг начин“. Во суштина, ова значи толкување на можните дејствија во контекст на некој од пропишаните законски дејствија на предметното казниво дело.

Во кривично-правна смисла, значајно е, дејствието како комплексен акт. Тоа е една ситуација кога повеќе човекови дејствија во обична смисла, ги сметаме како едно, дејствија на сторување во кривично-правна смисла. Така кај сложените кривични дела како што се Силување (присилба или обљуба), Разбојништво (присилба, закана и одземање на предмети-кражба) итн.

Дејствието како материјален елемент на казненото дело во контекст со објектот на казнено – правната заштита, понатаму го развива учењето за последицата од делото. Самото дејствие, нема никаква смисла ако истото не предизвикало некаков ефект врз заштитеното добро.

Во оваа смисла, секое казниво дело има определена последица што се состои во различен степен на загрозување или повреда на заштитеното добро. Под поимот на повреда се подразбира предизвикување на определена промена врз објектот на дејствие, објектот на заштита кај определеното кривично дело.

Во оваа смисла објект на дејствие на пр. кај кривичното дело убиство е животот на конкретното лице- жртва, а објект на заштита е општо животот и телото на луѓето.

Поимот на загрозување е создавање на една опасност (можност, веројатност) од уништување на објектот на дејствие на конкретно казнено-правно заштитено добро. За казненото право, не може да биде релевантен кој и да е, макар и минимален степен на загрозување, зашто тоа би водело кон енормно проширување на казненоправната репресија. Постојат две теории во теорија за објаснување на степенот на веројатноста за повреда и тоа квантитативна и искуствена. Поприфатлива е втората според која само врз основа на општото искуство може да се оценува дали и кое дејствие, според начинот на извршувањето, употребените средства, состојбата на објектот на дејствието и други околности, создава опасност од повреда.

Ова повредување може да биде апстрактно, како подалечна можност од настанување на повреда. Во случај кога самото дејствие само по себе е опасно и не влегува во законското обележје на определеното казниво дело. Така на пр. Кривичното дело Оштетување брани од чл. 293 од КЗ „Тој што ќе оштети брани или други уреди што служат како заштита од природни непогоди“.

Загрозувањето е конкретно, кога се работи за поблиска можност од настапување на последица во вид на некоја повреда, кога ќе дојде до настанување на опасноста. Конкретното загрозување е елемент на законското битие на кривичното дело и секогаш треба да се утврдува. Така кај кривичното дело Загрозување на безбедноста на сообраќајот од чл. 297 од КЗ, потребно е сторителот со непрописно дејствие да го загрози јавниот сообраќај, така што ќе го доведе во опасност животот или телото на луѓето, или имотот од значителен обем.

Дејствието на извршување добива значење на остварување на законското битие на делото ако се појавува како причина за настапување на казненоправната последица предвидена во тоа законско битие. Или, со други зборови, сторителот одговара за причинувањето со свое дејствие на онаа последица, што е конститутивно обележје на законското битие на определено казнено дело. Исто така, учеството во казненото дело претпоставува каузален придонес – како учесник во делото се третира сторителот чиешто дејствие стои во причинска врска со остварувањето на делото и неговата последица. Ваквото, првично воведување веќе го лоцира мошне сложениот проблем на причиноста (каузалитетот) во сферата на материјалните деликти. За да би можело една штетна последица, да му се стави на товар на едно лице, како извршител на казниво дело, недвосмислено мора да се утврди дека таа настанала поради неговото поведение(чинење или нечинење). Односно мора да се утврди, дека помеѓу неговото поведение и настанатата штетна последица постои причинско-последична врска или каузалитет.

Честопати во практиката ова прашање е многу едноставно. Така на пример – ако некој со нож му го пресече гркланот на некое лице, прашањето за каузалитет помеѓу дејствието на сторителот и последицата е повеќе од очигледно. Но постојат случаи кога ова прашање може многу да се комплицира. Така на пример – некое лице добива тешки телесни повреди од сообраќајна незгода, а починува во болница после една недела или едно лице удира со тупаница некое лице, а тоа боледува од хемофилија и истото искрвавува и починува на патот до болницата итн. Нашата судска практика ја прифатило т.н теорија на еквиваленција (еднакви услови), при толкувањето на овој проблем. Според која едно дејствие е причина за настанатата последица, кога тоа се појавува како услов без кој не се може, за нејзино настанување.

**Предвиденост во законот (законско битие)**

Казнено дело е само она дејствие, со кое се остваруваат обележјата на казнено дело определени со законот. Законската дефиниција на поимот на казненото дело го потенцира токму овој елемент на предвиденост во законот - казнено дело е противправно

дело што со закон е определено како казнено и чии обележја се определени со закон (чл. 7 од КЗМ).

Неговото двократно истакнување – еднаш во смисла на тоа дека законот треба да го пропише казненото дело, а потем и во смисла на тоа дека законот треба притоа да ги определи и сите негови обележја, е консеквенција на начелото на законитост и темелното барање за законска определеност на битијата на казнените дела. Според тоа, предвиденоста во законот како општ поим ги опфаќа – законскиот опис и законското битие на казненото дело.

Секое дело има свој законски опис. Тоа е делот од законската одредба што се нарекува диспозиција, а нејзината функција е да ја определи казненоправната норма и јасно и прецизно да го опише поведението со кое се повредува правното добро во чијашто заштита е поставена таа норма. Поимот на законски опис е идентичен со законската одредба за казненото дело но не го исцрпува сето значење на поимот на предвиденост на делото во законот, зашто се однесува само на еден негов аспект. Содржината и опфатот на законскиот опис зависат од природата на казненото дело и објектот на заштитата, како и од потребата за негова заштита од специфицирани облици на повреда или загрозување, па во таа смисла тој може да е краток и едноставен, без набројување на многу елементи, или пак оппирен и сложен.

Од поимот на законскиот опис треба да се разликува поимот на законското битие на казненото дело кој го специфицира неправото на секое одделно дело во споредба со другите дела. Законското битие е содржано во законскиот опис на делото и најчесто се поклопува со него. Така , на пример, законскиот опис на телесната повреда (чл. 130 ст. 1 „ тој што друг телесно ќе го повреди или ќе му го наруши здравјето“) ги содржи сите обележја на законското битие на тоа дело (дејствие и последица). Но, законското битие може да биде и потесно или пошироко од законскиот опис, така што во него да влегуваат само одделни елементи од законскиот опис, или пак тоа да опфаќа елементи што не се содржани во законскиот опис. Законското битие не ги опфаќа, како што ќе видиме, објективните услови на инкриминација кои се содржани во законскиот опис.

Законското битие на казненото дело ги опфаќа сите законски обележја со кое казненото дело се определува како посебен ентитет. Тоа ја дава дефиницијата на објективното материјално неправо за секое казниво дело, што во суштина значи дека таа норма е забранувачка (прохибитивна) или наредувачка (императивна). Исто така, со неа е определено и правното добро, кое е објект на заштита, како и конкретниот облик (дејствие) на напад на тоа правно добро.

Законското битие на казненото дело кое како што рековме, го дефинира објективното материјално неправо на казненото дело, не ги опфаќа елементите на вината, која е посебен субјективен елемент на делото. Кај некои казниви дела постои исклучок, каде субјективниот елемент е содржан во самиот законски опис.(Така на пр. Кај кривичните дела против државата чл. 309, 310 од КЗ, кај сторителот е потребна посебна „намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на РМ“).

Доколку по пат на докажување во самата казнена постапка се утврди лицето А, со своите дејствија, ја предизвикало смртта на лицето Б, неговите дејствија добиваат квалификација на казнено дело - Убиство. Затоа што, со ова се исполнети двете обележја од кои е составено законското битие на кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 1 од КЗ, - „тој што друг ќе лиши од живот“.

Структурата на законското битие на определено казнено дело, претставува системска целина од дескриптивни и нормативни обележја. Како основна содржина на објективното, материјалното неправо го сочинуваат дејствието на извршување и последицата. (како дескриптивни обележја).

Обележје на секое казниво дело е дејствието, кое може да биде со сторување, пропуштање, со едн опис, комплексно (кај сложените дела, Силување, Разбојништво), алтернативно (кај кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги итн.).

Во законските битија на некои кривични дела, како посебно обележје е определен начинот на сторувањето (кај Тешка кражба, со провалување, кршење), времето (за време на пожар или елементарни непогоди кај кривичното дело Тешка кражба), средството (со употреба на посебни уреди, кај кривичното дело Неовластено прислушкување).

Објективното законско битие кај некои кривични дела содржи обележја кои се однесуваат на извршителот на делото. Така вообичаено се употребува законската формулација „Тој, што значи дека сторителот на кривичното дело може да биде секое лице".

Кај некои кривични дела се бара сторителот да има посебно својство – службено лице, одговорно лице или лице кое врши работа од јавен интерес, мајка итн. Поимите на службено лице, одговорно лице, лице што врши работа од јавен интерес се објаснети во чл. 122, значењето на изразите од КЗ.

Во некои законски битија се содржани елементи кои се однесуваат на субјективниот однос на сторителот. Така, типичен пример е кривичното дело Кражба, во кое законско битие се бара посебна „намера за прибавување на противправна имотна корист", или кај кривичното дело Фалсификување пари, „тој што ќе направи лажни пари со намера да ги употреби како вистинити".

Како што беше наведено, освен дескриптивни, законските битија понекогаш опфаќаат нормативни обележја. Тоа се елементите,како што се – службени лица, одговорни лица, лица што вршат работа од јавен интерес, исправа, јавна исправа итн. , чие значење е нормативно уредено со чл. 122 од КЗ. Често пати се бараат елементи, како стан, туѓ предмет, минерални суровини, кои поими се содржани го други правни гранки. Во групата на овие нормативни елементи влегуваат и поимот на противправноста, како елемент на делото.

**Противправност**

Противправноста, како што недвосмислено кажува самиот збор, значи спротивставување на правото, спротивставување на неговите повелби (забрани и заповеди) изразени во вид на правни норми. Смислата на противправноста се состои во тоа што едно човеково поведение се јавува како кршење на определена правна норма. Ова е формална страна на противправноста. Овој поим ништо не кажува за причините поради кои едно човеково поведение е забрането, а друго наложено. До одговорот на ова прашање може да се дојде само и единствено преку познавањето на мотивите поради кои законодавецот едно поведение го пропишал како забрането, а друго како задолжително. Тоа е домен на криминалната политика, кој му претходи на процесот на озаконувањето.

Едно дејствие за да претставува казниво дело не е доволно само да е предвидено во законот како апстрактен тип на неправо. Потребно е тоа дејствие и конкретно да биде противправно. Од оваа гледна точка противправноста е објективна оценка на делото од гледна точка на правниот поредок.

Правниот поим на противправноста се изведува од релацијата на човековото поведение и правниот поредок, па противправно е она дејствие што е во спротивност со нормите на правниот поредок. Едно дејствие може да претставува казниво дело, само

ако е предвидено со законот како казниво дело и ако одговара на законското битие на тоа дело. Противправноста е објективна оценка за недозволеноста на едно поведение.

Општествената опасност е суштината, а противправноста е формата во која се манифестира оваа суштина. Таа е нормативен израз на една криминално – политичка оценка за штетноста на едно поведение за определени социјални цели, вредност, интереси на еден определен поредок.

Противправноста на едно поведение во кривичното право е одредена преку законското битие на кривичното дело. Нема противправност надвор од законскиот опис на кривичното дело. Во кривичното право, противправно може да биде само она поведение што му одговара на законскиот опис на одредено кривично дело. Едно дејствие според општиот дух може да биде општествено опасно, тоа може да биде недопуштено според нормите на другите гранки на правото, но за кривичното право тоа не може да биде противправно, доколку тоа не е опфатено во законскиот опис на едно кривично дело.

Меѓутоа, не секогаш при реализацијата на законското битие на едно кривично дело, тоа не е дефинитивна оценка за противправноста на тоа дејствие. Во конкретниот случај може да постои некоја основа за исклучување на противправноста. При утврдувањето на противправноста, во казненото право, постојат две фази: прва фаза – дали со едно конкретно поведение на човекот е остварено законското битие на едно кривично дело и втора фаза – дали во конкретниот случај не постои некоја посебна пермисивна (дозволувачка) норма, какви што се основите за исклучување на противправноста, којшто тоа дело го прават допуштено, односно дали со пермисивната норма се поништуваат императивните (наредувачки) или прохибитивните (забранувачки) норми на казненото право.

Кратко кажано, едно е дело е противправно кога со него се остварува законското битие на некое кривично дело, а при тоа не постојат некои пермисивни норми – основи за исклучување на противправноста.

Формалната страна на противправноста се сведува на релацијата на дејствието со вкупноста на нормите на правниот поредок, и тоа прохибитивната, повредена со остварувањето на законското битие во конкретниот случај го прави правно допуштено. Пермисивните норми се формален израз на непостоењето конкретна повреда на правното добро, така што дејствието преземено под условите што го определуваат тие норми не е насочено кон повреда, туку кон негова афирмација и заштита. Во КЗ постојат општи основи и посебни основи за исклучување на противправноста.

Општи основи за исклучување на противправноста се – дело од мало значење (чл. 8 од КЗ), нужна одбрана (чл. 9 од КЗ) и крајна нужда (чл. 10 од КЗ). Посебни основи за исклучување на противправноста се содржани во самите законски битија на определени кривични дела. Така кај кривичното дело Учество во тепачка од чл. 132 од КЗ, во самиот ст. 2 е пропишано, дека нема кривично дело од ст. 1 за лице кое без своја вина било вовлечено во тепачката или само раздвојувало други учесници во постапката.

**Дело од мало значење** – еден од инструментите на криминалната политика на полето на третирањето на ситниот, незначителниот криминалитет, или уште минимален облик на криминалитет (на пр. Противправно одземање на едно обично пенкало од својот колега).

**Нужна одбрана** – нужна е онаа одбрана што е неопходна сторителот од себе или од друг да одбие истовремен противправен напад (чл. 9 ст. 2 од КЗ). Овој институт својата правна основа ја наоѓа во природното право на човекот на самоодбрана и заштита на своите добра.

**Крајна нужда** – кај крајната нужда постои судир помеѓу две права. Едното право, односно интерес се жртвува во име на спасување на друго, односно се жртвува помалку

вредно добро за да се спаси повредно добро. Пример, Лекар што има на располагање само еден апарат за реанимација, а двајца критични пациенти, го исклучува едниот од нив за го спаси другиот (фактичко прашање, притоа се земаат во вид болеста на пациентите и прогнозата на крајниот исход на секој од нив, возраста на пациентите и субјективните особини на секој од нив во зависност од дијагнозата и можноста за преживување итн.)
**Исклучување на противправноста надвор од КЗ** – тоа се Дела извршени во службена функција, Дозволен ризик, Акти на воспитување, Вршење лекарска професија, Согласност или претпоставена согласност на оштетениот и Дело извршено по наредба на претпоставениот

**Вина (кривична одговорност)**

Член 11 од КЗМ

*Кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност*

Одамна се зад нас времињата во кои кривичното право го казнуваше човека за голото предизвикување на штетната последица, не водејќи сметка за тоа дали кај него постоел некаков психички однос спрема делото – дали бил свесен за она што го прави, дали имал или немал претстава за можноста на настапување на таа штетна последица, дали оваа ја сакал или не. Ова беше принцип на т.н објективна одговорност и тој денес главно е напуштен. Современото кривично право во полна и еднаква мера го уважува како објективниот, така и субјективниот елемент, со тоа што едниот служи како рамка во која се испитува другиот. Вината е прекорливост за формирање волја на сторителот да ги погази правните повелби во вид на забрани или заповеди.[2]

КЗ не го употребува терминот вина, туку кривична одговорност. Императивот на уважување на субјективниот елемент денес е толку стриктен што за него се зборува како за едно од основните кривично-правни начела, изразено со максиматаnullapoena sine CULPA. Начелото на вината е меродавната субјективна претпоставка за кривичната одговорност. Тоа, од една страна го штити сторителот од прекумерната репресивност на државата, додека, од друга страна, настојува казната, како јавно петно, да остане строго врзана за дејствија што заслужуваат социјално-етичка осуда. Тоа е казнување на човек што не може да се прекори за стореното, казнување на невин човек. Човекот е виновен само и единствено доколку може да се упати прекор затоа што формирал волја за преземање (пропуштање) определено дејствие што законот го определил како недопуштено.

Вината претставува остварување на објективното неправо, противправност на делото. Постојат формален и материјален поим за вината. Формалниот поим на вината ги опфаќа законски определените елементи на субјективна казнена одговорност. Материјалниот поим на вината навлегува во заснованоста, во она што го оправдува прекорот. Материјалната основа на вината како прекор е повредата на барањето за почитување на правните добра заштитени со казненото право.[3]
Вината како прекор е нешто индивидуално, нешто што постои во главата и срцето на човекот, но истата е и вредносен суд за човековото поведение. Затоа вината не може да се изедначува само со психичките односи на деликвентот кон делото. Таа истовремено е и едно нормативно оценување на тој психолошки супстрат.

---

[2] Долапчиев, 258.
[3] Jescheck/Weigend, 422.

Според нормативната концепција за вината, структурата на вината ја сочинуваат – пресметливоста, умислата или небрежноста и свеста или можноста за свест за противправноста.

Основна претпоставка за вината е пресметливоста. Во оваа смисла кривично одговорен е сторителот којшто е пресметлив. Во однос на полнолетните сторители се тргнува од претпоставката, дека за секого се претпоставува дека е пресметлив, а со тоа и способен за вина. Но, прекорот што му се упатува на сторителот на казнивото дело, секогаш за свој објект го има неговиот субјективен однос кон стореното дело. Затоа, како елемент на вината, пресметливоста мора да се проценува како конкретна способност за вина.

Нашиот КЗ, поимот на пресметливоста го определува – дефинира во негативна смисла, односно пропишува кој сторител е непресметлив (чл. 12 од КЗ)

Во оваа смисла непресметливоста би можела да се дефинира како неспособност на сторителот, во време на сторувањето на казненото дело да го сфати значењето на своето дело и да управува со своите постапки, која неспособност е предизвикана од трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој или други особено тешки душевни пречки.

Од самиот законски поим на пресметливоста, произлегува дека таа треба да се утврдува најпрво како постоење на одредена биолошка состојба (трајно или привремено душевно заболување, заостанат душевен развој итн) и одредени последици врз способноста на овие состојби врз расудувањето на сторителот (да го сфати значењето на своето дело и да управува со своите постапки).

За утврдување на пресметливоста – непресметливоста, судот е должен секогаш да консултира вешти лица (вообичаено судски-психијатри, психолошко-психијатриски тимови итн.)

Прашањето на пресметливоста е прашање за способност за вина. Со определување на пресметливоста се определува кругот на лицата коишто можат да бидат виновни и казнети.

Биолошки основи на непресметливост. Овие основи на непресметливоста се содржани во самото законско дефинирање на непресметливоста (чл. 12 од КЗ).

-Трајно душевно заболување, се подразбира постојано и долготрајно психичко заболување, како што се шизофренија, епилепсија, параноја.

-Привремено душевно заболување е психичко заболување од покусо траење, што може да трае пократко или може да се прекрати или залечи, како што се манија, меланхолија, манично-депресивна психоза.

Но, во секој случај за казненото право е ирелевантно дали се работи за трајно или привремено душевно заболување, доколку поради истите дојде до неспособност за расудување истите се биолошка основа на непресметливоста.

-Привремена душевна растроеност е психичко нарушување поради разни внатрешни или надворешни фактори и истите може да се јават и кај психички здрав човек, а истите траат, се додека делуваат овие фактори. Како надворешни фактори вообичаено се сметаат сонот, треската од висока температура итн, а како надворешни фактори обично се јавуваат алкохолот, дрогата, психотропните супстанци итн.

-Заостанат душевен развој е интелектуална и карактерна заостанатост поради неразвиеност на централниот нервен систем. Причинители на овие состојби се вродени (инбецили, идиоти, дебили-олигофрени, кретенизам) или стекнати аномалии (деменција, склероза).

-Другите особено тешки душевни пречки се душевни состојби од моментален или подолготраен карактер, кој не може да се дефинираат ни како душевни болести, ниту како душевна растроеност.

Постоењето на ваквите биолошки основи, не се доказ дека определено лице е непресметливо. Потребно е да постои каузалитет, помеѓу биолошките основи и способноста на сторителот да го сфати значењето на своето дело и да управува со своите постапки.

Способноста да се сфати значењето на своето дело, е способност за расудување во насока на разбирање на вистинското и општественото значење на постапките од страна на самиот сторител (свест за она што го чини или пропушта).

Способноста да се управува со своите постапки е способност за контролирано однесување од страна на сторителот, кое е сообразно со сфатеното значење на делото. Непресметливоста ја исклучува вината, таа е основ за исклучување од кривична одговорност. Ваквата состојба на непресметливост, треба да постои во времето на сторување на делото. Во оваа смисла, ако со вештачење е утврдено дека некое лице во време на сторувањето на кривичното дело Убиство, било непресметливо, не значи дека кога истото тоа лице после овој кривично – правен настан, сторило кривично дело Разбојништво, дека неговата непресметливост се претпоставува и за ова кривично дело. Состојбата на пресметливоста би требало повторно да се утврди по пат на вештачење и за овој кривично- правен настан (Разбојништво).

Битно намалена пресметливост е пресметливост (лицето е кривично одговорно ), таа не претставува некаква состојба помеѓу непресметливост и пресметливост. Доколку едно лице стори кривично дело во состојба на битно намалена пресметливост, судот истиот може поблаго да го казни.

Дејствија слободни во причината - Actionesliberae in causa, тоа се состојби кога сторителот прави самиот од себе средство за извршување на кривично дело. Во ваквите ситуации сторителот поради употреба на дрога или алкохол, се доведува до состојба на непресметливост, но пред да се доведе до ваква состојба, ваквото дело било опфатено со неговата умисла или небрежност, а законот за ваквото дело пропишувваказнување и за небрежност, односно се доведува во ваква состојба за да помине неказнето.

Волевиот однос на сторителот кон предизвикувањето на штетните последици е законска основа за поделба на вината на умисла и небрежност.

Кривичното дело е сторено со умисла кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека со неговото сторување или несторување може да настапи забранетата последица, но се согласил со тоа – со нејзиното настапување (чл. 13 од КЗ). Содржината на умислата е определена од две компоненти и тоа интелектуална и волева. Интелектуалната компонента, значи свест за делото, а волевата компонента е сакањето на делото.

Во чл. 14 од КЗ, кривичното дело е сторено од небрежност кога сторителот бил свесен дека поради неговото сторување или несторување, забранетата последица може да настапи, но лекомислено смета дека таа нема да настапи или ќе може да ја отстрани (свесна небрежност) или кога не бил свесен за можноста од настапување на забранетата последица иако според околностите и своите лични својства, бил должен и можел да биде свесен за таа можност (несвесна небрежност). При остварувањето на законските битија на определени казниви дела, со свест и волја за настапување на забранетата последица (умислени) казниви дела, се казнува секогаш, за небрежност се казнува, само ако тоа законот изрично го пропишува. Небрежноста е неволево остварување на законското битие.

**Кривични санкции**

Ако санкцијата во правото воопшто се дефинира како присилна мерка што државата ја применува врз прекршителот на некоја правна норма, кривичната санкција е присилна мерка што се применува врз оној што ја повредил кривично-правната норма. Тоа е, поинаку речено, правно организирана реакција на општеството организирано во вид на држава против сторителот на едно кривично дело.

Системот на санкции предвиден во КЗМ според своите надворешни белези ги има сите карактеристики на плуралистички систем. Тој содржи – казни, алтернативни мерки, мерки на безбедност и воспитни мерки (чл.4).

1. КАЗНА

Казната е справедливо целно зло, кое се нанесува на сторителот на кривичното дело. Таа е правна последица за извршеното кривично дело, која ја изрекува судот во постапка утврдена со закон (ЗКП).

Таа е зло меѓутоа целно зло, што значи одмазда не само заради стореното кривично дело, туку со определени социјални корисни цели ( ресоцијализација-превоспитување на сторителот, како и воспитно влијание врз другите да не извршуваат кривични дела).

Казната има две димензии и тоа државно-правна и индивидуална. Првата произлегува од правото на државата да казнува, како пренесено право од граѓаните и индивидуална, како казнување на виновните сторители за стореното кривично дело.

Казната има две основни цели – генерална и специјална превенција. Генералната превенција се состои во воспитно влијание врз другите да не чинат кривични дела, да знаат дека и нив ќе ги очекува казна доколку сторат кривично дело. Специјалната превенција се состои во воспитно влијание врз сторителот и неговото превоспитување, повторно да не чини кривични дела (ресоцијализација).

За сторените кривични дела на кривично одговорни сторители можат да се изречат, некои од следниве казни – казна затвор, парична казна, забрана за вршење професија-дејност или должност, забрана за управување со моторно возило, протерување странец од земјата, забрана за посетување спортски натпревари (со измените од 2014).

2. АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ

Со алтернативните мерки, во суштина треба да се постигнат непосредни и посредни цели, од аспект на генерална и специјална превенција на казните и ресоцијализација на сторителите, како приоритет на казнувањето.

Првата непосредна цел е во насока на избегнувањето на изрекување на казна на казнено одговорни сторители за полесни кривични дела, секогаш кога тоа не е нужно. Втората се состои во остварувањетона целите на казнувањето со предупредување со казна (условна осуда), само предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот (условна осуда со заштитен надзор, куќен затвор). За разлика од казната која е ретрибутивно – превентивна мерка, алтернативните мерки се превентивни санкции.

3. МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Казната е тип на санкција, која во суштина се темели на моралната одговорност и вината на сторителот за одредено дело, која во основа има мерки на ретрибуција (освета за стореното зло). Како што напоменавме алтернативните мерки во суштина имаат

превентивен карактер, а мерките за безбедност како тип на санкција претпоставуваат опасен деликвент – опасна состојба, која во суштина има превентивно дејство на заштита на општеството од ваквите деликвенти. Видови мерки за безбедност се следниве – задолжително психијатриско лекување и чување во здраствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода, задолжително лекување на алкохоличари и наркомани, медицинско фармаколошко лекување.

**2. Кривични дела против животот и телото**

Животот и телесниот интегритет претставуваат основни човекови вредности, затоа што целокупните општествени односи се засновани врз односите помеѓу луѓето. Заеднички објект на заштита кај сите кривични дела од оваа глава е животот и телото на човекот. Последица кај кривичните дела од оваа глава може да бидат повреда или загрозување на животот и телото. Повредата се состоиили во уништување на животот (кај кривичното дело Убиство) или на плодот (кај Противправно прекинување на бременост) или во повреда на телесниот интегритет (телесни и тешки телесни повреди). Загрозувањето е создавање на конкретна опасност за животот или здравјето односно телесниот интегритет (дела на загрозување со опасно орудие, Учество во тепачка, Напуштање на немоќно лице или Неукажување помош).

Повредите или загрозувањата претставуваат казниви дела само ако се вршат спрема друго лице..Самоубиството не е инкриминирано, но е казниво наведувањето на Самоубиство. Самоповредувањето исто така е неказниво, со исклучок, ако се врши заради определена цел (онеспособување за одбегнување на воена обврска или за остварување на некои права од социјално осигурување).

Субјектот на правото на живот е човекот, секое живо битие е родено од жена. Заштитата пак, на идниот живот е обезбедена со инкриминацијата на противправно прекинување на бременоста.

Заштитата на животот и телесниот интегритет на човекот како живо битие, започнува со раѓањето на човекот. Утврдувањето на овој факт (раѓањето), е релевантно за утврдување дали се работи за лишување од живот или противправно прекинување на бременост. Преовладува мислењето дека, процесот на раѓање, треба да се сфати, од почетокот на добивање на породилни болки, се до започнување на процесот на раѓање, иако детето сѐ уште не излегло од утробата на мајката. Притоа, не претставува услов за заштита, способноста на новороденчето за живот. Така е заштитен и животот на родените деца кои не се способни за живот (монструми).

Ова прашање отсекогаш, предизвикувало интерес, како на теоријата, исто така и на практиката.

Се работи за прашањето, дали уживаат кривично-правна заштита и лицата што заради душевна болест или инаку (поради состојбата на органите или делови од телото) се неспособни за живот и се само на товар на општеството.

Нашето казнено право, застана на стојалиштето,дека не може да постои право на уништување на животот на ваквите луѓе. Во овој контекст, побудува интерес и прашањето, дали е дозволено да му се олесни смртта на човекот, кога таа е сигурна. Смее ли лекарот или некој друг, да му ги прекрати маките на тежок, неизлечив болен (евтаназија).

Во нашето законодавство, е прифатено мислењето, дека никој не може да биде наполно сигурен, дека смртта на некое болно лице е неизбежна. Впрочем од овие причини и постои посебна инкриминација Убиство од благородни побуди (чл. 124 од КЗ).

Со настанување на смртта, човекот излегува од сферата на казненоправната заштита на овие дела (не и кај дела на пример против честа и угледот или Сквернавење на умрен чл. 401 од КЗ).

Исто така утврдувањето и на овој факт се усложнува со развојот на медицината. Се прави разлика помеѓу – биолошка смрт (смрт на клетките и органите), клиничка смрт (престанување на виталните функции), привидна смрт (кома) и церебрална (мозочна) смрт.

Од биолошката, клиничката и привидната смрт, утврдувањето на смртта е поместена на моментот на настанување на церебралната смрт. Но, самата мозочна смрт не може да се прогласи за апсолутна смрт, затоа што е можно виталните делови, посебно срцето, се уште да функционира.. Според тоа, покрај престанокот на делувањето на централниот нервен систем, смртта значи и непоправлив престан на сите животни функции.

Телесниот интегритет се штити од раѓање до смрт.

Кај оваа група на казниви дела, постои еден интерперсонален однос, помеѓу сторителот и жртвата. Претпоставката дека кај еден определен број на кривични дела, постои некаков придонес на жртвата и дека од проучувањето на нејзината улога во извршувањето на делото можат да резултираат бројни сознанија, доведува до појавата на посебна дисциплина со рамките на криминологијата – виктимологија (наука за жртвата).

Според поблискиот објект на заштита (повреда или загрозување) делата од оваа глава може да ги поделиме во неколку групи:

- дела на лишување од живот (Убиство, Убиство од благородни побуди, Убиство на миг, Убиство од небрежност);
- дела на уништување на идниот живот (Противправно прекинување на бременост);
- дела на телесно повредување (Телесна повреда, Тешка телесна повреда);
- дела на загрозување (Учество во тепачка, Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница) и
- дела на напуштање (Излагање на опасност, Напуштање на немоќно лице и Неукажување помош).

*Убиство чл. 132 од КЗ*

Објект на заштита кај кривичното дело Убиство е човекот – неговиот живот. Нормата ,,Не убивај' е изречена во апсолутна форма.

Убиството е противправно лишување од живот на друго лице. Тоа може да се изврши на различни начини со различни средства, но во битието на секое убиство стојат неколку заеднички елементи – тоа се дејствија насочени кон лишување од живот на друг, настапување на смрт како последица на таквите дејствија, противправност на лишувањето од живот и живиот човек како објект на заштита.

Дејствијата на сторување со законот не се определени. Тоа е секое дејствие со кое другото лице се лишува од живот. По правило Убиството се врши со чинење, како што е удирање, пукање, задавување, фрлање во вода, палење итн. Меѓутоа, можно е и со дејствија на нечинење, ако смртта на некое лице е предизвикана со пропуштање на должност за чинење (ускратување на давање на лек на болен, со намера да се лиши од живот, па поради тоа настапила смрт).

Последица на делото е настапување на смртта.

Помеѓу дејствието на сторување и последицата треба да постои причинска врска. Притоа може да биде ирелевантна временската дистанца, помеѓу дејствието и настапувањето на смртта.

Субјективната страна на убиството може да е повеќеслојна, таа не се исцрпува само со умислата, туку може да има и други мотивациски врски. Токму утврдувањето, односно постоењето на ваквите, му даваат квалифициран вид на убиството. Така постојат, убиства од користољубие, од омраза, завист, за прикривање на друго дело итн.

Од особена важност е односот на убиство со тешка телесна повреда. Постои теорија на единство, која смета дека убиството вклучува тешко телесно повредување, како свој нужен стадиум на извршување, а умислата за убиство – умисла за телесна повреда. Но, правилно, теоријата на спротивното, смета дека убиството и тешката телесна повреда, не се однесуваат како нешто помалку и нешто повеќе. Ваквото разбирливо стојалиште, посебно се потврдува при разграничување на делото Убиство од Тешка телесна повреда. Најпрво во ситуација, кога сторителот одел кон тоа со дејствија на тешко телесно повредување, да ја лиши од живот жртвата, а не дошло до смрт на повреденикот, ќе постои обид за убиство. Кога пак, наспроти тоа, постои умисла за тешка телесна повреда, а настапила смрт на повреденикот, ќе постои тешка телесна повреда квалифицирана со смрт (чл. 131 ст. 3).

**Од праксата**

1. Поднесено обвинение за кривично дело Убиство од чл. 123 ст.1 од КЗ

Затоа што:

*На 7. 06. 2012 год , околу 02 часот на крстосницата помеѓу улиците Иво Лола Рибар и Сутјеска во Штип, кога бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување, го лишил од живот З.А, на начин што прво го удрил со тупаница во пределот на главата, од што оштетениот паднал на земјата и продолжил да го удира со клоци, тупаници и пивско шише во пределот на главата, со што му нанел фрактура на носната коска, фрактура на долната вилица и фрактура на базичната коска на черепот, од кои повреди кај оштетениот настапила смрт.*

Во конкретниот случај имаме лишување од живот со тешко телесно повредување. Сторителот дејствувал со директна умисла. Истата е опишана со дејствието – кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување. Намерата за лишување од живот се манифестира низ многубројноста на ударите, освен со рака и со пивско шише, и тоа во пределот на главата на оштетениот ( каде е сместен мозокот како витален дел на човековото тело).

2.Поднесено е обвинение за кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 1 в.в со чл. 19 од КЗ ( во обид ).

Затоа што:

*На 14. 05. 2012, околу 23 часот , се обидел да го лиши од живот , оштетениот ЦЦ, на начин што по претходна расправија, влегол во дворот сопственост на оштетениот на ул. Широк Дол во Струмица, извадил нож со димензии од 25 см , на сечилото, кога бил свесен дека поради неговорото сторување може да настапи забранетата последица, но се согласил со нејзиното настапување, и го пробол во*

*левата страна од вратот до увото, нанесувајќи му убодна рана до должина од 3 цм и длабочина од 1,5 см. И побегнал од местото на настанот.*

Исто така и овој обвинет имал намера за лишување од живот, затоа што го пробол оштетениот во пределот на вратот. Во кој дел од човековото тело има сместено витални крвни садови. Му нанел телесна повреда и побегнал, па така делото останало во обид.

Во овој случај според описот на степенот на вината, е наведено дека сторителот дејствувал со евентуална умисла, со дадениот опис, иако бил свесен дека поради неговото сторување може да настапи забранетата последица, но се согласил со нејзиното настапување.

Најчесто кај овие кривични дела, сторителите во моментот на сторувањето на казнивото дело , може да бидат непресметливи, со битно намалена пресметливост или само со намалена пресметливост.

Способноста на сторителот, да го сфати значењето на своето дело и да управува со своите постапки, секогаш се утврдува со неуро-психијатриско вештачење.

Најпрво потребно е да се утврди постоење на определена биолошка состојба ( тоа се наведените состојби во чл. 12, како трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој или други особено тешки душевни пречки).

Установувањето на ваквата состојба, сѐ уште за судто не значи постоење на непресметливост кај сторителот. Потребно е со наодот и мислењето на вештото лице да се утврди постоење на причинска врска помеѓу биолошката состојба и неспособноста на сторителот за расудување и одлучување, односно дека поради таа биолошка состојба сторителот да не можел да го сфати значењето на своето дело и да управува со своите постапки.

Непресметливоста, согласно чл. 12 ст. 1 од КЗ е основ за исклучување на кривичната одговорност.

Кога сторителот во времето на сторувањето на делото бил непресметлив, во поднесениот Предлог за примена на мерка за безбедност, од страна на јавниот обвинител , се наведува оваа околност и причините за неа.

## ЗАКЛУЧОК

Како основен извор на казненото право, Казнениот закон на РМ е во тотална компатибилност со останатите кривични законици на другите држави, во поглед на кривичните дела против животот и телото, односно кривичното дело Убиство. Казната пропишана во КЗ е во тотална согласност и ги исполнува, остварува целите на казненото право – генерална и специјална превенција, односно казнување за поведението на сторителот, во кое имаме прекршување на некое правно добро.

Треба да се поработи и со оние луѓе кои веќе еднаш направиле вакво кривично дело, во насока на нивна ресоцијализација, бидејќи при евентуално неуспешно изведување на истата, можноста за рецидивизам е голема. Бидејќи, како што и претходно споменавме, убиства спаѓаат во насилничкиот криминалитет, добро би било да се влијае и на психолошката страна кај луѓето преку пропаганди и едукативни програми со цел искоренување и елиминирање на абнормалностите во самата човекова личност.

## CONCLUSION

As a basic source of criminal law, the Criminal Code of the Republic of Macedonia is in total compatibility with other criminal codes of other countries, in terms of crimes against life and body, ie the crime of Murder. The punishment prescribed in the Criminal Code is in total agreement and fulfills the goals of the criminal law - general and special prevention, ie punishment for the behavior of the perpetrator, in which we have a violation of a legal good.

We should also work with those people who have already committed such a crime once, in the direction of their re-socialization, because in case of eventual unsuccessful execution, the possibility of recidivism is high. Because, as mentioned before, homicide is a violent crime, it would be good to influence the psychological side of people through propaganda and educational programs in order to eradicate and eliminate the abnormalities in the human person.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

https://www.scribd.com/document/321972419/Kazneno-Pravo-Poseben-Del-So-Praktichni-Primeri-Avtorizirani-Predavanja

Jescheck/Weigend, 422.
B.Dannecker, 151.
Владо Камбовски, Казнено право, општ дел, Скопје 2006.
Долапчиев, 258.
Ѓорѓи Марјановиќ, Македонско кривично право, општ дел, Скопје 2003.
Тодор Витларов, Казнено право, општ дел ( авторизирани предавања ), Штип 2014.
Тодор Витларов, Казнено право, посебен дел (авторизирани предавања) , Штип 2008.

**НЕДЕВА Ивана** **УДК: 343.9.02:343.575**

# КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ДРОГА КАКО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

**Апстракт:** За да се конституира посебен вид криминалитет познат како нарко-криминалитет, за тоа е задолжена експанзијата на дрогите, кој има свои лични обележја и карактеристики и поради можноста за сѐ поголем профит, се распространува низ целиот свет. За да се открие овој криминалитет е потребно да се вклучат сѐ поголем број на општествени субјекти. За откривањето на нарко-криминалитетот најважна улога играат полициските служби. Овој вид на криминалитет се одвива со купопродажбата, се остварува и голем профит, а поточно станува збор за недозволена трговија со дрога, односно наркобизнисот, пред сѐ претставува еден вид на црн пазар на којшто во Република Северна Македонија овој тип на кривични дела поврзани со дрога се инкриминирани во дваесет и првата глава од Кривичниот законик. Преку член от 215 од Кривичниот законик каде е опфатено неовластеното производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори како и во членот 216 од Кривичниот законик каде што овде е опфатено овозможувањето на употреба наркотични дроги. Затоа преку овие членови од Кривичниот законик добро е објаснето и тие претставуваат кривични дела за кои се има предвидено затворски казни за сторителите.

**Клучни зборови:** трговија, психотропни суптанци, трговија со дрога, нарко-криминалитет, видови дроги, превенција

**NEDEVA Ivana** **UDK: 343.9.02:343.575**

# DRUG TRAFFICKING

**Abstract:** To constitute a special type of crime known as drug crime, it is responsible for the expansion of drugs, which has its own personal features and characteristics and due to the possibility of increasing profit, is spreading around the world. To detect this crime, it is necessary to involve a growing number of social entities. For the detection of drug crime, the police services play a key role. It is primarily a type of black market on which in the Republic of Northern Macedonia this type of drug-related crimes is incriminated in the twenty-first chapter of the Criminal Code. trafficking in narcotic drugs, psychotropic substances, and precursors as in Article 216 of the Criminal Code where Enabling the use of narcotic drugs is understood. Therefore, through these articles of the Criminal Code, it is well explained, and they are crimes for which prison sentences are provided for the perpetrators.

**Key words:** trafficking, psychotropic substances, drug trafficking, drug crime, types of drugs, prevention

## ВОВЕД

Организираниот криминал, ни претставува криминална појава, којашто претставува најконтроверзната проблематика, односно најкомплексен поим во своето битие. Според професорот Камбовски Владо организираниот криминал претставува извршување на кривично дела од страна на злосторнички здруженија заради остварување на профит или постигнување на моќ, со употреба на насилство, со користење на посебната положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економии, политички и други активности, како и однапред направен систем на заштита од гонење.[1] Како облици на организираниот криминал се јавуваат трговијата со луѓе и со деца, недозволена трговија со оружје, перење пари како и трговијата со дрога, на којшто јас сега ќе се задржам во овој мој труд. Трговијата со дрога, односно наркотрговијата ни претставува глобален црн пазар кој опфаќа одгледување, производство, дистрибуција и продажба на супстанци кои се забранети со закон. Во повеќе земји се забранува трговијата на многу видови droги, освен доколку за тоа не се поседува лиценца. Во трговијата со дрога ни спаѓаат вид на повеќе дроги односно, канабисот, марихуанатa, хероинот, синтетичките дроги...Како еден од облиците на организираниот криминал, овој облик се одвива низ неколку фази при неговото дејствување, односно овде спаѓаат не само конзумирањето, туку и нејзиното производство, дистрибуирањето, одгледувањето и на крајот го опфаќа и делот на продажба, каде што ја шират, ја нудат, ги залажуваат помладите и за тоа во ова време, така кажано време-невреме каде што родителите стваргаат, децата од презадоволство, почнуваат со криминалитети, со организирања во групи, со конзумирање на психотропни суптанци, односно дроги, со самото тоа сè поголема е можноста за сторување и на други кривични дела.

## 1. Трговија со дрога

### 1.1. <u>Универзално прифатени дефиниции:</u>

- *<u>Дрога</u>*: Било која супстанција која влијае на промена на структурата или функциите на живиот организам. Тоа се психоактивни супстанции кои имаат влијание врз расположението на корисникот.
- *<u>Користење/Злоупотреба на дрога</u>*: Користењето на дрога на нечија физичка, емотивна и/или општествена штета. Тоа е мислење на општеството за тоа што е лошо или погрешно при користење на дрогите.
- *<u>Зависност</u>*: Начин на однесување на тешки корисници на дрога кој често (но не секогаш) се карактеризира со развој на толеранција, физичка зависност и синдром на повлеченост.[2]
- *<u>Навика</u>*: Физичката или психолошка потреба да продолжи со начинот на однесување, дури иако корисникот знае, рационално и интуитивно, дека однесувањето е патолошко.
- *<u>Приврзаност</u>*: Физичката или психолошка потреба да продолжи со постојано земање на дрога за да се фунционира нормално.
- *<u>Симптоми на повлеченост</u>*: Непријатни симптоми кои може да се резултат од престанокот на долготрајно користење одредени дроги.

[1] Камбовски, В., Правна држава и организиран криминалитет, Правен факултет, „Јустинијан Први“, Скопје , 1996 година. стр. 8 и 9.
[2] https://www.narconon.mk/drug-abuse

- *Толеранција*: Кога одредени droги се земаат одреден временски период потребно е постојано зголемување на количината на дрогата која се користи за да се произведе истиот ефект како кога таа дрога за прв пат била земена. Како што луѓето земаат повеќе дрога, така организмот се адаптира за да може да ги толерира зголемените количини. Ова значи дека се потребни поголеми дози за да се постигне одреден ефект.
- *Интоксикација*: Состојба да се биде „затруен". Тоа е изменета физиолошка состојба која е резултат на внесување психоактивна супстанција при што нормалното функционирање е сериозно нарушено.[3]

За поимот нарко-криминалитет, проф. Сулејманов наведува, дека за овој поим се подразбира илегалното производство и промет со droги, психотропни супстанции и прекурзори и со нив поврзаните илегални активности.[4]

## 1.2. Недозволена трговијата со дрога во Република Северна Македонија и регионот

Кога станува збор за недозволената трговија или шверцот со дрога, Република Северна Македонија претставува транзитна земја. Производството на дрога претставува најпрофитабилна, а и најдоминантна форма на организиран криминал со која се занимаваат криминалните структури.[5] Определени количини остануваат за употреба, продажба или пак складирање на дрогата, додека пак за потребите на локалниот пазар нелегално се произведуваат марихуаната и синтетичките droги. На второ место е хероинот. Хероинот е причина за смрт на многу корисници.

Опиумот главно се произведува во Авганистан, а балканската рута и понатаму е главен коридор за влез на хероинот во ЕУ, иако се појавуваат нови рути од Африка, јужен Кавказ, Сирија и Ирак. Пазарот со дрога е многу динамичен, со оглед на тоа дека рутите што ги користат криминалните организирани групи тие исто така се користат и за шверцување на акцизната стока, цигарите, алохолот или пак и трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти.

## 1.3. Етиологија на трговија со дрога

Како етиолошки карактеристики ни претставуваат последиците и причините за овој криминалитет.[6]

Таа се појавува во сè поголема мера, но од причини што има сè поголема употреба на прекурзори, психотропни супстанци и дрога, односно зависноста го придонесува сето тоа за таа да настане.

До водење на губење на човечки животи, до криминал, деликвенција, невработеност, сиромаштија, се доаѓа до овие општествени проблеми, но тоа сè зависи, односно преку резултат на злоупотреба на дрога како и зависноста од неа.
Низ светот, во многу земји се смета дека трговијата со дрога е во тесна врска, односно е директно поврзана со насилниот криминал, како што е убиството.

Покрај проучувањата со оваа појава, пред сè најмногу со темелните, кај оваа појава тешко е да се согледа до крај нејзината етиологија, односно кои се причините и последиците од неа како и негативните консеквенции, како и да се пронајдат и да

[3] https://malmed.gov.mk/wp-content/uploads/Nacionalna-strategija-za-drogi-2014-2020.pdf
[4] Сулејманов, З., (2009): Криминологија (четврто издание), Графохартија, Скопје, стр. 137.
[5] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/analizi-statistiki/Socta%20izvestaj%202016%20MK.pdf
[6] Кошевалиска, О., Максимова, Е., (2018):Организиран криминал и корупција, Штип.

функционираат инструменти кои ќе помогнат при нејзино сузбивање, заштита, но и спречување.[7]

## 1.4. Феноменологија на трговија со дрога

Феноменологијата ни претставува општо, за она кога се појавиле првите облици, таа се појавува како одговор на законите коишто ја забранувале дрогата.[8]

За своите корени, од каде што потекнува најпрво може да се каже Првата опиумска војна, односно тоа ни претставува војна помеѓу Англија и Кина во XVII и XVIII век, односно од тоа дека во Европа повеќе се запознала побарувачка на кинески производи, затоа се вели дека Европа е онаа којашто направила дизбаланс помеѓу Кина и Велика Британија.

Британската компанија за да се спротистави на овој дизбаланс, така речено нерамнотежа, почнала да става на аукција опиум од Индија до независни странци, а за тоа во замена да добие сребро и со тоа го зајакналла влијанието на трговијата во Азија.

Уживањето на опојни дроги спаѓа во групата на социопатолошките појави. Сите статистички податоци покажуваат дека последните две до три децении постојано бележи пораст во целиот свет.[9]

Во XIX век пушењето на опиум било сѐ покористено поради зголемениот увоз од страна на британските трговци. Како резултат на ваквата трговија, два милиони Кинези станале зависници од дрога. Британската Круна (со договорите од Нанкинг и Тианјин) добила високи суми на пари од страна на кинеската влада преку оваа трговија која ја нарекла „надомест на штета“. Властите на Кина го забраниле опиумот и наредиле негова конфискација. Понатаму во 1842 година, династијата Кинг била принудена да го потпише Договорот од Нанкинг, со кои им се дава надомест и екстратериторизам во Британија, отворија пет пристанишни договори за странските трговци и го отстапија островот Хонг Конг на Британска Империја. Неуспехот на договорот доведе до Втората опиумска војна. Како минувале годините сѐ до 1979 година продажбата на дрога го достигнала својот врв.[10]

# 2. Видови на трговија со дрога

[7] Каневчев, М., Посебниот дел на Казненото право, стр. 264.
[8] Ibid.
[9] Витларов,Т.,(2013) Казнено право, Посебен дел со практични примери, авторизирани предавања, стр. 56.
[10] Кошевалиска, О., Максимова, Е., (2018):Организиран криминал и корупција, Штип.




Слика 1 Соодност на делотворната и смртоносната доза и зависноста на психоактивните супстанции[11]

## 2.1. Стимуланси [12]

Стимуланси се: кокаин, крек, амфетамини и мета амфетамини во однос на нивните физички карактеристики, начинот на кој се земаат, ефектите кои ги предизвикуваат и мерки на претпазливост кои полицискиот службеник треба да ги преземе.

Стимулансите вклучуваат разновидни супстанции кои, општо земено, предизвикуваат нарушено функционирање на централниот нервен систем. Некои супстанции-стимуланси имаат толку висок потенцијал на злоупотреба што се прогласени од медицината и општеството како опасни супстанции, без можност за нивна легална употреба во општеството. Овие супстанции претставуваат посебна опасност за полицајците кои мораат да се справуваат со лица кои злоупотребуваат дрога и извршуваат кривични дела додека се под нивно влијание. Најчесто злоупотребуваните дроги-стимуланси се:

- Кокаин

Кокаинот е стимуланс кој се произведува од листовите од растението кока. Листот може да содржи до еден процент кокаин кој може да се искористи. Растението расте во тропските области главно во Јужна Америка. Кокаинот се прошверцува од страна на меѓународни криминални групи.[13]

Прашакот од кокаин најчесто се „вшмркува". Ова овозможува брза апсорпција преку мембраните од носните шуплини. Некои луѓе ја инјектираат или пушат една доза, кога се вшмркува, најчесто би била од 20 мг до 50 мг. Предозирањето е ретко при консумирање само на оваа дрога. Предозирање може да настане ако оваа дрога се консумира во комбинација со други дроги или ако се „пресече" со токсични супстанции. Кокаинот предизвикува силни, но краткотрајни ефекти, Срцето побрзо чука, гладот е потиснат и предизвикува чувство на извонредна благосостојба. Корисниците се

[11] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%B0
[12] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%B0
[13] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9A%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%B8%D0%BD

чувствуваат екстремно внимателни, силни и со самодоверба кога се под дејство на дрогата.

Ефектите траат околу два часа, дозволувајќи да се повтори искуството. Овие пријатни ефекти го прават кокаинот дрога која создава екстремна зависност. Кокаинот во било која форма може да биде лоша вест за секој кој има висок крвен притисок или проблеми со срцето. Негативните ефекти кои се јавуваат веднаш по консумирањето вклучуваат сериозен абнормален ритам на срцето и срцеви удари, кои можат да доведат до ненадејна смрт. Кокаинот исто така може да предизвика и мозочни удари или епизоди кои наликуваат на удари, како и грчеви.

Кога консуматорот ќе престане со редовно консумирање определен временски период се чувствува многу депресивно и изнемоштено. Оние кои продолжуваат со редовно користење можат да имаат сериозни проблеми со вознемиреност и параноја. Консуматорите на кокаин често можат да бидат агресивни, да се чувствуваат величествено и да постапуваат бестрашно.[14]

- Крек

Крек е форма на кокаин кој е неутрализиран со алкали и личи на мали кристали со големина на камче, а се внесува во организмот со пушење. Крекот се пуши (со загревање крекот се претвора во гас кој може да се вдиши). Тоа е побрз начин на земање. Една доза е нормално 20 мг до 50 мг.

Предозирањето е ретко. Ефектите од консумирањето крек се слични со вшмркувањето кокаин, но поинтензивни и побрзи. Екстазата е краткотрајна, најчесто не повеќе од неколку минути, а корисниците често чувствуваат дека сакаат да го повторат искуството. Честото консумирање предизвикува немир, вознемиреност и параноја. Тоа е дрога, која создава силна зависност.[15]

Пушењето крек редовно може да предизвика проблеми со градите и белите дробови и може да биде опасно за оние кои имаат проблеми со срцето. Редовните консуматори често консумираат хероин за да ја намалат екстазата од крекот и наместо тоа стануваат зависници од хероин. Оваа дрога е екстремно опасна за полицаецот. Консуматорите на крек не се плашат многу и можат да бидат многу насилни. Исто така, консуматорите често извршуваат помали кривични дела за да дојдат до уште еден „фикс“.

- Амфетамини

Амфетамините се синтетички дроги-стимуланси, што значи тоа се млади дроги. Тие ги држат луѓето будни и доста активни. Амфетамините се во вид на прашок, таблети или течност. Амфетамините се секогаш во форма на соли, што значи растворливи во вода. Штом оваа дрога ќе стигне на улиците, ќе има многу консуматори на истата.[16]

Амфетамините можат да се голтаат, вшмркуваат или понекогаш да се подготвуваат за инјекција. Една доза е најчесто 50 мг до 150 мг ако се инјектира или вшмркува, а до 0,5 гр, доколку се голта. Амфетамините ја зголемуваат телесната температура и отчукувањата на срцето. Консуматорот ќе стане и еуфоричен.

По консумирањето амфетамини луѓето често се чувствуваат заморени, депресивни и гладни. Исто така може да се чувствуваат и нервозно и вознемирено и со нарушен ритам на сонот. Има тенденција да предизвика луѓето повеќе да зборуваат.

---

[14] https://www.narconon-balkan.org/blog/kokain-i-negovite-efekti.html

[15] https://www.narconon-balkan.org/blog/koshmarot-narechen-krek-kokain.html

[16] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%90%D0%BC%D1%84%D0%B5%D1%82%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B8

Злоупотребувањето на дрогата ги потиснува потребите за јадење и спиење. Ако амфетамините се користат во преголеми количини и премногу често, луѓето можат да станат депресивни и панични.

Некои луѓе чувствуваат дека им е потребна за да преживеат или за да се чувствуваат нормално и на тој начин се оддаваат на дрогата. Тие исто така мораат да консумираат повеќе за да ги постигнат истите ефекти (толеранција). Кај хроничните консуматори може да дојде до зголемување на ризикот со срцеви проблеми, а може да доведе и до ментални болести. Ова е една од дрогите која создава многу силна зависност. Амфетамините може да направат некои луѓе да се агресивни, да доведат до насилни промени во расположението, напади на паника и халуцинации.

- Мета-амфетамини

Мета-амфетамините се синтетички дроги со скоро истата хемиска структура како амфетамините. Тие се или во форма на кристали или во форма на прашок. Малопродажните цени на мета-амфетамините се споредуваат со оние на хероинот. Мета-амфетаминитесе појавуваат во две форми – Мраз (кристали кои личат на мраз) и Кранк (бело-кафеав прашок).[17]

Мета-амфетамините може да се инјектираат, вдишуваат и пушат. Кога се пуши, дрогата е екстремно променлива (испарува) и веднаш се движи кон мозокот преку белите дробови. Се верува дека ефектите се посилни од оние на крекот поради хемиската структура и пониската точка на топење. Една доза се движи од 30 мг до 100 мг.

Општите ефекти од злоупотребата на мета-амфетамините се надразнетост и хиперактивност, иритираност и немир, губење на апетитот, несоница, проширени зеници, вртоглавица и тресење, зголемено потење, сува уста, паника и збунетост, вознемиреност, еуфорија, халуцинации, привремени психози и нарушување на срцевиот ритам.

Мета-амфетамините се многу опасни за корисникот. Постои висок ризик за зависност и предозирање од овој тип на дрога. Исто така, хемикалиите кои се користат за производство на оваа дрога се лесно запаливи и токсични, правејќи ги притоа лабораториите многу опасни места. Тој мора да биде претпазлив кога се справува со луѓе кои ја консумирале оваа дрога.

Консуматорите покажуваат склоност кон насилство. Исто така, хемикалиите кои се користат се многу токсични. Затоа полицаецот мора да е многу претпазлив при користењето на било каков тип оган, извор на светлина или дури и батерија.

## 2.2 Депресанти

Депресантите вклучуваат разновидни транквилизери кои дејствуваат депресорно врз централниот нервен систем, како и алкохолот. Овие дроги се користат во медицинските третмани и се издаваат легално на рецепт. Алкохолот не се класифицира како дрога, но ги има истите ефекти. Тие го депримираат централниот нервен систем, консуматорите се со некоординирано движење и говор, бавно реагираат, конфузни се, им се спие и имаат забавено дишење.

***Депресантите ги сочинуваат: барбитуратите и бензодијазепините.***

- Барбитурати

Барбитуратите ја намалуваат активноста на централниот нервен систем. Тоа се дроги направени од човекот за медицински цели во лечењето анксиозност, депресија и

[17] https://hops.org.mk/metamfetamin

несоница. Тоа се droги кои најчесто се препишуваат за промена на расположението. Барбитурати кои најчесто се консумираат во Европа се:

• Барбитон – Таблети за спиење и релаксирање;

• Нембутал/Фенобарбитон – се користат во лечењето епилепсија/релаксирање;

• Пентотал – дрога анестетик;

• Анервен – таблети за релаксирање.

Барбитурати може да се консумираат орално или со инјекција. Општите симптоми од интоксикација со дрога од овие типови депресори се неразбирлив говор, тетеравење, слаба координираност, неправилно расудување и неуреден надворешен изглед. Ги успорува луѓето, правејќи ги помалку анксиозни.[18]

Со поголеми дози луѓето стануваат поспани, рамнодушни и понекогаш заборавни. Ако луѓето станат зависни од долготрајно земање препишани лекови, може да станат зависни. Брзо се развива толеранција, па затоа потребни се поголеми дози за да се постигне ефект. Зависноста е доста честа.

Престанокот на редовното консумирање доведува до вознемиреност, главоболки, гадење и конфузија. После консумирањето големи дози, ненадејниот престанок може да резултира во напади. Барбитуратите се дел од голем број фатални предозирања особено во комбинација со други депресори како алкохолот. Овие дроги најчесто се користат од „просечни” граѓани во нивните домови. Луѓето се чувствуваат безбедно бидејќи знаат дека ќе можат да земат повеќе од аптека кога ќе имаат потреба за тоа.

Бензодијазепини

Бензодијазепините општо ја намалуваат активноста на централниот нервен систем. Тие се 100% синтетички хемиски дроги, поизведени за потреби во медицината при лечење анксиозност, депресија и несоница. Оваа дрога ги заменува Барбитуратите од неодамна бидејќи од нив се развива помалку завист.[19]

Најчестите Бензодијазепини се:

• Флунипам - таблети за релаксирање, спиење,
• Рохипнол - таблети за релаксирање, спиење,
• Вивал – се користи во лечење анксиозност,
• Стенсолид – се користи во лечење анксиозност,
• Валиум – се користи во лечење анксиозност,[20]
• Могадон – таблети за релаксирање, спиење,
• Риботрил – се користи во лечење епилепсија

Рохипнолот е најчесто консумирана таблета од зависниците од хероин. Го зголемува ефектот кога се консумира во комбинација со хероин. Инјекциите кои се користат од консуматорите на Бензодијазепини се слични на оние кои ги користат консуматорите на хероин, само што се користи поголема хиподермична игла, бидејќи растворот е погуст од оној на хероинот.[21]

Овие дроги можат да се консумираат орално или со инјекција (ретко). Бензодијазепините најпрвин влијаат врз оние делови од мозокот кои го контролираат свесното, доброволно однесување на лицето. Со зголемена доза, дрогата влијае врз делот

[18] https://mk.warbletoncouncil.org/barbituricos-327
[19] https://mk.warbletoncouncil.org/benzodiacepinas-7348
[20] https://mk.reoveme.com/
[21] https://www.narconon-balkan.org/blog/zloupotreba-na-sedativi-i-hipnotici.html

од мозокот кој ги контролира автоматските, несвесни процеси како што се чукањето на срцето и дишењето.

Консуматорот ќе пати од влошен вид и координација, неразбирлив и/или неповрзан говор и многубројни емотивни реакции. Многу луѓе го комбинираат алкохолот со оваа дрога која може да биде смртоносна за консуматорот. Исто така, престанокот на користење на оваа дрога мора да се направи со медицински надзор. Во спротивно може да дојде до грчеви и смрт.

### 2.3. **Халуциногени дроги: ЛСД и екстази**

Халуциногените дроги можат да се поделат во две групи: природни и синтетички. Природните халуциногени дроги може да се најдат во растенијата.

Најчесто се среќаваат во кактусот пејоте, кој расте во Јужна Америка и различни видови печурки од северна Европа.

- ЛСД (Синтетичка халуциногена дрога)

ЛСД е многу моќна дрога. Јачината варира, но потребна е мала количина за да се постигне ефект. Тоа е халуциногена дрога која предизвикува консуматорот да тргне на „излет" или трип кој започнува 45 минути по консумирањето на дрогата и трае 8-12 часа. Штом започне дејството, консуматорот не може да го спречи. ЛСД најчесто се голта, се става под јазикот или се става во чаша со течност.е.дна доза е помеѓу 20 мг и 100мг. Предозирањето не е честа појава.

Ефектите се различни зависно од количината која е консумирана и системоте на консуматорот. Чести се нарушувањата на видот и слухот, интензивни бои и промени во чувството за време и место. Некои луѓе имаат лош трип. Ова може да вклучи голема вознемиреност, непријатни и заканувачки чувства и параноја. Луѓето може да заборават дека оваа дрога ги предизвикува ефектите и мислат дека полудуваат.

Ако луѓето се нерасположени или депресивни или се во ситуација која не им е позната тогаш најверојатно ќе имаат лош „излет". Општите ефекти се проширени зеници, тресење, забрзано отчукување на срцето и зголемен крвен притисок, главоболки, гадење, студенило, рамнодушност, екстремни промени во расположението и халуцинации.[22]

Луѓето кои имаат проблеми со менталното здравје или кои се нестабилни можат да имаат застрашувачко искуство со ЛСД и да ја влошат ситуацијата во која се наоѓаат. Луѓето најчесто не стануваат зависни од ЛСД но оние кои премногу го консумираат може да се чувствуваат како да не се од овој свет. Некои консуматори кажуваат за ретроспективен „излет". Ова се чувства на повторно доживување на излетот некое време после консумирањето ЛСД. Тоа може да биде вознемирувачко, но ќе престане да се случува после извесно време ако престане консумирањето ЛСД.

Луѓето кои се под влијание на оваа дрога претставуваат особена опасност за полицаецот кој се соочува со нив бидејќи тие може да немаат точна перцепција за нивниот однос со околината. Исто така, има потенцијал да предизвика барем привремена психоза. Однесувањето на консуматорот е крајно непредвидливо, може да биде дури и самоубиствено или убиствено. непријателска околина бидејќи некој може да им ја стави оваа дрога во пијалокот. Тие исто така мора да бидат внимателни кога се во контакт со дрогата – постои опасност да се консумира дрогата преку кожата.

[22] https://www.narconon-balkan.org/blog/halucinogeni-drogi-i-nivni-efekti.html

- <u>Екстази</u>

Екстазата малку наликува на амфетамин со ефект на халуциногена дрога. (Хемиско име: МДМА). Се среќава во форма на таблети, капсули или прашок. Екстази може да изгледа исто како многу други droги и лекови. Многу луѓе не ја продаваат вистинската работа, продаваат или други дроги или воопшто не се дроги. Ова спречува многу луѓе да ја консумираат оваа дрога бидејќи никогаш не знаат што купуваат. Се голта во форма на таблети.[23]

Една доза е 1/2 - 1 таблета (50 мг – 300 мг). Консумирањето на дрогата резултира во еуфорија следена со чувство на смиреност. Луѓето велат дека ги прави да се чувствуваат блиски со другите со поголема свесност за околината и звуците. Понекогаш може и да чувствуваат мачнина и да предизвика вкочанетост на рацете и нозете и стегање на мускулите на вилицата. Кај некои консуматори се јавува вознемиреност, паника и конфузија.

Редовното консумирање може да резултира во проблеми со спиењето, рамнодушност и депресија по престанокот на дејството. Исто така влијае и на телесната температура. Ефектите од долготрајното консумирање се сé уште недоволно познати, но има докази за оштетувања на црниот дроб, бубрезите и мозокот.[24]

Луѓето кои имаат проблеми со срцето и крвниот притисок се во опасност.Предизвикува задржување на течностите. Пиењето премногу течности може да биде многу опасно дури и фатално за консуматорот.

- <u>ПЦП (Ангелски прашок)</u>

Првенствено, ПСП бил наменет за анестетик, но имал поинакви, неочекувани ефекти. Поради овие ефекти, популарноста на оваа дрога е намалена. ПСП може да се пуши, вшмркува или да се зема орално. Понекогаш е во форма на течност или прашок. Една доза е најчесто 5 мг – 10 мг.

Ефектите се различни, опфаќајќи од ефекти од халуциногени дроги до ефекти од стимуланси и депресори. Некои од ефектите вклучуваат делириум, нарушувања во видот, немир, бавен, неразбирлив говор, пасивност, халуцинации, дистанцирање, самоуништувачко однесување и понекогаш насилство. Исто така, долготрајното консумирање доведува до проблеми со помнењето и психолошки нарушувања кои наликуваат на шизофренија. Ако се консумира повеќе од 150 мг, може да дојде до предозирање и срцето да престане да работи. Бидејќи консуматорот на ПСП може да биде насилен (особено ако ситуацијата е заканувачка), полицаецот мора да преземе посебни мерки за да ја осигура сопствената безбедност како и онаа на консуматорот. На крај и производството на дрогата е опаснонедостаток на препазливост во процесот на производство може да го ослободи истиот смртоносен гас кои го користеле за егзекуција во гасните комори.

Општи информации

Наркотиците можат да бидат природни, полусинтетички и синтетички. Природните наркотици се опијатите. Опијатите се дроги кои содржат или се деривати од опиумот. Тука спаѓаат морфиумот, кодеинот и полусинтетичката дрога хероин. Синтетичките наркотици се произведуваат на вештачки начин од различни супстанции неопијати. Најдобро позната дрога е метадонот која се користи како замена за хероинот во програмите за лечење на консуматорите на дрога. Наркотиците имаат ист ефект врз консуматорите: неосетливост на болка и произведуваат знаци и симптоми на

[23] https://hops.org.mk/mdma
[24] https://www.narconon-balkan.org/blog/smrt-od-ekstazi.html

повлеченост. Во овој дел ќе се концентрираме главно на најшироко злоупотребуваниот наркотик, хероинот.

- Хероин

Хероинот е полусинтетичка дрога, дериват од опиумот. За прв пат е произведена во Германија во 1898 како посилна и најверојатно форма од морфиумот која не доведува до зависност. Хероинот, морфиумот и другите деривати од опиумот се моќни наркотици. Тие се познати како наркотици бидејќи предизвикуваат спиење (или, во големи количини и кома). Хероинот може да се пуши или повремено да се вшмркува, но најчесто се инјектира.[25]

Во основа хеоинот има алкална форма. Не се раствора во вода. Пред да се инјектира треба да се додаде киселина. Една доза е 10 мг-500 мг. Доста често е предозирањето. Хероинот ги успорува луѓето, им пружа чувство на топлина и рамнодушност. Оние кои за прв пат консумираат хероин чувствуваат мачнина и зашеметеност. Големите дози доведуваат до смиреност и сон. Тие исто така поттикнуваат и чувство на еуфориа преку интеракцијата со рецепторите на опијати во мозокот. Хероинот создава голема зависност. Со редовно консумирање се развиваат толеранција и физичка зависност. Престанокот послед редовно консумирање може да произведе непријатни симптоми. Ова се однесува и на пушењето хероин и на инјектирањето.

Одвикнувањето и држењето настрана од консумирањето на оваа дрога е тешко. Инјектирањето е најопасниот начин на земање хероин и предизвикува дополнителни опасности како оштетени вени, гангрена, хепатит и ХИВ особено ако истата игла ја користат неколку консуматори. Исто така, хероинот на улиците често го мешаат со други состојки. Ова е опасно и создава потешкотии кога треба да се дознае колкава доза е консумирана. Предозирањето е вистински ризик и може да резултира во кома и смрт. Хероинот е опасен за полицаецот на бројни начини. Хероинот создава голема зависност, па затоа консуматорот може да се однесува на опасен начин со цел да добие уште еден фикс. Консуматорите на хероин користат иста игла и не обрнуваат внимание на хигиената кога станува збор за консумирањето, а со тоа се зголемува ризикот за заболување и изложување на други луѓе на ХИВ, сида и хепатит.

- Марихуана/Хашиш/Хашишово масло

Канабисот е категорија на дрога која се добива од растението Канабис. Главната психоактивна компонента на оваа дрога е тетраксдроцанабинол, позната како ТХЦ супстанција. Јачината може да варира.

Марихуана е заедничкото име за сите дроги кои се подготвуваат од растението Канабис сатива, меѓу народот познато како коноп. Различни форми од оваа дрога се познати под различни имиња насекаде низ светот. Трговците традиционално го претвораат канабисот во хашиш (концентрирана форма на марихуана) и хашишово масло (течност извлечена од хашишот) за да го зголемат профитот.

Процесот на претворање е релативно едноставен и во некои делови од светот тоа е дрога на избор. Канабисот се среќава во различни форми: растение (без семето и стеблото); компактна смола (хашиш) и течна смола (хашишово масло). Канабисот најчесто се пуши чист или со тутун во луле, или завиткан во цигара. Понекогаш се јаде со храната или се пие со пијалокот. Ако канабисот се користи во готвењето и јадењето ефектите може да се поинтензивни и потешки за контролирање. Дозите од хашиш се 3 г-5 г; за марихуана 0.5 г–1 г, а за хашишово масло 1-2 капки. Нема сознанија за предозирање.

---

[25] https://hops.org.mk/heroin

Првенствено канабисот има ефекти како седатив и халуциногена дрога. Помалите дози психолошки предизвикуваат чувство на добросостојба, релаксираност и поспаност. Поголемите дози предизвикуваат благи сетилни нарушувања, изменето чувство за време, губење на краткотрајна меморија, губење на рамнотежата и потешкотии во мисловните процеси.[26] Дури и поголеми дози можат да резултираат во чувство на губење на личноста, голема вознемиреност и паника, токсична психоза, заедно со халуцинации, губење на согледување на реалноста, привиденија и параноја. Истражувањата покажуваат дека пушачите на марихуана можат да имаат долготрајни штетни ефекти на белите дробови.

Консуматорите можат да развијат толеранција кон оваа дрога, но проучувањата досега немаат податоци дека се развива физичка зависност. Марихуаната и нејзините деривати се најверојатно најнеопасни за полицијата. Консуматорите на канабис најчесто би биле потивки и полесни за справување. Меѓутоа, ако лицето е и трговец, неговиот начин на заработување може да биде загрозен со апсење, па затоа можна е наклонетост кон насилство.

Марихуаната е најчесто застапена дрога во РСМ. Повеќето од марихуаната во РСМ е за локално консумирање и е достапна подготвена. Организираниот криминал развил мрежа за дистрибуирање, во која се вклучени многу млади дилери. Една мала ќесичка со марихуана чини приближно 300 денари. Повеќето од марихуаната во РСМ пристигнува од јужна Албанија, главна област каде расте канабисот. Порозната граница меѓу РСМ и Албанија им дозволува на трговците да превезуваат дрога без да стравуваат дека ќе бидат уапсени.

- Прекурзори

Во делот во кој погоре се осврнавме на листите на опојни дроги и психотропни супстанции и препарати класифицирани според меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги напоменавме дека во Листа IV се класифицирани прекурзорите и дека оваа материја е регулирана со посебен Закон за прекурзори, објавен во „Службен весник“ бр. 37/2004. Со овој закон се уредува системот на следење и контрола на производството и прометот на прекурсори со цел спречување на злоупотребата на прекурсори за нелегално производство на опојни дроги и психотропни супстанции, како и заради заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина од штетното влијание на прекурсорите.

Прекурзор е класифицирена супстанција наведена во Чл. 3 од овој закон, смесите кои ги содржат овие супстанции, како и производите од природно потекло од кои лесно се екстрахираат прекурсорите. Според Чл. 3 прекурсорите, согласно со ратификуваните меѓународни договори и меѓународни нормативи и стандарди, се распоредени во три категории:

1) во прва категорија спаѓаат супстанциите:

1-фенил- 2 – Пропанон кој може да биде означен и како Фенилацетон; Н-ацетилантранилна киселина, означена и како 2- Ацетамидробензоева киселина; Исосафрол; Пиперонал; Сафрол; Ефедрин; Псеудоефедрин; Норефедрин; Ергометрин; Ерготамин; Лизергинскак киселина и соли на супстанциите наведени во оваа категорија.

2) во втора категорија спаѓаат супстанциите: Анхидрид на оцетна киселина; Фенилоцетна киселина; Антранилна киселина; Калиум перманганат; Пиперидин и соли на супстанции наведени во оваа категорија.

[26] https://www.narconon-balkan.org/blog/kako-marihuanata-vlijae-na-mentalnoto-zdravje.html

3) во трета категорија спаѓаат супстанциите: Хлороводородна киселина; Сулфурна киселина; Толуен; Етил етер и Диетил етер; Ацетон; Метил етил кетон означен и како Бутанон и солите од овие супстанции.

Надзорот над примена на овој закон врши Министерството за здравство, а за инспекцискиот надзор се одговорни Државниот санитарен и здравствен инспекторат, инспекторите за лекови и Државниот инспекторат за животна средина.

Фактори кои придонесуваат за појава или зголемување на ефектите од злоупотреба на дрога кај корисниците

Организмот реагира на дрогите откако тие ќе се внесат во него. Меѓутоа, самата дрога не треба да се разгледува изолирано, бидејќи постојат и други фактори кои мора да се земат предвид кога се проценува целосниот ефект врз лицето. Мора да запомни дека никогаш не може да се знае како одредена дрога ќе влијае врз едно лице, па затоа секогаш треба да биде претпазлив кога се справува со лице кое е корисник на дрога.

Во овој дел се дава краток преглед на некои од факторите кои влијаат врз реакциите на организмот по земањето на дрогата:

Работи кои треба да се земат во предвид, а се однесуваат на дрогата:

- Колкаво количество дрога е земено;
- Колку е силна дозата;
- Колку често се зема дрогата;
- Кои адитиви се присутни во дрогата;
- Каква комбинација од дроги е земена;
- Што всушност е земено (голем дел од искуството со дрогата зависи од тоа што луѓето мислат дека ќе се случи);
- Начинот на кој е земена дрогата, и д-р.

Лицето кое ја зема дрогата

- Ментална состојба на лицето

Ако лицето е загрижено или депресивно пред да ја земе дрогата, тоа веројатно ќе се чувствува полошо и ќе има лошо искуство.

- Физичка состојба на лицето

Користењето дрога може да биде поопасно за оние кои имаат проблеми со срцето, крвниот притисок, епилепсијата, дијабетисот, асмата или со црниот дроб.

- Големина и тежина

Меѓу најкритичните променливи величини кои одредуваат колку брзо и интензивно едно лице-корисник ќе реагира на дрога, се големината и тежината на лицето. Ако истото количество одредена дрога го земат лица со различна големина и тежина, концентрацијата на дрога во нивните телесни ткива ќе биде различна, како и јачината и времето кога ќе започне реакцијата. Лицата кои се поголеми можат да се поотпорни на поголема доза од одредена супстанција која за помало лице може да биде токсична.

- Историја на користење дрога

Ако едно лице не земало дрога претходно, тоа може да има понегативно искуство, како последица на вознемиреноста или неискуството со ефектите кои настануваат со земањето на дрогата.

Околината може да има влијание врз корисникот.

На пример: ако дрогата е земена во клуб или меѓу група луѓе, корисникот може да страда од зголемена телесна температура или презагревање.

## 3. Трговија со кокаин

Кокаинот, хероинот и МДМА екстазите се трошат во САД, Велика Британија и Европа, но тие се шверцуваат од страна на меѓународни криминални организации од земјите од каде што потекнуваат.[27] Најзначани производители се земјите од Јужна Америка. Боливија, Колумбија и Перу, од каде што и тргнуваат шверцерските групи кон главните потрошувачки пазари во Северна Америка и Западна и Централна Европа.

Колумбија претставува извор на 90 проценти од кокаинот со кој се снабдува американскиот пазар.[28] Потрошувачката на кокаин опаѓа по врвот кој го достигнува во 1980 години, но истата останала релативно стабилна во поголемиот дел во последните децении.

Во Република Северна Македонија, но и во други земји кокаинот се шверцува во помали количини. Така што се шверцува за потребите на локалниот пазар, како од земјите од Западна Европа, така и преку курири од Јужна Америка. За начини коишто ги користат за нелегално тргување се употребата на авион во посебно подготвен багаж за тие прилики, во телесните шуплини, преку поштенски пратки или пак во форма на гумени банани.

Но од сето ова, може да заклучиме дека организираната група е секогаш чекор понапред од органите на прогонот. За жаришни точки се сметаат граничните премини, каде и најмногу мора да се внимава и каде најчесто се открива овој вид на кирминалитет.

Со тргувањето на дрога се отвора поврзување со останати криминалитети, како кривични дела против јавните финансии и платниот промет или кривични дела вршени во службата, но и со перењето на пари, односно вложувањето на профитот во легалните стопански текови.

## 4. Трговија со хероин

Употребата, како и шверцот на дрогата, својата кулминација ја достигнува во почетокот и средината од минатиот век, за во поново време да одржува одредена постојаност по пројавен тренд на опаѓање. Во однос на интензитетот и количините на хероинот кој се шверцува по централно балканската рута до Западна Европа, побарувачката, а со тоа и продажбата е во опаѓање.[29]

Како главни извори на хероин за меѓународниот пазар се сметаат златната полумесечина во Југозападна Азија (Авганистан и Пакистан) и златниот триаголник во Југоисточна Азија (Бурма, Лаос, Тајланд). Производството на хероин во Авганистан се зголемувало со тенденција завршната фаза на производството да се пренесе на пазарот во Европа. За промена на актуелноста на шверцерските рути се случило заради поинтензивното користење на новите сообраќајни структури и поморските пристаништа.

Кога зборуваме за дистрибуцијата на хероинот на локалниот пазар непосредно или посредно влијае на зголемувањето на кривичните дела од сферата на имотните деликти и кривичните дела против бракот и семејството.Едни од земјите кои имаат свој пат за пренесување на хероин се Турција и Исламската Република Иран, односно вршат трговија со хероин кон Европа којашто се користи многу години station наназад.[30]

Криминалните групи во Македонија се фокусирале, така што своите активности на шверцот на мали количини хероин, со почести заминување во земјите од Југоисточна Европа. Хероинот од правец на Грција и Бугарија се криумчари по централната балканска рута до подрачјето на Косово, кон Централна Србија, а исто така и од

[27] Кошевалиска, О., Максимова, Е., (2018): Организиран криминал и корупција, Штип .

[28] https://hops.org.mk/kokain

[29] Кошевалиска, О., Максимова, Е., (2018): Организиран криминал и корупција, Штип.

[30] UNODC World Drug Report (2017), Executive Summary.

правецот на Бугарија во Србија, каде што шверцерските канали се спојуваат по Коридорот 10 и продолжуваат кон пазарите на Западна Европа.

Како клучна област за шверцот се зема Црна Гора, која останува областа околу Пеќ во Косово, од каде што преку каналот на северот од Црна Гора се шверцува хероин кон централниот и јужниот дел на земјата, главно за потребите на домашниот пазар. Друг правец на влез на хероинот во Црна Гора е од обласа на Скадар во Албанија. Хероинот кој се шверцува во Црна Гора преку наведениот правец не е наменет само за домашниот пазар туку и за понатамошно криумчарење кон БиХ и Хрватска. За криумчарење на хероинот преку Србија, Црна Гора и Македонија се користат превозни средства по патен и железнички сообраќај, најчесто автомобили, шлепери со храна и расиплива стока за да се избегне подолгото задржување на граничните премини, скоро секогаш е скриен во специјално изградени шуплини во возилата.

Преку спроведувањето на мерките за борба против ширење на КОВИД-19, се зголемени сè повеќе и повеќе контроли кои претставуваат голем проблем при трговијата со дрога. Затоа Италија и земјите од Централна Азија, се едни од оние што достигнаа нагло намалување на заплените на дрога. Додека пак Нигер, тие целосно достигна прекин на трговијата со дрога.[31]

## 5. Трговија со синтетички дроги

Кога станува збор за светско производство и потрошувачка на синтетички дроги е тогаш зборуваме за пораст од почетокот на 90-тите години на минатиот век.

Во нашата држава, ваквиот вид на дрога, така наречени синтетички дроги влегуваат од Србија и Бугарија, а се наменети за задоволување на потребите на локалниот пазар. Присутна е појава на нови психоактивни супстанции на територијата на Црна Гора и Македонија

Лошата економска ситуација, достапноста на евтина опрема и хемиски компоненти за производство на синтетички дроги, како и ниската цена на локалниот пазар, му оди во прилог на производството на синтетички дроги и прекурзори во тајни лаборатории. Како се шверцува на овој вид на дрога ни претставува таков вид на криминал при што користат курири, во скриени шуплини на транспортни средства и во меѓународните пратки. Кога зборуваме за производство на синтетички дроги и прекурзори во тајните лаборатории, тогаш имаме пораст, односно се намалува производството.

Се претпоставува дека на нелегалниот пазар во Македонија и земјите во регионот, сè поголема опасност претставува производството на синтетички дроги и прекурзори во импровизирани лаборатории од тип на кујни, што ќе доведе до нивна ниска цена и поголема достапност.

Додека пак во делот кога гледаме пошироко, односно кога гледаме на светски рамки, најголем производители на синтетички дроги се лоцирани во: Амстердам, Брисел, Франкфурт и Париз, особено кога станува збор за екстази.

## 6. Трговија со канабис (марихуана)

Марихуаната ни претставува еден вид на дрога, трговијата со марихуана се уште е најмногу користена, но и најлесно достапна.[32] Како најголеми центри за извоз на

[31] European Drug Report 2020.
[32] Кошевалиска, О., Максимова, Е., (2018): Организиран криминал и корупција, Штип.

канабис во светот се изводојуваат: Мексико, Јамајка, Колумбија, Мароко, Либан, Авганистан, Тајланд и Камбоџа.[33]

Македонија ќе остане да биде транзитна област за шверц на марихуана по балканската рута до земјите од Централна Европа. Додека пак марихуаната од Албанија се криумчари, но и се дистрибуира во еден дел преку Јадранското Море директно во Италија и Грција, до дестинациите во Велика Британија и другите земји во Западна Европа. Има и патишта кои одат по копнен и воден пат (Скадарско, Охридско и Преспанско Езеро), кон значајните транзитни точки: Црна Гора, Србија и Македонија, а потоа во земјите од Западна Европа.

За медицината е значајна марихуаната, односно легализацијата на канабисот за медицинска употреба е особено комплексна тема и особено популарна во последно време. После многу истражувања, дошло до заклучок дека со истражување во САД е докажано дека со самата легализација доаѓа до опаѓање на насилните деликти во многу краток период.

Но, во нашата земја, односно во Република Северна Македонија канабисот е легализиран за медицински употреби, каде што нашата држава овде се вклучува во делот на ретките држави коишто ја имаат легализирано.

## 7. Анализа за недозволената трговија со дрога од страна на криминалистичкото разузнавање

| Состојби во областа на недозволената трговија со дрога | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Вкупно кривични дела | 578 | 596 | 604 | 538 | 717 | 611 | 609 |
| Регистрирани Сторители | 713 | 719 | 736 | 621 | 872 | 718 | 711 |

Табела 1 Состојби во областа на недозволената трговија со дрога (2010-2016)[34]

Образложение за табелата - Преку одделот за криминалистичко разузнавање и анализа при Министерството за внатрешни работи овде може да видиме една збирна анализа за вкупниот криминал во Република Северна Македонија по области и сектори во периодот од 2010 до 2016 година за делот на недозволената трговија со дрога.

[33] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9A%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BF

[34] https://docs.google.com/spreadsheets/d/13DbLn6WQ288YssjZwhzO6NHw4Kh5_qdWZuN_-6a72ko/edit#gid=1740835474

| Состојби во недозволената трговија со дрога по сектори | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| СВР Скопје | 120 | 96 | 91 | 92 | 130 | 114 | 125 |
| СВР Битола | 106 | 77 | 92 | 107 | 129 | 109 | 75 |
| СВР Велес | 14 | 24 | 32 | 20 | 22 | 18 | 29 |
| СВР Куманово | 52 | 82 | 63 | 42 | 70 | 44 | 35 |
| СВР Охрид | 102 | 90 | 109 | 90 | 109 | 97 | 102 |
| СВР Струмица | 62 | 84 | 88 | 79 | 73 | 70 | 80 |
| СВР Тетово | 53 | 62 | 56 | 45 | 104 | 81 | 68 |
| СВР Штип | 54 | 67 | 52 | 47 | 58 | 56 | 78 |
| ОСОСК | 15 | 14 | 21 | 16 | 23 | 22 | 17 |

Табела 2 Поделба по сектори, за сосотојбата на недозволена трговија со дрога[35]

Образложение според оваа табела, може да заклучиме дека МВР најмногу работа, односно за сузбивање имала во главниот град на прво место, односно Скопје, потоа Охрид и Битола.

| Заплени на дрога | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Заплени дрога | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Марихуана во килограми | 459.7 | 286.4 | 784.6 | 477 | 632 | 226 | 623.7 |
| Хероин во килограми | 37.1 | 23.Tem | 55.3 | 11.7 | 20.2 | 5.36 | 0.8 |

[35] https://docs.google.com/spreadsheets/d/13DbLn6WQ288YssjZwhzO6NHw4Kh5_qdWZuN_-6a72ko/edit#gid=1740835474

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кокаин | 2 кгр | 1,5 кгр | 173 грама | 15,8 грама | 318 грама | 0,07кгр | 717 грама |
| Стебла канабис | 4,199 | 1,247 | 2,755 | 1,421 | 1,187 | 2,362 | 2,414 |
| Таблети екстази | 459 | 3628 | 206 | 142 | 1217 | 490 | 522 |

Табела 3 Заплени на дрога[36]

Образложение - Во врска со оваа статистика, на темата заплена на дрога во период од 2010 до 2016 година, како најраспространета е марихуаната, инаку во погорната Табела 3 може да се види дека во Република Северна Македонија во тој период имало повече видови на дрога, каде што луѓето ги короистеле, а според работата на МВР може да заклучиме дека во оваа статистика се опфатени хероинот, кокаинот, екстазите, марихуаната како и стеблата на канабис.

## 8. Сузбивање и превенција на нелегална трговија со наркотици

За сузбивање и превенција на нелегалната трговија со дрога значајна е организацијата на Обединетите нации, каде што од нејзина страна се донесени две конвенции: [37]

- Конвенција на ООН за борба против недозволената трговија со дроги и психотропни супстанции од 1988 година (Виенската конвенција) и

- Меѓународна Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Конвенција од Палермо).

Но има и други документи кои ги има донесено ООН, кои помагаат на прашањето за сузбивање на трговијата со дроги: Единствена конвенција за наркотични дроги од 1961 година, Конвенцијата за психотропни супстанци од 1971 година, како и Конвенцијата против корупција од 2003 година.[38]

Значајно е тоа што, со оваа резолуција 42/112 од 7 декември 1987 година, Генералното собрание на ООН го прогласи *26 јуни како Меѓународен ден против злоупотреба на нелегална трговија со дрога*.[39]

Може да кажеме дека со оваа резолуција се препорачува натамошно делување врз основа на извештајот и заклучоците од Меѓународната конференција за злоупотреба и илегална трговија со дрога во 1987 година.

Кога станува збор за младите и дрогата како најзасегнати со проблемот на употреба на дрогите се младите, но тие тоа го прават од причини на љубопитство и од влијание кои му го нанесуваат нивните врсници и оние лица кои ги опкружуваат.

Ние знаеме дека живееме во свет во кој родителите се преоптоварени со работни обврски и имаат сè помалку време за своите деца, но тоа не претставува причина младите да земаат и прават сè што им доаѓа на ум.

---

[36] https://docs.google.com/spreadsheets/d/13DbLn6WQ288YssjZwhzO6NHw4Kh5_qdWZuN_-6a72ko/edit#gid=1740835474

[37] Кошевалиска, О., Максимова, Е., (2018): Организиран криминал и корупција, Штип.

[38] Ibid.

[39] https://www.iph.mk/26-juni-megunaroden-den-protiv-upotreba-na-drogi-i-ilegalna-trgovija

Интернетот во денешно време е влијател, односно ги поттикнува младите лица кои уште се во онаа фаза каде што не размислуваат, не се подучуваат, брзаат, летаат со мислите и каде што и само некое видео од интернет за дрога или пак доколку слушнат од нивните врсници, тие се спремни за овој криминалитет, но за тоа и интернетот го споменав дека влијае лошо, бидејќи има можност да се добие дрога и преку интернет, односно има и анонимни продажби.

Како што кажав и претходно, употребата на droги и алкохол на млада возраст е многу ризично, бидејќи мозокот е сè уште во фаза на развој и последиците од нивното користење може да бидат загрижувачки. Како ризични групи ги одделуваме оние деца коишто живеат во нарушени семејни односи, односно се опкружени секојдневно со такви сценарија.[40]

## ЗАКЛУЧОК

Од целокупната слика на овој мој труд може да заклучиме дека феноменот на дрога претставува глобален, сериозен и комплексен светски проблем. Во мојата тема на којшто се задржав и истражував, трговијата со дрога ни претставува многу тежок општествен проблем. Социопатолошка појава, односно наркоманијата остава големи негативни траги во целото општество. Преку оние статистики кои ги имам внесено, односно преку анализите, веќе знаеме дека тие укажуваат на тоа дека бројот на сторителите на кривични дела во врска со опојните дроги е висок. Па затоа за откривање на овие кривични дела имаат надлежност државните органи како што се МВР и Јавното обвинителство, но меѓу нив е потребна цврста соработка. Тие органи се задолжени, односно е потребно да влијаат за значително намалување на овие кривични дела и во сузбивањето на овој тип на криминалитет, а доколку делото веќе е извршено, улогата во понатамошното решавање на овој проблем ја преземаат судовите. За вршење на индивидуализација на казната станува збор за неопходност, и неизрекување на благи казни за потешки дела и обратно. До раст на овој тип на криминалитет доаѓа кога имаме благо казнување, каде што имаме сè почести вакви кривични дела, бидејќи колку повеќе би биле казните повисоки и построги, би довело до намалување на овој криминалитет. Но каде што има и парична казна, тогаш може да дојде и до несакано дејство, односно на паричните казни може да има и спротивен ефект. Па затоа судиите треба транспарентно да ги ценат сите околности, односно да се донесат оние санции или казни со што би довело до оставување на својата цел, како што би било намалување или целосно запирање со овој криминалитет! Заклучивме дека Република Северна Македонија пред сè ни претставува транзитна земја, но помалку земја во која се складира дрогата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

European Drug Report 2020 ;
http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/analizi-statistiki/Socta%20izvestaj%202016%20MK.pdf ;
https://docs.google.com/spreadsheets/d/13DbLn6WQ288YssjZwhzO6NHw4Kh5_qdWZuN_-6a72ko/edit#gid=1740835474 ;
https://hops.org.mk/heroin ;
https://hops.org.mk/kokain ;
https://hops.org.mk/mdma ;

[40] Ibid .

https://hops.org.mk/metamfetamin ;
https://malmed.gov.mk/wp-content/uploads/Nacionalna-strategija-za-drogi-2014-2020.pdf ;
https://mk.reoveme.com/ ;
https://mk.warbletoncouncil.org/barbituricos-327 ;
https://mk.warbletoncouncil.org/benzodiacepinas-7348 ;
https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%90%D0%BC%D1%84%D0%B5%D1%82%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B8 ;
https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%B0 ;
https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%B0 ;
https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9A%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%B8%D0%BD ;
https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9A%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BF ;
https://www.iph.mk/26-juni-megunaroden-den-protiv-upotreba-na-drogi-i-ilegalna-trgovija .
https://www.narconon.mk/drug-abuse ;
https://www.narconon-balkan.org/blog/halucinogeni-drogi-i-nivni-efekti.html ;
https://www.narconon-balkan.org/blog/kako-marihuanata-vlijae-na-mentalnoto-zdravje.html ;
https://www.narconon-balkan.org/blog/kokain-i-negovite-efekti.html ;
https://www.narconon-balkan.org/blog/koshmarot-narechen-krek-kokain.html ;
https://www.narconon-balkan.org/blog/smrt-od-ekstazi.html ;
https://www.narconon-balkan.org/blog/zloupotreba-na-sedativi-i-hipnotici.html ;
UNODC World Drug Report (2017), Executive Summary ;
Витларов,Т.,(2013) Казнено право, Посебен дел со практични примери, авторизирани предавања.
Камбовски, В., (1996): Правна држава и организиран криминалитет, Правен факултет, Јустинијан Први, Скопје.
Каневчев, М., Посебниот дел на Казненото право.
Кошевалиска, О., Максимова, Е., (2018):Организиран криминал и корупција, Штип.
Сулејманов, З., (2009): Криминологија (четврто издание), Графохартија, Скопје.

**ЧАЛШЕВА Кристина**
**АНГОВА Анастасија**

**УДК: 343.137.5:340.13(497.7)**

# ВИДОВИ САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА СОГЛАСНО ЗПД

**Апстракт:** Потребата од систем на правда за децата се однесува на санкциите против сторителите на кривични дела, нивната заштита и грижа, нивната социјализација, намалување на заканата за раст и развој на младата личност и негово понатамошно правилно пренасочување. Исто така, е потребно да се подигне свеста за правдата и доколку е можно да се преземат некои алтернативни мерки и мерки кои не вклучуваат затворска казна за сторителот.

Во исто време, целта е детето што сторило кривично дело или прекршок да ги разбере последиците од своето дело, да добие помош, да дејствува на поблаг начин.

**Клучни зборови**: санкции спрема деца, ЦСР, алтернативни мерки, заводски мерки

**CHALSHEVA Kristina**
**ANGOVA Anastasija**

**UDK: 343.137.5:340.13(497.7)**

# SANCTIONS AGAINST CHILDREN ACCORDINGLY ZPD

**Abstract:** The need for a justice system for children refers to sanctions against perpetrators of crimes, their protection and care, their socialization, reducing the threat to the development and growth of the young person and his further proper diversion. It is also necessary to raise awareness of justice and if possible take some alternative measures and measures that do not include imprisonment for the perpetrator.

At the same time, the goal is for the child who has committed a crime or misdemeanor to understand the consequences of his act, to receive help, to act in a milder way.

**Keywords** - sanctions against children, center for social work, alternative measures, institutional measures

## ВОВЕД

Категоризацијата на децата во различни групи, во зависност прво од нивната возраст, а потоа и од тежината на кривичното дело и санкцијата предвидена за него, но и психофизичката состојба во која се наоѓа детето, неговата зрелост и способност да ги сфати последиците од сопствените дејствија, е основа за различен казнено-правен статус на децата. Во зависност од категоризацијата, во системот за правда за децата се предвидени различни видови санкции во зависност од различните категории на возраст и тежината на стореното кривично дело.

Од особена важност е градацијата на децата според возраста во различни групи (како дете, дете во ризик, дете во ризик до 14 години, дете во ризик од 14 до 18 години, дете во судир со закон од 14 до 16 години, дете во судир со закон од 16 до 18 години, и помладо полнолетно лице од 18 до 21 година), која му дава смисла и значење на системот на санкции кои може да се изречат на децата сторители на дејствија со закон се

предвидени како кривични дела. Различната природа и сериозност на санкциите му овозможува на судот да избере и примени соодветна санкција во согласност со степенот на развој, возраст и зрелост на детето, а со којашто според оцената на судот ќе се оствари целта на казнувањето.

## 1. Општи правила во ЗПД во однос на санкциите спрема децата

Во однос на категориите деца спрема кои може да се определат санкции ЗПД ги содржи следниве специфичности:

-на дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствије кое со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат само воспитни мерки;

-на дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка;

-дете од 16 до 18 годишна возраст може да биде ослободено од казна под општите услови определени со КЗ;

-на дете за дејствије кое со закон е предвидено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции определени со ЗПД;

-на дете му се изрекуваат мерки на безбедност под условите определени со КЗ и ЗПД;

-конфискација на имоти и имотна корист и предмети прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласно со општите услови утврдени со КЗ.[1]

Притоа судот секогаш мора да го зема во предвид фактот дека казните не влијаат директно на отстранување на криминогените фактори што го условиле криминалното поведение. Од тие причини во ЗПД е наведено дека мерките на помош и заштита, се од најдобар интерес на детето и неговото воспитување и развој. При одлучувањето за примена на мерките и санкциите, секогаш се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки.

Казнената одговорност на детето не е цел сама по себе. Нејзиното утврдување треба да ја изрази одговорноста за стореното казнено дело, одговор на способноста лицето да ја поднесе казнената санкција и второ да се определи видот на санкцијата што ќе одговара на тежината на злото што е нанесено со казненото дело, но и личноста на делинквентот. Основната цел е да се утврдат причините кои придонеле до кривична одговорност и со општествената реакција (мерка или санкција) да се влијае врз причините што придонеле за инкриминираното однесување на детето. Кодификацијата на материјално и процесното законодавство во кој покрај регулирањето на казнениот систем, постапката и системот на санкции кои може да им бидат изречени на децата сторители на дејствија, како жртви или сведоци на кривични дела, се содржани и одредби во однос на превенцијата на детското престапништво.[2]

[1] Член 34 од ЗПД.
[2] Кошевалиска, О. (2017): Малолетничкиот казнен систем во контекст на теоретските амбиции на медијацијата, Зборник на трудови во чест на Марјан Марјановски, Правен Факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје.

## 2. Видови санкции спрема децата

### *2.1. Воспитни мерки*

Воспитните мерки се казнено правни санкции што се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување и развивање на личната одговорност на детето и имаат за цел негово воспитување, превоспитување и правилен развој. Се работи за санкции раководени исклучително од идејата за превенција.[3] Постоењето на овие мерки е во согласност со основните начела содржани во Европските правила за децата сторители на кривични дела подложени на санкции и мерки, според кои санкциите и мерките што се изрекуваат и нивната имплементација треба да се засноваат на принципите на социјална интеграција и образование, а со цел за спречување идно повторување.[4] Воспитните мерки може да му се изречат на дете над 14 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. При изборот на воспитната мерка судот ќе ја земе предвид возраста на детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, наклонетостите, причините поради кои го сторил дејството, дотогашното воспитување, средината и приликите во кои живеел, тежината на стореното дејство, дали спрема него порано била изречена воспитна мерка или казна затвор за деца и сите други околности што влијаат врз определувањето на видот на мерката за постигнување на нејзината цел определена со закон. Воспитните мерки претставуваат кривични санкции со кои примерно се реагира на кривичните дела извршени од деца. При определување на воспитни мерки детето не се огласува за виновно, со оглед на фактот што примарна цел е утврдувањето на степенот на душевната развиеност и зрелост на детето, приликите во кои живее и околностите во кои се развива. Како воспитни мерки кои може да се изречат се:

- Укор или упатување во центар за деца;
- Засилен надзор од страна на родителот, односно старателот;
- Засилен надзор од страна на згрижувачкото семејство или
- Засилен надзор од страна на ЦСР.

#### *2.1.1.Упатување во центар за деца*

Укорот или упатување во центар за деца се изрекува спрема дете кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело од непромисленост или лекомисленост. Укор се изрекува ако судот оцени дека е доволно и само прекорување на детето за стореното дело. Притоа, при изрекувањето на укорот на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди дека во случај на нејзино повторување, спрема него може да биде изречена друга санкција. Кога судот ќе оцени дека е недоволно на детето само да му се укаже на штетноста на неговата постапка, туку ќе оцени дека се потребни соодветни краткотрајни мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето, ќе изрече мерка Упатување во центар за деца којшто може да има неколку алтернативни модалитети на спроведување, при што престојот во центарот за деца може да изнесува:

- определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно по друго, или
- определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец или

[3] Камбовски, В. (2006): Казнено право, општ дел, 2-ри Август, Штип, стр. 815.

[4] Recommendation CM/Rec(2008)11 of the Committee of Ministers to member states on the European Rules for juvenile offenders subject to sanctions and measures, 5.11A.2008, Council of Europe.

• непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена.

*2.1.2 Мерки на засилен надзор*

Мерките на засилен надзор се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од средината во која живее, се образува и работи. Како мерки на засилен надзор на детето може да му се изречат следниве мерки:

- засилен надзор од страна на родителите, односно старателите,
- засилен надзор од страна на згрижувачко семејство, или
- засилен надзор од страна на ЦСР.

При изрекувањето на некоја од воспитните мерки на засилен надзор, судот може на детето да му определи една или повеќе посебни обврски, ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка. Во рамките на пропишаните обврски спаѓаат:

• да му се извини лично на оштетеното лице,

• да ја поправи или надомести штетата предизвикана со стореното дејствие,

• редовно да го посетува училиштето,

• да не изостанува од работното место за деца над 15 години,

• да се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години,

• да прифати работа за деца над 15 години,

• да му забрани употреба на алкохолни пијалоци, дрога и други психотропни супстанции,

• да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште,

• полезно да го користи слободното време.

Засилен надзор од страна на родителите, односно старателите. Во случај кога судот ќе оцени дека родителите, односно старателите пропуштиле, а биле во можност да вршат надзор над детето, изрекува мерка на засилен надзор од страна на родителите ,односно старателите. Кога судот ќе ја изрече оваа мерка, им наложува на родителите, односно на старателите определени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им даде и потребни упатства. Судот дополнително ќе одлучи за престанок на оваа мерка со тоа што тоа не може да трае помалку од една година, ниту подолго од три години.[5]

Засилен надзор од страна на згрижувачко семејство. Ако родителите, односно старателите на детето не се во можност да вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од нив, детето ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Извршувањето на оваа мерка ќе се запре кога родителите, односно старателите на детето ќе се здобијат со можност да вршат засилен надзор над него или кога според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето ќе престане потребата од засилен надзор.

Засилен надзор од страна на ЦСР. Ако родителите, односно старателите не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на ЦСР. Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде покусо од една ни подолго од три години. За време

[5] Член 41 од ЗПД.

траењето на мерката детето и натаму останува да живее кај своите родители или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши ЦСР. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, ЦСР ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

*2.1.3. Заводски мерки*

Заводските мерки се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина. Траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години. Како заводски мерки кои може да му се изречат на дете се:

- Упатување во воспитна установа и
- Упатување во воспитно поправен дом.

Согласно член 45 од ЗПД а во врска со упатувањето во воспитна установа судот може да упати во воспитна установа дете врз кое треба да се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица (со стручна и школска подготовка за воспитувачи), заради воспитување, превоспитување и правилен развој. Во воспитната установа детето останува најмалку шест месеци, а најмногу три години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа одлучува дополнително.[6]

Упатување во воспитно-поправен дом. Дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот може да го упати во воспитнопоправен дом. При одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка, судот посебно ќе ја земе предвид тежината и природата на стореното дејствие и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца. Во воспитнопоправен дом детето останува најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа дополнително одлучува. Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитно-поправниот дом секоја година, по службена должност, по предлог на јавниот обвинител или по предлог на воспитно-поправниот дом.

## 2.2. Алтернативни мерки

Цел на алтернативните мерки е спрема кривично одговорното дете над 16 годишна возраст да не се примени казна кога тоа не е нужно заради спречување на вршење на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и кога може да се очекува дека предупредувањето со закана за казна и примената на мерки на помош, заштита и надзор на слобода доволно ќе влијае врз неговото воспитување, превоспитување и правилен развој.

Согласно со член 60 од ЗПД На кривично одговорно дете над 16 годишна возраст за стореното дело, што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве алтернативни мерки:

- условна осуда со заштитен надзор,
- условно прекинување на водење на постапка спрема детето и
- општокорисна работа.

---

[6] Член 45 од ЗПД.

- Во врска со условната осуда со заштитен надзор-оваа мерка судот може да му ја изрече на детето кога му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна.Доколку на детето му е утврдена и казна затвор за деца или парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната затвор.
- Условно прекинување на постапката-оваа алтернативна мерка судот може да ја определи спрема дете над 16годишна возраст за дејствије кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до 5 години, ако детето изразило каење за извршеното дело, ако ги отстранило последиците на делото, ако ја надоместило штетата или се помирило со оштетениот, кој е согласен со прекинувањето на постапката, под услов во рок од 2 години детето да не стори друго кривично дело.
- Општокорисна работа-во врска со оваа алтернативна мерка судот може на дете над 16-годишна возраст кое сторило дејствије кое со закон е предвидено како кривично дело за кое утврдена казна затвор до 3 години или парична казна да му изрече мерка општокорисна работа. Траењето на истата може да биде од 5 до 100 часа кога е потребно со оваа мерка да се изврши воспитно влијание врз личноста и поведението на детето. Надзор над исполнување на работните обврски врши ЦСР кој е должен повремено, а најмалку еднаш месечно да го известува судот за извршувањето на мерката.. Ако детето не ги исполнува или неуредно ги исполнува наложените обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во центар за деца или со мерка засилен надзор под условите предвидени за нивното изрекување, земајќи го во предвид делот од обврските кои веќе се извршени.

## 2.3. Мерки на безбедност

Од мерките на безбедност предвидени во КЗ, спрема децата може да се определат следниве три вида:

- задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа,
- задолжително психијатриско лекување на слобода,
- задолжително лекување на деца од зависности.

Спрема непресметливо дете под условите утврдени со КЗ може да се изрече мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително психијатриско лекување на слобода. Мерка на безбедност, по правило, може да се изрече спрема дете, под условите утврдени со КЗ, но кон воспитната мерка или казната затвор за деца. Но ако се работи за дете зависник, спрема него судот може да изрече мерка на безбедност задолжително лекување на деца од зависности и без изрекување на воспитна мерка или казна. Во случај кога мерката задолжително лекување на деца од зависности се изрекува со воспитна мерка или казна, таа се извршува во специјализирано одделение на установа.

## 3. Казни

Поаѓајќи од определбата на ЗПД дека секогаш треба да им се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки, казните се сметаат за најстрога казнена реакција која се надоврзува на најтешки форми на кривични дела. Казна може да се изрече спрема кривично одговорно дете над 16-годишна возраст, само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

Во ЗПД на дете во судир со закон може да му се изрече една од следниве казни:
- Затвор за деца,
- Парична казна,
- Забрана на управување со моторно возило од определен вид и категорија или
- Протерување на странец од земјата.

### *3.1. Затвор за деца*

Затворот за деца може да се изрече само како главна казна и тоа на дете кое е кривично одговорно над 16-годишна возраст, кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор од 5 години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот. Ваквите околности не оправдуваат да се изрече воспитна мерка. Затворот за деца не може да биде пократок од 1 или подолг од 10 години, а се изрекува на полни години или на половина година.

Детето кое издржува затвор за деца може да се пушти на условен отпуст ако издржало најмалку една третина, но не пред да издржи една година од изречената казна, доколку превоспитувањето е успешно. Ако на детето му е изречена казна затвор за деца до две години и шест месеци, може да се пушти на условен отпуст на една третина од изречената казна.За време на условниот отпуст судот му определува мерка на засилен надзор од страна на ЦСР во определено траење кое може да биде и покусо од делот на неиздржаната казна. Судот може да го продолжува траењето на засилениот надзор до една година по времетраењето на казната, но најмногу до наполнувањето на 21 година на осудениот.[7] Судот ќе го отповика условниот отпуст, ако осуденото дете не ги исполни обврските предвидени со засилениот надзор или ако додека е на условен отпуст, стори едно или повеќе дејствија предвидени со закон како кривични дела за кои е изречена казна затвор за деца над две години. Ако детето сторило дејствие со закон предвидено како кривично дело за кое му е изречена казна до две години затвор за деца или парична казна, судот може да го отповика условниот отпуст земајќи ја предвид сродноста на сторените дела, нивното значење, побудите од кои се сторени и другите околности што укажуваат на оправданоста за отповикување на условниот отпуст. Кога судот ќе го отповика условниот отпуст, ќе изрече една казна,[8] земајќи ја порано изречената казна како веќе утврдена. Кога судот нема да го отповика условниот отпуст, тој се продолжува за времето кое осуденото дете го поминало на издржување на казната затвор за деца изречена за новото дело.

### **3.2. Парична казна**

Паричната казна по правило е главна казна, освен за дела сторени од користољубие, кога паричната казна може да се изрече како споредна казна заедно со казната затвор за деца или со условна осуда со заштитен надзор. Паричната казна се изрекува во дневни глоби. Бројот на дневните глоби не може да биде помал од една ниту поголем од 120 дневни глоби. Во однос на одмерувањето и извршувањето на паричната казна соодветно се применуваат одредбите од КЗ.[9]

Неплатената парична казна судот може да ја замени со мерката општокорисна работа. Една дневна глоба се заменува со три часа општокорисна работа, при што

---

[7] Член 53 од ЗПД.

[8] Член 58 од ЗПД.

[9] Член 54 од ЗПД.

вкупниот број часови општокорисна работа не може да биде поголем од 100 часа. Неплатената парична казна или неизвршената или делумно извршената општокорисна работа како нејзина замена, судот може да ја замени и со мерка упатување во центар за деца, или со мерка на засилен надзор.

### 3.3. Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија

Оваа казна може да се изрече како главна казна, но и како споредна казна заедно со паричната казна според условите предвидени во чл. 38-в од КЗ.[10]

### 3.4. Протерување странец од земјата

Оваа казна се изрекува под идентични услови како и претходната. Имено, може да се изрече како главна казна, но и како споредна казна заедно со паричната казна, според условите предвидени во чл. 38-г од КЗ.[11]

## 4. Дејство на санкциите, евиденција на изречените санкции, рехабилитација

**Правни последици.** Изречените санкции на полнолетни лица за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела кои ги сториле како деца и на изречените воспитни мерки на помлади полнолетни лица не повлекуваат правни последици што се состојат во забрана на стекнување на определени права.

**Евиденција на изречени санкции.** Евиденцијата на изречените санкции спрема дете и помладо полнолетно лице води судот надлежен според местото на раѓање. Надлежниот суд е должен најдоцна до петтиот ден во месецот да доставува евиденција на изречените санкции за претходниот месец, на дете и помладо полнолетно лице за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршочни санкции до Основниот суд Скопје I Скопје кој води Единствен регистар за Република Македонија. Во Единствениот регистар се внесуваат и податоците добиени од надлежниот суд за изречените санкции за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и за прекршочни санкции за дете и помладо полнолетно лице родено во странство или со непознато место на раѓање. Податоци за изречените санкции може да му се дадат само на судот, на јавниот обвинител и на институциите што се занимаваат со заштита на децата, во врска со нова постапка што се води спрема детето или помладото полнолетно лице за сторено дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок.

**Бришење на санкциите.** ЗПД предвидува соодветни рокови за бришење од евиденција на различните видови санкции што може да се изречат спрема детето и тоа:

- укор или упатување во центар за деца, мерките на засилен надзор и прекршочни санкции - по една година од нивното извршување или застарување, ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок;
- условна осуда со заштитен надзор - по една година од истекот на времето за проверување, ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело;

[10] Член 56 од ЗПД.
[11] Член 56 од ЗПД;.

• заводски мерки, парична казна и алтернативни мерки - по една година од нивното извршување или застарување, ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок;

• затвор за деца - по пет години од денот на издржаната, застарената или простената казна, ако во тоа време детето или помладото полнолетно лице не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело. Кога се исполнети наведениве услови, податоците за изречените санкции се бришат од евиденцијата, а сите документи се поништуваат по сила на закон.

**Застареност на извршувањето на санкциите.** ЗПД предвидува и рокови за застареност на извршување на санкциите кои се разликуваат според вид и тежина, односно времетраење на санкциите.

Казната **затвор** за деца не може да се изврши кога ќе поминат:

• десет години од осудата на затвор за деца над пет години,

• пет години од осудата на затвор за деца над три години и

• три години од осудата на затвор за деца до три години.

Останатите санкции не може да се извршат по истек на:

• две години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена парична казна;

• времето за кое се изречени казните забрана на управување со моторно возило и протерување на странец од земјата;

• пет години ако протерувањетона странец од земјата е изречено засекогаш;

• една година од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена алтернативната мерка општокорисна работа и изречените мерки на безбедност;

• пет години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена заводската воспитна мерка упатување во воспитно- поправен дом;

• три години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена заводска воспитна мерка упатување во воспитна установа и на мерките на засилен надзор;

• шест месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена дисциплинската воспитна мерка упатување во центар за деца.

## ЗАКЛУЧОК

Во македонското казнено законодавство релевантно за деца постои силна тенденција да се сведе на минимум изрекувањето на санкции на децата, односно изрекувањето на казни на децата се сфаќа како последно решение на кое му претходи искористувањето на сите претходни можности кои во својата основа ја имаат ресторативната правда, односно се превентивни наместо репресивни. Основната цел на воспитните мерки, казните, алтернативните мерки и на прекршочните санкции е преку давање заштита и помош на децата со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој. Оттука самиот систем на санкции се одликува со особена превентивност, за разлика од системот на санкции за полнолетни сторители кој во својата основа е репресивен. Токму од овие причини кога се исполнети законските услови, надлежниот суд изрекува казна само ако не е оправдано изрекување на воспитна или алтернативна мерка. Казна што се состои во лишување од слобода, надлежниот суд може да изрече само кога целта на воспитните мерки, казнувањето или алтернативните мерки не може да се постигне со мерки на помош и заштита.

Доколку е изречена потешка санкција или санкција што се состои во лишување од слобода, надлежниот суд посебно ги образложува причините за нејзиното

изрекување. Исто така системот на санкции за деца се одликува и со особена индивидуализација при определувањето на санкцијата којашто ќе биде изречена, тргнувајќи првично од правилото санкцијата што му се изрекува на детето да одговара на неговата личност, тежината на стореното кривично дело и неговите последици, потребата од неговото воспитување, превоспитување, образование и развој, а сето тоа е се разбира заради обезбедување и заштита на најнеопходниот интерес за детето.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Закон за правда на децата, Сл. весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013 година.

Бужаровска, Г., Нанев, Л., и Кошевалиска, О., Кривично постапување спрема децата во ризик и деца во судир со законот, Скопје, 2015 година.

Нанев, Л., Кошевалиска, О., Малолетничко казнено право – Скрипта, Унверзитет „Гоце Делчев“ Штип 2018 година.

**ШАЛЕВА Корнелија**
**ТАШКОВА Мартина**
**УДК: 343.988-027.21**

# ВИКТИМОЛОГИЈА

**Апстракт:** Откако се развила криминологијата заради остварување на целта да се проучи, анализира определен криминалитет се дошло до спознание дека покрај анализирањето на сторителот на определено кривично дело вниманието треба да се сврти и кон анализирање и проучување на жртвите од причина што во голем број случаи удел во криминалниот настан има и самиот објект на напад, жртвата. Жртвите на кривични дела, исто така треба да бидат заштитени и обештетени. За реализација на анализата, заштитата и оштетата на жртвите на сцена настапува новата научна дисциплина - науката за жртвите именувана со стручен термин виктимологија.

**Клучни зборови:** *жртва, сторител, анализира, кривично дело, виктимизација*

**SHALEVA Kornelija**
**TASHKOVA Martina**
**UDK: 343.988-027.21**

# VICTIMOLOGY

**Abstract:** After the development of criminology in order to achieve the goal of studying, analyzing a certain crime, it was realized that in addition to analyzing the perpetrator of a certain crime, attention should be focused on analyzing and studying the victims because in many cases a share in the criminal event has the very object of the attack, the victim. Victims of crime should also be protected and compensated. For the realization of the analysis, protection and damage of the victims on the stage, a new scientific discipline appears - the science of victims named with the professional term victimology.

**Key words:** *victim, perpetrator, analyse, crime, victimization*

## ВОВЕД

„Откако организираното општество се интересира за криминалитетот како општествена негативна појава, оттогаш се интересира и за носителите на оваа појава, за сторителите на кривичните дела, но и за жртвите на кривичните дела."[1] Првенствено, покрај интересот за проучување на криминалитетот - посебен интерес организираното општество за проучување покажало во однос на сторителите на кривичните дела, додека интересот насочен кон проучување на жртвата бил прилично незначителен, мал. Интересот за проучување на сторителот бил, но и сѐ уште е толку енормен поради можноста да бидат разоткриени причините зошто определено лице станало сторител на определено кривично дело, како и видовите на репресивните средства кои ги користи државата со цел да постигне потиснување, спречување и превенирање на сторителот, тој во иднина да не го повтори истото кривично дело или да стори сосема различно кривично дело, а и да делува поучно кон другите луѓе да се воздржуваат од сторување на кривични дела бидејќи нема да отсуствува реакцијата од страна на заедницата. Од

[1] Арнаудовски, Љ. (2007): Криминологија, Скопје, стр. 91.

аспект на жртвата, таа се сметала како консеквенција на стореното кривично дело и се до неодамна постоело мнението дека жртвата е ставена пред свршено дејствие во кое нема никаков придонес, кон која општеството пројавува сожалување, правејќи напори колку што е можно бројот на луѓе – жртви да биде помал.

Откако се развила криминологијата заради остварување на целта да се проучи, анализира определен криминалитет се дошло до спознание дека покрај анализирањето на сторителот на определено кривично дело вниманието треба да се сврти и кон анализирање и проучување на жртвите од причина што „во голем број случаи удел во криминалниот настан има и самиот објект на напад, жртвата.”[2] Жртвите на кривични дела, исто така треба да бидат заштитени и обештетени. За реализација на анализата, заштитата и оштетата на жртвите на сцена настапува новата научна дисциплина - науката за жртвите именувана со стручен термин виктимологија. „Виктимологија” е академска научна дисциплина која ги проучува податоците кои ги објаснуваат феноменот и каузалните врски поврзани со виктимизациите. Ова вклучува настани кои водат до виктимизација, искуството на жртвата, последиците од виктимизацијата и активностите преземени од општеството како реакции на тие виктимизации. Поради тоа, виктимологијата ги вклучува проучувањата на сторителите, ранливоста, настаните, влијанијата, закрепнувањата и реакциите на луѓето, организациите и културите поврзани со виктимизациите.”[3]

„Основна цел на викимологијата е доаѓање до такви научни сознанија за факторите на виктимизација (односно факторите на криминалитетот поврзани со жртвата), кои може да се употребат како основ за изградување на ефикасни превентивни мерки. Покрај тоа, нејзина цел е и доаѓање до што попотполни сознанија за последиците на виктимизација и проблемите со кои се жртвите се соочуваат после извршеното кривично дело. Општо земено, виктимологијата е денес сосредоточена на изучување: на виктимогените предиспозиции и улогата на жртвата во генезата на злосторот; факторите на виктимизација (примарни, секундарни и терцијарни); феномен на стравот од злосторот; фактори кои влијаат на одлуката на жртвата (и други лица) да го пријават злосторот; мерките за ублажување на последиците од виктимизацијата и превенција од виктимизацијата.”[4]

## Материјал и методи

Материјалот кој е користен за изработка на трудот се состои од научни трудови на домашни и странски автори, национални закони, странски весници. За составување на воведот се користени методот на анализа и методот на дескрипција. Во понатамошното излагање во трудот се осврнавме на употреба на методот на студија на случаи, методот на синтеза, методот на компилација, историската и генетичката метода споени заедно во делот за местото на виктимологијата, делфи метода во делот за иднината на виктимологијата, методите на истражување и квалитативните методи.

## Резултати и дискусија

### Предмет, место и поврзаност на виктимологијата со системот на науки

„Виктимологијата како академски термин содржи два елемента: првиот е латинскиот збор “Victima” кој се преведува како „жртва”. Другиот е грчкиот збор “logos”

---

[2] Камбовски, В. (2003): Казнено право - посебен дел, Скопје, стр. 27.
[3] Dussich, J. (2006) Victimology – Past, Present and Future page.118.
https://www.unafei.or.jp/publications/pdf/RS_No70/No70_12VE_Dussich.pdf
[4] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija – opšti deo, Beograd, str. 7.

кој значи систем на знаење, насоката на нешто апстрактно, насоката на учење, наука и дисциплина."[5]

Од аспект на предметот на виктимологијата сфаќањето во однос на жртвата има значење во потесна и во поширока смисла. Соединувањето на виктимологијата и криминологијата има назив криминална виктимологија, а самото соединување ја претставува потесната смисла на предметот на виктимологијата кај која постои ограничување на жртвата на кривичното дело и деликвенцијата. „Сфатена во поширока смисла виктимологијата се занимава со жртвите воопшто – жртвите на кривични дела и други казниви работи, жртвите на дискриминација, војни, несреќи и природни катастрофи. Се нарекува и општа виктимологија."[6] Или поедноставно кажано во оваа смисла „предмет на виктимологијата е жртвата на криминалиот чин и деликвенцијата."[7] Од друга страна, во поширока смисла имаме проучување на предметот на виктимологијата во однос на соочувањето на човекот со секојдневни настани поврзани со современите технологии, на политиката, насилството, миграциите и други облици на страдање кои можат да придонесат човекот да стане жртва на определено кривично дело. Според сфаќањето во поширока смисла виктимологијата е самостојна наука.

„Менделсон ја сфати Виктимологијата како нова дисциплина која се преклопува, но се одделуваа од криминологијата или од другите поврзани дисциплини, додека Фон Хентиг сметаше дека виктимологијата е поддисциплина на криминологијата. Покрај тоа, Менделсон не запре само со жртвите на криминал и разви теорија на „општа виктимологија", насочена кон „казнена виктимологија" што се занимава само со жртви на криминал."[8]

Од погоре наведеното може да констатираме дека постојат две концепции во врска со виктимологијата и тоа:

- Виктимологијата како дел од криминологијата;
- Виктимологијата со статус на самостојна наука.

Првата концепција е пошироко прифатена бидејќи на некој начин се одредени врските кои виктимологијата ги има со другите науки. Оттука, може да донесеме заклучок дека виктимологијата има поврзаност со кривичното право, кривичното процесно право и пенологијата.

Поврзаноста на виктимологијата со кривичното право се воочува преку одредбите кои дефинираат што е кривично дело и под кои околности постои можност кривично да се одговара за повреди и загрозување на добрата на други лица. Од друга страна влијанието на кривичното процесно право врз виктоимологијата е поврзано со жртвата на кривичното дело затоа што и се овозможува освен да го пријави кривичното дело и сторителот на тоа дело и да учествува во постапката на одлучување за кривичното дело. И за крај, поврзаноста на виктимологијата со пенологијата е во релација со виктимизацијата на осудениците и на установите каде што се извршуваат санкциите со цел да се хуманизират неприликите и околностите во кои тие лица живеат.

---

[5] Dussich, J. (2006) Victimology – Past, Present and Future page.116 https://www.unafei.or.jp/publications/pdf/RS_No70/No70_12VE_Dussich.pdf

[6] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, Beograd, str. 16.

[7] Арнаудовски, Љ. (2007): Криминологија, стр. 95.

[8] Ben – David, S., (2000) Victimology at the Transition From the 20th to the 21st Century page.55 https://www.ariel.ac.il/wp/sarah-ben-david/wp-content/uploads/sites/164/2020/02/victimology_at_the_transition.pdf

„Социјалните движења кои воделе грижа за проблемите на жртвата пораснале поради луѓето кои биле во потрага по решенија. Овие луѓе имале соништа како определена реформа би можело да биде реализирана. Тие соништа биле споделени и станале основата на семинални настани како платформи кои ги донеле овие пионери со слични идеи заедно. Клучните елементи кои дале сила на овие идеи биле моќта, логиката и страста произлезени од нивните зборови, нивните карактери и нивната упорност."[9] Така, се смета дека корените на виктимологијата ги има поставено во својот учебник „Принципи на криминологијата" американскиот криминолог Едвин Садерленд уште во далечната 1924 година. Пред да прерасне виктимологијата во 40-те години на минатиот век во научна дисциплина, биле направени многу научни трудови за истата и вистинското втемелување и развој најпрво се поврзуваат со германскиот психолог и криминолог Ханс фон Хентиг и израелскиот адвокат Бенџамин Менделсон**.** Најважно дело на Хентиг било „Криминалецот и неговата жртва: истражувања на социобиологијата на злосторот" од 1948 година со кое започнал систематски да ја испитува жртвата, ги ставил соодветните групи на жртви во преден план. Hans von Hentig (1948) предложил пообемна листа на 13 видови на жртви кои се фокусирани на биолошките, психолошките и социјалните фактори и кои ги направиле жртвите ранливи, тој ги нарекол преципитирачки жртви на криминалот. „Тоа биле: младите луѓе, жените, старите луѓе, луѓе со ментални нарушувања, имигрантите, малцинствата, депресивните луѓе, осамените луѓе и луѓето со скршени срца."[10]

Покрај Хентиг како што напоменавме и претходно во врска со развојот на виктимологијата придонел и Бенџамин Менделсон кој во 1947 година прв го употребил терминот виктимологија на француски јазик на собир на Романското психијатриско друштво во Букурешт и ги разгледал правните аспекти. Бенџамин Менделсон (1969) по одлуката за проширување на параметрите на неговата претходно ограничена криминална виктимологија во „проширена виктимологија", тој предложил пет категории на жртви кои одговараат на неговата нова парадигма. Тие биле 1. жртви на несреќи на работа; 2. жртви на сообраќајни несреќи; 3. „деликвентни" деца почнувајќи како жртви во нивните семејства при што завршуваат како прекршители на законот; 4. жртви на нацистите, исто така, жртви на геноцид воопшто; 5. жртви на други прекршители на закони (особено жртви на злоупотреба на страста и жртви на уцени).[11]

Првата употреба во литературата на англиското јазично подрачје на овој термин била направена од страна на „американскиот психијатар со германско потекло Фредерик Вердем во 1949 година во својата книга „Спектакал на насилство" (The Show of violence), означувајќи ја со тоа научната дисциплина која ги изучува белезите на жртвите на кривични дела."[12]

Во 70-те години на минатиот век се појавува академско интересирање за виктимолошките концепти, се прават обиди да се докаже дека е можно да постои придонес од страна на одредено лице за тоа да стане жртва на определено кривично дело, потоа на последиците од виктимизацијата, појавата на секундарна виктимизација.

Доказ за тоа е виктимологот Стефан Шафер кој во 1977 година кој извршил конекција на неговата книга со онаа на Хентиг при што креирал 7 категории на жртви.

---

[9] Dussich, J. (2015). The Evolution of International Victimology and its Current Status in the World Today. Revista de la Viktimologia / Journal of Victimology, DOI 10.12827/RVJV.1.02, page 42.

[10] Dussich, J. (2015). The Evolution of International Victimology and its Current Status in the World Today. Revista de la Viktimologia / Journal of Victimology, DOI 10.12827/RVJV.1.02, page. 49.

[11] Dussich, J. (2015). The Evolution of International Victimology and its Current Status in the World Today. Revista de la Viktimologia / Journal of Victimology, DOI 10.12827/RVJV.1.02, page.50.

[12] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, стр. 15.

„Тоа биле: неповрзани жртви, провокативни жртви, прециптирачки жртви, биолошки слаби жртви, социјално слаби жртви, жртви на самооштетување и политички жртви."[13]

Од претходно изнесеното во однос на она дека се прават обиди да се докаже дека е можно да постои придонес од страна на одредено лице за тоа да стане жртва на определено кривично дело, на последиците од виктимизацијата и појавата на секундарна виктимизација произлегува дека основни поими во виктимологијата се: виктимогените предиспозиции, жртвата и виктимизацијата.

Виктимогени предиспозиции - се обележја кои одреден субјект ги поседува и кои го изложуваат на трајна или привремена виктимизација на одреден тип криминално однесување. Обележјата кое определено лице го изложуваат на виктимизација можат да бидат биолошки, социјални или психички со што тоа лице го прават прилично ранливо. „Субјектот кај кој се присутни една или повеќе виктимогени предиспозиции обично се нарекува латентна жртва."[14]

Постојат неколку поделби на виктимогените предиспозиции според потеклото и според трајноста. Според потеклото се делат на: вродени (лични) во кои спаѓаат биолошките обележја (полот, возраста) и психичките карактеристики и дефицити (душевна заостанатост, сакатост, алкохолизам..) и на стекнати (социјални) кои се состојат, на пример од социјалните обележја. Додека, од друга страна според трајноста виктимогените предиспозиции можат да бидат трајни како што е полот, на пример и привремени како што се возраста, професијата, статусот, богатството, начинот на живот и друго.

Жртва – „Жртва означува секое физичко лице кое претрпело некакво зло, вклучувајќи и психичко и ментално нарушување, емоционално страдање или парична загуба, предизвикани со сторување или несторување (пропуштање), кое го крши кривичниот закон на државатачленка. Терминот „жртва" исто така ги вклучува, онаму каде што е соодветно, и потесните членови на семејството на жртвата, кои се во зависност од директната жртва."[15] „Под директна или примарна жртва се подразбира лице кое непосредно претрпело виктимизација (т.е. пасивен субјект на кривичното дело), додека индиректни или секундарни жртви вклучуваат лица од нејзиното блиско опкружување (членови на семејството и дриги блиски лица) кои патат и трпат психички, финансиски или социјални последици на злосторот."[16]

Виктимизација – „Под виктимизација подразбираме процес во кој  едно лице станува жртва на криминалниот чин, а самата состојба во која некој станал жртва, се одредува како виктимност."[17] Процесот на станување на жртва (виктимизација) во себе опфаќа три вида  и тоа: примарна, секундарна и терцијарна виктимизација.

„Примарната виктимизација подразбира трпење на телесна и душевна болка во текот на извршувањето на кривичното дело, како и штетата која настапува после неговото извршување. Со извршеното кривично дело жртвата може да претрпи материјална и нематеријална штета поради нанесените физички и психички повреди, одземените ствари, уништување или оштетување на имотот и повреда на други добра."[18]

„На последиците на примарната виктимизација понекогаш се надоврзуваат ефектите на секунданата виктимизација произлезени од неадекватното реагирање на

[13] Dussich, J. (2015). The Evolution of International Victimology and its Current Status in the World Today. Revista de la Viktimologia/ Journal of Victimology, DOI 10.12827/RVJV.1.02, page.53.

[14] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, str. 28.

[15] Ѓуркова Кошевалиска О.,Илиевски Ј., Нанев Л. (2014): Процедури за постапување со дете-жртва стр. 17.

[16] Karmen, A. (2007): Crime Victims: An Introduction to Victimology, Belmont page. 2.

[17] Арнаудовски, Љ. (2007): Криминологија, Скопје стр. 97.

[18] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, Beograd str. 133.

органите на формалната контрола на криминалитетот, како и негативниот однос на социјалното опкружување.”[19]

„Во контактот на професионалците со жртвата, секундарната виктимизација обично се произведува со неодговорното постапување кое вклучува:

- Стигматизација и обвинување на жртвите за она што им се случило. Тоа води до разорување на самодовербата на жртвата и чувство на социјална отфрленост;
- Негирање на значењето на настанот (т.е. порекнување на реалитетот на траумата). Недовербата спрема жртвата и површност во работата на преставниците на органите за формална социјална контрола произведува чувство на небезбедност, напуштеност, бесмисла и неправда кај жртвата;
- Реактивирање на траумата во текот на прибирањето и изведувањето на доказите во кривичната постапка со несензитивно постапување;
- Неадекватен третман на жртвата и нејзините потреби како учесник во кривичната постапка, што кај неа го зголемува чувството на небезбедност, искористеност и доживување на неправда.”[20]

И последниот вид на виктимизација е терцијарната која е синтеза на претходните два вида или процеси на виктимизација. Таа е предизвикувач на доживотна обележаност на лицето како жртва и најчесто се појавува кај сексулните деликти.

## Помош, поддршка и права на жртвите

„За да се заштитат лицата со права, тие мора да бидат напишани и признати од страна на судовите. Така е за правата на жртвите, мора да постојат и механизми кои ќе осигурат дека практичарите (полицијата, обвинителите, судиите и други) ја разбираат намерата на законите и се подготвени да ги применат верно во пракса.“[21]

Полицијата, јавниот обвинител и судот треба да внимаваат на своите постапки и да покажуваат грижа кон жртвите, укажувајќи им кои се нивните права и посветувајќи внимание на нивните интереси при донесувањето на одлуката. „Жртвите имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката, ако во времето на давањето на исказот се на возраст под 18 години; со давањето исказ или одговор на определено прашање би се изложиле себе си или блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет (загрозени жртви) и заради возраста, природата и последиците на кривичното дело, физичкиот или психичкиот инвалидитет или друга од значење здравствена состојба, општественото и културното минато, семејните околности, религиозните уверувања и етничката припадност на жртвата, однесувањето на обвинетиот, членовите на семејството или пријателите на обвинетиот кон жртвата би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје или негативно ќе влијае врз квалитетот на дадениот исказ (посебно чувствителни жртви).”[22]

Во права што им припаѓаат на жртвите спаѓаат: правото пред испитувањето жртвата да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествуваат како оштетен, правото да се бара исклучување на јавноста на главната расправа, правото да се бара испитување со помош на визуелно-тонски средства, правото да се биде испитувана од лице од исти пол во полицијата и во јавното

---

[19] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, Beograd str. 151.
[20] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, Beograd str. 152.
[21] Dussich, J. (2015). The Evolution of International Victimology and its Current Status in the World Today. Revista de la Viktimologia/ Journal of Victimology, DOI 10.12827/RVJV.1.02, page. 55-56.
[22] Закон за кривичната постапка, Сл. весник на Р. Македонија, бр. 150 од 18.11.2020 година, член 54.

обвинителство, правото да не одговори на прашања што се однесуваат на нејзиниот личен живот, а кои не се поврзани со кривичното дело и други.

„Иако криминалната виктимологија по правило претставува трауматично искуство, жртвите можат на неа различно да реагираат.“[23] „На жртвите на криминалитетот обично им се потребни информации за правата, емоционална поддршка, информации за службите чии услуги им стојат на располагање и упатување на службите и стручнаците со различни профили (адвокати, психолози, психијатри, социјални работници и д-р), а често во случај на технички кривични дела, и заштита од застрашувања, одмазда и ревиктимизација.“[24]

„Заради спречување или ублажување на секундарната виктимизација на жртвите е потребна емоционална поддршка во случај на појавување пред судот, потоа информации за текот на кривичната постапка, изгледот на судницата и начинот на кој се објавуваат одредени работи во постапката, за тоа што може да очекуваат, на кои мерки на заштита можат да сметаат и друго.“[25]

Со оглед на тоа што жртвите се изложени на виктимизација, односно на трауматично искуство тие имаат различни реакции, некои се способни самостојно да се изборат со последиците од кривичното дело, додека на други жртви им е потребно подржување и давање на помош од семејството, пријателите, емоционална поддршка при појавување пред судот, практични совети и интервенции во критични ситуации.

„Службите за поддршка и помош на жртвите работат од самиот почеток на принципите на заштита на достоинството и интересите на жртвата. Тие на жртвите им даваат посебни информации, емотивна поддршка, практично совети и помош, но и интервенција во кризните ситуации, финансиска, медицинска, правна, психолошка помош, како и упатување на други служби во случај кога тоа е потребно.”[26]

Кога велиме компензација и помош на жртвата меѓу другото мислиме и на снабдување со информации поврзани со нивните правата, за службите на кои ги користат услугите кои им се ставени на располагање, за ревиктимизација и слично. Одговор на бројните и сложени потреби на жртвите на некој криминалитет денес даваат како различните државни органи и установи, така и специјализирани невладини организации.[27]

## Национална и меѓународна рамка за заштита на правата на жртвите на криминалитет

Во однос на водењето на меѓународна грижа и заштита на положбата и правата на жртвата, може да се констатира дека за таа намена се користат меѓународните документи кои во најголем број се правно необврзувачки иако меѓу нив се наоѓаат и неколку регионални или универзални кои се правно обврзувачки документи. Првите се посветени на општото заштитување на жртвите, а вторите своето внимание го свртуваат кон посебните категории на жртви како што се жртвите на семејно насилство. „Два документи може да се сметаат за меѓународни предци на правата на нашите современи жртви: Магна Карта, потпишана од англискиот крал John во 1215 година за воспоставување на прв иот национален устав за заштита на граѓаните од злоупотреби на нефер владини практики со права; и Универзалната декларација за основните човекови

[23] Ćopić, S. (2007a). Službe za žrtve u Srbije: reyultati istraživanja, Temida, str. 13.
[24] Nikolić-Ristanovič, V. (2007). Razvoj službi za pomoć i podršku žrtvama kriminaliteta u Srbiji, Temida, str. 5.
[25] Nikolić-Ristanovič, V. (2007). Razvoj službi za pomoć i podršku žrtvama kriminaliteta u Srbiji, Temida, str. 5.
[26] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, str. 189.
[27] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, str. 161.

права на Обединетите нации, усвоена три години по завршувањето на Втората светска војна на 10 декември 1948 година за никогаш повеќе да не се дозволи човечко страдање од војна и геноцид. Првата реченица од нејзината Преамбула вели: Со оглед на тоа што признавањето на својственото достоинство и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човечкото семејство е темелот на слободата, правдата и мирот во светот."[28]

Правата на жртвите на криминалитетот се изведени од човековите права. Виктимизацијата по правило ја претставува повредата на човековите права и слободи, па затоа меѓународните документи за човековите права се донесени на ниво на Обединетите нации.[29] Посебна важност им е дадена на следниве документи за заштита на човековите права донесени на ниво на Обединетите нации: Универзалната декларација за човековите права (1948), Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права (1966), Меѓународен пакт за економските, социјални и културни права (1966), Конвенцијата на ОН за правата на детето (1989) и др. Но, како најзначајна се издвојува Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи (1950) со дополнителните протоколи. Од круцијално значење за заштита и грижа за жртвите на кривични дела на меѓународно ниво е и Светското друштво за виктимологија.

„Светското друштво за виктимологија е непрофитна, невладина организација со советодавен статус на Специјална категорија со Економскиот и социјален совет (ECOSOC) на Обединетите нации и Советот на Европа. Заедно со заедничка грижа за жртвите, нејзиното светско членство вклучува: практичари за помош на жртви, социјални научници, социјални работници, лекари, адвокати, државни службеници, волонтери, универзитетски академици од сите нивоа и студенти.

Целта на WSV е да ги унапреди виктимолошките истражувања и практики низ целиот свет; да се поттикне интердисциплинарна и компаративна работа и истражување во оваа област и да се унапреди соработката помеѓу меѓународните, националните, регионалните и локалните агенции и другите групи кои се занимаваат со проблемите на жртвите."[30]

„Каталогот на права кои се меѓународни норми предвидени за жртвите на криминалитет вклучува: право на добивање помош (итна и континуирана); право на безбедност (заштита на физичкиот и психичкиот интегритет); право на информираност; право да побараат ревизија на одлуките на надлежниот орган да не презема гонење на осомничениот; право на ефикасен пристап на правата и правдата; право на заштита на достоинството; право на заштита на приватниот и семејниот живот; право на сензитивно постапување (од страна на професионалците обучени за работа со жртвите) и право на репарација."[31]

Значајна е и Конвенцијата на ОН против мачење и други облици на нехумано и понижувачко постапување и казнување од 1984 година, поствувајќи барање до државите-членки да ја инкриминираат тортурата, да преземаат мерки против нејзина превенција, да овозможат таквите дела да бидат пријавени и да се осигураат дека секој случај ќе биде испитан без одлагање и непристрасно.[32]

Должност на државите е да овозможат заштита на лицата кои се осмелиле да пријават случај на тортура, но и заштита на  сведоците од закани и секој вид на лошо

---

[28] Dussich, J. (2015). The Evolution of International Victimology and its Current Status in the World Today. Revista de la Viktimologia/ Journal of Victimology, DOI 10.12827/RVJV.1.02, page. 56.

[29] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, Beograd стр. 163.

[30] https://www.thegirlgeneration.org/organisations/world-society-victimology-wsv, повеќе информации на веб страната на WSV http://www.worldsocietyofvictimology.org/welcome/who-we-are/

[31] Casadevante Romani, F. (2012) International Law of Victims, Heidelberg  page. 133.

[32] Ignjatović, Đ., Simeunović – Patič, B. (2015):Viktimilogija– opšti deo, Beograd str. 167.

постапување поради поднесената пријава или дадената изјава. Во случај на смрт, според актот на тортура, право на оштета имаат лицата кои таа ги издржувала.

Ова е наведено во Конвенцијата против мачење и други свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки во член 13 кој гласи:

„Сите држави потписнички ќе им осигураат на сите лица кои тврдат дека биле подложени на мачење на територијата која спаѓа под нивна јурисдикција, право да поднесат жалба до надлежните власти на соодветната држава која веднаш ќе пристапи кон испитување на нивниот случај. Ќе бидат преземени мерки за лицата кои поднеле жалба и сведоците да се заштитат од сите лоши третмани или застрашувања, поради поднесените жалби или каква било изјава која би можела да биде дадена.

1. Сите држави потписнички во својот правен систем ќе и` гарантираат на жртвата на мачење право да добие оштета и да биде праведно и соодветно обесштетена, вклучувајќи ги тука и средствата потребни за нејзино што побрзо закрепнување. Во случај жртвата да умре од последиците на мачењето, нејзините наследници имаат право на оштета.“

2. Овој член не исклучува ниедно право на оштета кое жртвата или кое било друго лице би го имале по националните закони.[33]

Во однос на нашата земја може да кажеме дека и таа прави напори за помош на жртвите во кривичните дела, за тоа доказ е следново тврдење на проф. д-р Гордана Лажетиќ и проф. д-р Александра Груевска Дракулевски во научната статија Виктимологијата во Република Северна Македонија:

„Во однос на жртвите од криминал, од голема важност е соопштението: „Насилна смрт во Република Северна Македонија“ што се објавува секоја година. Податоците се однесуваат на случаи на насилна смрт во Република Северна Македонија во однос на „несреќи“, „самоубиства“ и „убиства“, според пол и возраст. Следно, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија објавува „Статистички преглед: Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица“ за секоја година (првиот е за 2008 година, а последниот за 2017 година), кој содржи податоци за правата од социјална заштита на малолетни и на полнолетни корисници во 2016 година; податоци за установите за сместување деца и млади без родители и родителска грижа; за установите за згрижување лица со пречки во менталниот и во телесниот развој; установите за згрижување и деца и млади со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение; за установите домови за возрасни лица; за трговски друштва за вработување инвалиди, како и податоци за меѓуопштинските центри за социјална работа. Во овој Преглед се дадени и податоци за детски додатоци, како и податоци за родителски надоместоци за деца. Друга релевантна институција што третира прашања од областа на виктимологијата е Народниот правобранител на Република Северна Македонија. Во рамките на своите активности е и заштитата на правата на жртвите, а особено жртвите на семејно насилство, особено жените и децата; трговија со луѓе, а особено деца; мигранти и бегалци; жртви на дискриминација; заштита и поддршка на жртвите на тортура; заштита на деца жртви на физичко, психичко и сексуално вознемирување; итн. Народниот правобранител објавува „Годишни извештаи за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите права и слободи“, како и „Посебни извештаи“ во повеќе области на работење.”[34]

[33] Конвенција против мачење и други свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки стр. 4.
[34] http://maclc.mk/Upload/Documents/Microsoft%20Word%20-%20Lazetic%20i%20Gruevska%20viktimologija%20za%20Revija%202019_%D0%9B%D0%95%D0%9A.doc.pdf

## ЗАКЛУЧОК

Не смееме да го занемариме фактот дека ангажирањето и посветеноста на полицијата, судот и другите органи е на едно прилично скромно ниво на кое треба да се работи и да се спроведуваат повеќе обуки и едукации на лицата кои се во директен контакт со жртвите.

Поради суровата реалност низ која минува жртвата, наша замисла е да ја заинтригираме и поттикнеме јавноста ако не на светско ниво во најмала рака на локално ниво да почне повеќе да размислува и да вложува повеќе во превенцијата едно лице да не стане жртва на определено кривично дело, отколку подоцна да се грижи за неговите права како жртва. Или накратко „подобро да се спречи, отколку да се лечи“.

Освен нас за остварување на оваа замисла претходно се ангажирале и залагале стручњаците кои ги поставиле темелите во минатиот век на науката за жртвите која ќе ги проучува базите на податоци чија намена ќе биде објаснување на феноменот и последичните врски споени со виктимизациите – таа има назив виктимологија. Откако е формирана науката која ќе се грижи за правата на жртвите, потребно е таа во пракса навистина да функционира, а не само формално да постои на едно парче хартија. Меѓу истакнатите стручњаци кои придонеле за ова се Едвин Садерлед, Ханс фон Хентиг, Бенџамин Менделсон, Фредерик Вердем, Стефан Шафер. Овие стручњаци како основни поими во виктимологијата ги поставиле виктимогените предиспозиции, жртвата и виктимизацијата.

Иако сите напори се насочени кон тоа да нема жртви, не се целосно исклучени случаите едно лице да стане жртва. Кога лицето ќе стане жртва е потребно да ги ужива сите права како на пример правото на безбедност, право на ифнормраност, право на ефикасен пристап на правата и правдата, правото да се бара исклучување на јавноста на главната расправа, правото да се бара испитување со помош на визуелно-тонски средства, правото да се биде испитувана од лице од исти пол во полицијата и во јавното обвинителство и други.

На меѓународно ниво како предци во заштитата на жртвите на кривични дела и нивните права се сметаат Магна Карта и Универзалната декларација за основните човекови права на Обединетите нации. За ова придонесуваат и Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (1966), Меѓународниот пакт за економските, социјални и културни права (1966) како и Светското друштво за виктимологија.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Арнаудовски Љ. (2007): Криминологија.

Ben – David, S., (2000) Victimology at the Transition From the 20th to the 21st Century https://www.ariel.ac.il/wp/sarah-ben-david/wp-content/uploads/sites/164/2020/02/victimology_at_the_transition.pdf

Casadevante Romani, F. (2012) International Law of Victims, Heidelberg

Dussich, J. (2006) Victimology – Past, Present and Future https://www.unafei.or.jp/publications/pdf/RS_No70/No70_12VE_Dussich.pdf

Dussich, J. (2015). The Evolution of International Victimology and its Current Status in the World Today. Revista de la Viktimologia/ Journal of Victimology, DOI 10.12827/RVJV.1.02.

Ѓуркова Кошевалиска О.,Илиевски Ј., Нанев Л. (2014):Процедури за постапување со дете-жртва.

Закон за кривичната постапка, Сл. весник на Р. Македонија, бр. 150 од 18.11.2020 година.

Игњатовиќ Џ., Симеуновиќ – Патиќ Б. (2015): Виктимологија – општ дел.

Камбовски, В. (2003): Казнено право - посебен дел.
Конвенција против мачење и други свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки. - http://healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/%D0%9EN/7%20-%20%D0%9A%D0%BE%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2%20%D0%BC%D0%B0%D1%87%D0%B5%D1%9A%D0%B5%20%D0%B8%20%D0%B4%D1%80%D1%83%D0%B3%D0%B8%20%D1%81%D0%B2%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%B8,%20%D0%BD%D0%B5%D1%85%D1%83%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%BB%D0%B8%20%D0%BF%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B8%20%D0%BA%D0%B0%D0%B7%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%BB%D0%B8%20%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BA%D0%B8.pdf
Karmen, A. (2007): Crime Victims: An Introduction to Victimology
https://www.thegirlgeneration.org/organisations/world-society-victimology-wsv
http://maclc.mk/Upload/Documents/Microsoft%20Word%20-%20Lazetic%20i%20Gruevska%20viktimologija%20za%20Revija%202019_%D0%9B%D0%95%D0%9A.doc.pdf